ISSN 0351-0220

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MINISTRY OF INTERNAL AFFAIRS

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ

# БЕЗБЕДНОСТ

INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL

# SECURITY

БР. 1/2019

ГОДИНА LIX БРОЈ 1, СКОПЈЕ, ЈУНИ 2019 ГОДИНА

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СТРУЧНО СПИСАНИЕ БЕЗБЕДНОСТ 1/19

ISSN 0351-0220

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ**

# БЕЗБЕДНОСТ

## БР. 1 / 2019

**ГОДИНА LIX БРОЈ 1, СКОПЈЕ, ЈУНИ 2019 ГОДИНА**

**Скопје, 2019**

**Издавач:**
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија

**За издавачот:**
Оливер Спасовски, Министер

**Главен и одговорен уредник:**
Никола Дујовски

**Заменик главен и одговорен уредник:**
Агим Нихиу

**Меѓународен уредувачки одбор:**
Оливер Бачановиќ,
Цане Мојаноски,
Наташа Пеливанова,
Снежана Мојсоска,
Фросина Ташевска Ременски,
Трпе Стојановски,
Марина Митревска,
Тони Дескоски,
Гордана Лажетиќ,
Наташа Габер Дамјановска,
Агим Рамадани,
Ќебир Авзиу,
---------------------------------------------
Дане Субашиќ
Владимир Цветковиќ
Соња Циндори
Андреј Сотлар
Нецат Корајлиќ
Премисил Росулек
Детлеф Шредер
Норберт Лајтнер
Билбил Мемеј
Исмаил Шмакиќи
Неделчо Лазаров Стојчев
Крунослав Боровац

Никица Петрушевски, секретар на Меѓународен уредувачки одбор

**Техничка обработка:**
Оливера Трајанова Ѓорѓијовски
Кемал Рушид

**Лектура:**
Елена Георгиевска

**Печати:** Графо Пром - Битола

**Тираж:** 300 примероци

# С О Д Р Ж И Н А:

**ОЛИВЕР СПАСОВСКИ**
ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ........................................................................................7

**НИКОЛА ДУЈОВСКИ**
ЗА ИДЕЈАТА ЗА ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА НАУЧНОТО СПИСАНИЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ .....................................................15

**АГИМ НУХИУ**
ОСВРТ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА ПРОФИЛИРАЊЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ.......................................................................................25

**ЉУПЧО АРНАУДОВСКИ**
КОН НОВОТО СПИСАНИЕ „БЕЗБЕДНОСТ“ ..........................................................31

**САШО ТАСЕВСКИ**
СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ ..........................39

**ТОНИ АНГЕЛОВСКИ**
ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА..........................51

**САНДЕ СМИЉАНОВ**
ПРОТОКОЛ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ........................55

**БРАНКО ТРАЈАНОВСКИ**
ПЕРСПЕКТИВИ ВО РАЗВОЈОТ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ЕДИНИЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.........................................................................................................69

**МАРЈАН КОЦЕВ**
ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКА ПОЛИЦИЈА .....................................................91

**САЛИ САЛИЈА**
СЕКТОР ЗА ПОЛИЦИСКИ РАБОТИ ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ .......................101

**ТОНИ СТАНКОВСКИ**
КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ ..................................................................115

**ЖАКЛИНА ПРОСАРОСКА**
РАЗВОЈ НА КОНЦЕПТОТ ЗА ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА („COMMUNITYPOLICING“) ..........................................................................127

**ЈУЛИЈА ПОПОВСКА АЛЕКСАНДРОВСКА**
ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ И АНАЛИЗА ......................138

**ГАБРИЕЛА КОСКОСКА**
ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО ТЕХНИЧКИ ИСПИТУВАЊА И ВЕШТАЧЕЊА ........................................................................................................................ 145

**ВИОЛЕТА ВЛАХОВИЌ**
ОДДЕЛ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ. 151

**Оливер СПАСОВСКИ**
**Заменик Претседател на Владата и Министер за внатрешни работи**
**Претседател на Меѓународниот уредувачки одбор**
**на Меѓународното научно списание„БЕЗБЕДНОСТ“**

## ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ

Почитувани колешки и колеги,
припадници на Министерството за внатрешни работи,

Со задоволство и чест Ви се обраќам во првиот број од возобновеното меѓународно научно списание „Безбедност“ на Министерството за внатрешни работи.

Особено ме радува фактот што реализираме уште една заедничка идеја која има за цел да ги поддржи процесот на реформи и развојот на Министерството за внатрешни работи. Напредокот на општеството и приликите во кои функционира современата полициска служба се тесно поврзани со развојот на научните достигнувања и истражувања кои се спроведуваат во областа на безбедноста. Токму затоа во изминатиот период посветивме огромно внимание на приближување на научните истражувања и резултати во секојдневното полициско работење. Министерството се отвори за научната јавност и овозможи да се спроведуваат бројни научноистражувачки проекти, од чии извештаи и резултати се креираат и плановите за идното полициско постапување. Поттикнати од доброто искуство и реалните потреби, ја прифативме идејата за повторно издавање на списание наменето, пред сé, за вработените во Полицијата и Министерствотоза внатрешни работи. Во Министерството за внатрешни работи во периодот од 1960до 1998 година се издаваше списанието „Безбедност“ кое остави соодветен белег на развојот на полициската наука и полициската практика во државата. Свесни за потребата од поттикнување и промовирање на истражувачкиот карактер на професијата, како и исполнување на современите светски стандарди во полициското работење, донесовме одлука по период од две децении да го возобновиме научно-стручното списание на Министерството за внатрешни работи „Безбедност“.

Меѓународното научно списание „Безбедност“ ќе биде списание во кое научните работници (не само од областа на безбедноста) ќе бидат добредојдени да ги објавуваат резултатите од своите истражувања и да ги презентираат современите светски достигнувања во науката за

безбедноста. Исто така, практичарите во Министерството за внатрешни работи ќе имаат простор да ги објават своите текстови кои се однесуваат на полициските активности и проекти кои се значајни за развојот на полициската професија. Се надевам дека поврзаноста помеѓу теоријата и практиката уште повеќе ќе биде зајакната и дека можноста која се отвора со списанието „Безбедност"во најголема мера ќе ја искористиме за личен и професионален развој на секој припадник на Министерството за внатрешни работи. Според предлогот на Меѓународниот уредувачки одбор, списанието ќе излегува и на англиски јазик, а по исполнување на предвидените рокови и стандарди ќе биде предложено за индексирање во некои од познатите светски бази на податоци. Со тоа ќе обезбедиме поголема видливост и препознатливост на Министерствотоза внатрешни работи и на Полицијата и ќе бидеме на истиот пат по кој чекорат полициските служби на повеќето земји членки на Европската Унија, а, се разбира, и со земјите во регионот.

Почитувани,

Република Северна Македонија е во многу чувствителен период од развојот на самото општество. Се наоѓаме во период кога треба да се направат последните чекори и последните промени, пред државата да стане полноправна членка на НАТО-алијансата и пред да го добие датумот за почеток на преговори за членство во Европската Унија. Ова би требало да претставува пресвртница на развојот на македонската држава, особено поради фактот што членството во НАТО и Европската Унија ќе претставува сосема поразличен пристап кон извршувањето на работите на државатаи за неа. Истото ќе овозможи компетитивност и фер натпревар за бројнитефакториво општествените односи, но и ќе воспостави, ќе гради и ќе одржува повисоки стандарди на практикување на власта во повеќе сфери на општественото живеење.

Стратешките планови на раководството на Министерството за внатрешни работи се тесно поврзани со основните постулати и планови за развојот на државата. Цврсто сме уверени дека напредокот на Република Северна Македонија, подобриот животен стандард и благосостојбата на граѓаните нераскинливо сеповрзани со нашите стратешки цели – членството во НАТО и во Европската Унија. Исполнувањето на критериумите за членство во НАТО, а особено во Европската Унија, позитивно ќе влијае вообласта на безбедноста, а ќе го поддржи и поттикне развојот и на сите другисфери на општественото

живеење. Токму затоа, посветено работиме за да ги достигнеме минимум потребните стандарди и да ги имплементираме модерните европски политики во раководењето во Полицијата, секогаш свесни за карактеристиките, приликите и силните страни со кои се одликува македонската полиција и безбедносните служби во целина.

Токму затоа, како еден од приоритетите за заздравување на општеството ги поставивме реформите во безбедносниот сектор. Свесни сме дека овој сектор беше еден од најзасегнатите во периодот пред политичката криза од 2015 година. Полицијата и другите служби во Министерствотоза внатрешни работи поминаа низ тежок процес во кој бевме сведоци на тенденциозно уривање на најважните постулати на кои почива општеството: гаранцијата на човековите права и слободи, заштитата на уставниот поредок, борбата против криминалот, заштитата на безбедноста и имотот на граѓаните итн. Она што со години station наназад го воочуваше нашата јавност, особено стручната јавност од областа на безбедноста, а во континуитет ни беше и укажувано, сугерирано, предлагано и од страна на нашите западни партнери, првенствено,од Европската Унија и НАТО, но и од други релевантни меѓународни организации и асоцијации – во поглед на конкретните слабости и проблеми во безбедносната сфера, мораше да биде анулирано брзо, сеопфатно ида претрпи коренити промени.

Должни сме пред граѓаните и пред македонското општество да ставиме акцент на професионализмот на Министерствотоза внатрешни работи, на реформите, на понатамошно зајакнување на капацитетите и подготовка за имплементацијата на европските стандарди. Презедовме бројни чекори во насока на подобрување на законската регулатива.Целиот процес започна од Министерството за внатрешни работи какосуштински носител на новата реформирана безбедносна политика и стратегија.При започнувањето на тој обемен процес, клучнобеше јасното дефинирање на правците и приоритетите на реформирање на Министерството, земајќи гипредвид сите важни инпути како што се актуелната внатрешна и институционална состојба, регионалните и меѓународни позиции, околностите и трендовите. Проценитe до коишто дојдовме недвосмислено ни укажаа на потребата од итно нормативно-организациско редефинирање на безбедносниот сегмент како општа рамка од којашто понатаму треба да се продолжи кон професионално, стручно и техничко реформирање.

Тргнувајќи од сето тоа, а надополнето со анализираните препораки на нашите партнери од Европската Унија и НАТО, го започнавме процесот на реформи, со цел институцијата конечно да го

заземе своето објективно место во системот. Притоа, реформата во Министерството за внатрешни работи, беше нотирана во самиот врв на приоритети на Владата на Република Северна Македонија не само поради нејзиното значење по однос на нашите евроатлантски интегративни цели, туку и поради општото стабилизирање на внатрешните состојби обременети, меѓу другото, и од недопустливото влијание на политичките и други интереси манифестирани преку дерогираниот безбедносен систем, примарно, Управата за безбедност и контраразузнавање, а посебно делот од истата задолжен за таканареченото следење на комуникациите.

Во тој контекст беа формирани работни групи кои имаа за цел подготовка на нормативни измени преку кои беше воспоставена стриктна законска регулација во областа на следењето на комуникациите, притоа, втемелувајќи ја таквата регулација врз основа на сите општоприфатени западни законски стандарди и принципи, почнувајќи од заштитата на човековите права и слободи до прецизната процедурална поставеност наорганите. Формирањето на новата институција, Оперативно техничката агенција (ОТА) - задолжена за следење на комуникациите надвор од надлежностите на Министерството за внатрешни работи, односно Управата за безбедност и контраразузнавање, беше првиот чекор во суштинскоторедизајнирање на безбедносниот систем, со којшто, во конкретниот случај, примарно требаше да се елиминира секое сомневање во злоупотребата на следењето на комуникациите, особено на политичката злоупотреба.

Гледанопо редослед, формирањето на ОТА, како нужна потреба, дополнително аргументирана и во извонредно квалитетните извештајни анализи и предлози на европската експертска група предводена од германскиот професор и дипломат Рајнхард Прибе, беше првата фаза, после којашто следеше нормативното и организациското реструктурирање на самата Управа за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи. Имено, од суштинска важност за нас беше целосното врамување во правниот поредок на работата и функционирањето на сегментот на тајните служби, со што дефинитивно би се избегнале сите можности тој да генерира нови негативни консеквенции. Новото законско решение за безбедносната служба за внатрешно разузнавање, односно Агенцијата за национална безбедност (АНБ) како своевиден наследник на досегашната Управа за безбедност и контраразузнавање е веќе во сила, избран е првиот директор и истата ќе стане оперативна на 1 септември оваа година.

Она што е особено значајно, а што е плод и на поширока стручна опсервација, втемелена и врз основа на компаративните искуства од земјите на Европската Унија, е воспоставувањето на стандарди коишто ќе овозможат баланс меѓу максималната законитост, од една страна, со максимална ефикасност и функционалност на новата агенција, од друга страна, а сето тоа надвор од постојниот систем, на Министерството за внатрешни работи, како институција.

Посветено работиме на изградба на полициски систем којшто организацискиќе биде современо конципиран, материјално-технички квалитетно опремен, стручно и професионално фундиран да одговори на сите предизвици во делот на јавната безбедност, односно спротивставување кон сите форми и видови на криминал, заштита на сигурноста, мирот и материјалните добра на граѓаните како целосно нивен сервис, потоа функционален и ефикасен граничен надзор и контрола, како и ефикасни граѓанско-управни услуги. Ова, како и сé што досега презедовме ќе го реализираме транспарентно, одговорно, ползувајќи ги сите јавни и експертски укажувања, сугестии и идеи.

Дозволете ми во првиот број на меѓународното научно списание „Безбедност“ да ги најавам и процесите кои ги отвораме во наредниот период, а ќе имаат за цел дополнително да ги зајакнат човечките капацитети во Министерствотоза внатрешни работи. Подолго време внимателно ја анализираме потребата од спроведување на таканаречен „ветинг“ во полицијата, односно во Министерството за внатрешни работи. Внимаваме на секој детаљ во планирањето на идното законско решение, свесни сме дека само така ќе обезбедиме квалитет на целиот процес кој треба да биде препознаен и прифатен од сите припадници на Министерствотоза внатрешни работи. Сепак, полицијата е само еден дел од целокупниот систем на спроведување на законот и од органите на прогонот и токму затоа се залагаме процесот на „ветинг“ да не се спроведува само и единствено во Министерството за внатрешни работи, туку да ги опфати и другите органи на прогонот, пред сé, судството и Јавното обвинителство, но и другите служби со полициски овластувања како што се - Царинската управа, Управата за финансиска полиција и други. Само низ таков процес во кој ќе бидат проверени и „проветрени“ вработените во целиот систем на спроведување на законот ќе обезбедиме целисходност и квалитет во извршувањето на работите. Силно ќе се поддржат процесите на професионализација, департизација, деполитизација, па ако сакате и на декриминализација на општеството.

Процесот на „ветинг“ ќе има неколку особено значајни фази, а сé со една единствена цел - да ги оддели „чесните“ од „нечесните“. Имено,

низ тој процес ќе бидат направени административни проверки на стекнатото образование кај припадниците на полицијата како и системот на напредување во кариерата, потоа нивната имотна состојба и ангажманите кои не се поврзани со вршењето на полициската професија и, трето, интегритетот и професионализмот во извршувањето на полициските работи. Ова се основните принципи на кои ќе се темели идното законско решение за спроведување на „ветинг“. Ги следиме најдобрите практики кои веќе ги спровеле земјите во регионот (искуството во западните демократии е скромно од едноставен факт што таму речиси никогаш не се соочиле со таква криминализација и загрозување на безбедносниот систем како што тоа е случај кај нас во изминатиот период), а истовремено соработуваме со сите релевантни меѓународни фактори кои можат да помогнат во развојот на полициската професија. Овде, пред сé, мислам на ОБСЕ, на Европската Унија, на Советот на Европа и на другите организации кои ја поддржуваат работата на полициските органи. Очекувам дека и вклучувањето на научната фела многу ќе придонесе за квалитетното законско решение, особено за изнаоѓање на модел заснован на претходните искуства, но кој ќе одговара на македонските прилики, потреби и можности.

Затоа, Ве повикувам да помогнете со Вашите предлози и идеи и целосно и посветено да се вклучите во овој, за нас и за нашето општество, исклучително значаен процес, кој ќе има за цел да го професионализира до најголема можна мера државниот апарат и услугите кои тој ги нуди на граѓаните. Декриминализацијата на полицијата и на сите безбедносни служби е процес кој мора да биде спроведен без одлагање и со јасни и цврсти определби дека ниту еден вработен кој нема да биде целосно посветен на законито и чесно извршување на задачите неможе да очекува понатамошен ангажман во полицијата. Законите мора да се почитуваат, првенствено, од оние кои ги спроведуваат. Само така ќе обезбедиме систем во кој граѓаните ќе имаат доверба и ќе се чувствуваат слободни, безбедни и сигурни. А само слободниот човек размислува слободно и може да ги планира идните чекори за личен и професионален развој во слободно и демократско опкружување.

Би сакал на крајот да ја изразам мојата лична посветеност на спроведувањето на квалитетните и добри идеи за развој на полицијата во Република Северна Македонија, за каква што ја сметам и идејата за меѓународното научно списание на Министерството за внатрешни работи „Безбедност“. Им се заблагодарувам на членовите на

Меѓународниот уредувачки одбор кои со своите идеи и искуство придонесоа страниците пред Вас да бидат отворен прозорец на македонската полиција кон општеството и кон светот. Се надевам дека нивното знаење и посветеност на списанието ќе ни ги донесе најдобрите светски практики, преку кои ќе ги мериме нашите достигнувања со современите полициски служби, а ќе овозможиме квалитетно и навремено информирање за сите во Полицијата со најзначајните активности и процеси во Министерствотоза внатрешни работи.

На крајот, реформите се неизбежен дел од посветеноста во работењето на нашата генерација политичари, практичари и научни работници. Се наоѓаме во период во кој поединецот може многу да придонесе за личниот, но и за институционалниот развој. Ве поттикнувам да градиме партнерски однос и да ги постигнеме целите за кои се залагаме и во првиот број од меѓународното научно списание „Безбедност“. Посакувам да изградиме општество во кое професионалноста и посветеноста ќе бидат водилка до креирањето на успешните стратегиски политики за развој на Министерството за внатрешни работи. Јас и тимот кој го предводам во Министерството се залагаме за систем кој ќе биде заснован на објективни процедури и на кој субјективниот фактор ќе влијае само онолку колку што е неопходно да се забрза или зајакне процесот на квалитетно извршување на работите.

На сите припадници на полицијата и на Министерствотоза внатрешни работи, Ви посакувам да работите и да живеете токму во таков свет.

Со почит,

ОЛИВЕР СПАСОВСКИ
претседател на меѓународниот уредувачки одбор на
меѓународното научно списание „БЕЗБЕДНОСТ“

**Никола ДУЈОВСКИ**
**Декан на ФАКУЛТЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ,**
**главен и одговорен уредник на Меѓународното научно списание „Безбедност“**

# ЗА ИДЕЈАТА ЗА ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА НАУЧНОТО СПИСАНИЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Безбедноста е еден од најзначјните предизвици на патот кон европските интеграции. Впрочем, еден од основните постулати на членството во НАТО (покрај надворешната политика и одбраната) е и безбедноста, односно институциите од безбедносниот систем во државата. Повеќе институции, меѓу кои и Министерството за внатрешни работи, ќе имаат зајакнати обврски во однос на исполнувањето на НАТО стандардите, особено во делот на соработката при размената на безбедносни информации. Од друга страна, пак, членството во Европската Унија можеби е уште посилно изразено преку прашањето на безбедноста. И во процесот на преговори за членство, Република Северна Македонија, односно нејзините институции ќе треба да покажат особена зрелост во повеќе поглавја, од кои најсуштинско за Министерството за внатрешни работи и безбедноста е Поглавјето 24 кое се однесува на Правда, слобода и безбедност. Секако, добар дел од активностите во областа на безбедноста се препознаваат и во Поглавјето 23 – Правосудство и фундаментални права, и Поглавјето 31 – Надворешна безбедносна и одбранбена политика и други. Сепак, почетокот на преговорите е условен од одлуки кои треба да ги донесат телата и институциите на Европската Унија, но во меѓувреме потребно е да се подготвуваат поединците и институциите во државата за што поподготвени да го започнеме аналитичкиот преглед на законодавството, а потоа и самиот процес на преговори за членство во Европската Унија.[1]

Во целиот процес ќе биде особено важно да ги користиме сите можни капацитети во државата, да го цениме и почитуваме минатото искуство и на основа на најдобрите практики да ја градиме политиката на идните решенија. Токму таков е примерот со стручното списание на Министерството за внатрешни работи, кое во различни периоди и со

[1]Значајно е да се напомни дека не станува збор за класични преговори за членство, туку целиот процес претставува техничко договарање за начинот, условите и роковите за преземање на законодавството на Унијата.

различни имиња опстојуваше во периодот од 1960 до 1998 година. Таквото научно-стручно списание претставуваше вистинска можност на вработените во Министерството за внатрешни работи, но и на научните работници во оваа област да ги објавуваат своите трудови со последните достигнувања на науката и технолошкиот развој. Искуството од тоа списание е исклучително позитивно, а дел од објавените трудови се актуелни и до денешен ден. Воедно, списанието претставуваше добра можност да се промовира науката и користењето на научните аспекти во развојот на полицијата и полициската професија во Република Македонија. Исто така, на просторите на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, списанието претставуваше едно од најзначајните, најцитираните и најпрепознатливите научно-стручни списанија, а неретко во него објавувале и многу значајни светски научни работници, експерти во областа на безбедноста, но и политичари, дипломати итн. Соочувајќи се со бројни тешкотии и предизвици, списанието остави силен белег на развојот на научната мисла од областа на безбедноста во Република Македонија, а даде и голем придонес за поврзување на науката и практиката, особено преку презентацијата на последните светски научни сознанија и нивно практикување во секојдневното работење на Министерството за внатрешни работи. Особено е значаен периодот кога списанието е познато како Ревија за криминалистика, криминологија и кривично право „Безбедност“ кое излегуваше во периодот од 1991 до 1998 година и беше сведок на развојот на полициската професија во првите години по осамостојувањето на државата. Сведоци сме дека во тој период, покрај ова научно-стручно списание, во Министерството се објавуваа и други стручни списанија кои имаа ревијален карактер или имаа за цел да ги информираат и запознаваат припадниците на полицијата со најзначајните активности на Министерството, со процесот на реформи, а дел од нив имаа дури и забавен карактер.

За жал, во изминатите две децении, веројатно, од бројни (оправдани, но и неоправдани) причини Министерството за внатрешни работи немаше свое научно, ниту стручно списание. Таквата празнина овозможи Министерството да нема начин да се доближи до пошироката читателска публика со цел да ги прикаже своите активности, да ги стави на увид на јавноста и да сведочи за степенот на развој за соодветниот период. Ова индиректно влијаеше и на сите негативни процеси кои се случуваа во Министерството во изминатиот период, особено имајќи ги предвид професионализацијата, развојот на полициската практика како

и исполнувањето на европските и светските стандарди на полициско работење.

Поттикнати од значајниот период во кој се наоѓа Република Северна Македонија, особено неопходната потреба за реформи на институциите од областа на безбедноста, како и за дополнителна поддршка на развојот на Министерството за внатрешни работи, предложивме издавање на научно списание на Министерството за внатрешни работи – „БЕЗБЕДНОСТ“.

**Меѓународни искуства**

При подготовката на предлогот за издавање на списанието се водевме од најдобрите светски практики за научни списанија, предложивме модел на списание кое најмногу ќе одговара на приликите и околностите во Министерството за внатрешни работи, како и на актуелните случувања во државата.

Имајќи ги предвид европските и искуствата на земјите од регионот, ја поддржавме идејата да се возобнови списанието, сега како меѓународно научно списание „Безбедност“. Повеќето европски држави, како и сите земји од регионот, во рамките на полициските служби имаат научни списанија со своја традиција и соодветно влијание според меѓународните стандарди, а каде се третираат прашања тесно поврзани со развојот на полициската професија. Особено внимание се посветува на развојот на науките од областа на безбедноста, пред сè, на криминалистиката, криминологијата, полициските науки, националната и меѓународната безбедност итн.

На пример, во Република Србија постои списанието „Безбедност“ кое излегува од 1959 година (речиси во исто време кога започна да излегува и нашето списание). Истото излегува два пати годишно како научно и стручно списание на Министерството за внатрешни работи.[2]

Во Босна и Херцеговина во Република Српска од 2005 година Министерството за внатрешни работи издава списание „Безбедност, полиција, граѓани“. Списанието излегува два пати годишно.[3]

---

[2]Повеќе информации за списанието „Безбедност“ на Министерството за внатрешни работи на Република Србија на http://prezentacije.mup.gov.rs/upravazaobrazovanje/bezbednost.html, пристапено на 11 април 2019 година.

[3]Повеќе информации за списанието „Безбедност, полиција, граѓани“ на Министерството за внатрешни работи на Република Српска, Босна и Херцеговина на

Во Република Хрватскауште од далечната 1953 година се издава списанието „Полиција и безбедност“ кое во периодот од 1953 до 1991 година е познато како „Прирачник за стручно оспособување на припадниците на органите за внатрешни работи“. Во него се обработуваат многу теми за полициското работење и има за цел да им овозможи практична и стручна помош на полициските службеници во решавањето на полициските задачи. Значајно е да се обележи дека списанието „Полиција и безбедност“ е индексирано во базите на податоци Ulricʾh Periodicals Directory и Elektronische Zeitschriften-bibliothek/Elektronic Journals Library, а од 2017 година и во Web Scince Core Collection цитираните индекси и Curent Contents што сведочи за неговиот квалитет и препознатливост кај пошироката јавност. Ова списание излегува четири пати во годината.[4]

Во Република Словенија, пак, од 1952 година се издава ревијата „Безбедност“, како научно-стручно списание на Министерството за внатрешни работи. Во него има теми кои се поврзани со секојдневното полициско работење, различни промотивни активности, прослави и други активности на полицијата и Министерството, а, се разбира, и научни трудови во кои се претставуваат најзначајните новини во безбедносните науки. Ревијата излегува четири пати годишно.[5]

Во Република Австрија повеќе од 70 години се издава списанието „Журнал за полициски науки и полициска практика“. Тоа претставува комбинација од научни и стручни текстови преку кои австриската полиција ги следи светските стандарди и достигнувања и со австриската и светската јавност ги споделува најзначајните научни откритија во полициските науки. Списанието излегува еднаш годишно.[6]

---

http://education.muprs.org/casopis-bezbjednost-policija-gradjani/, пристапено на 11 април 2019 година.

[4]Повеќе информации за списанието „Полиција и безбедност“ на Министерството за внатрешни работи на Република Хрватска на https://mup.gov.hr/pristup-informacijama-16/e-knjiznica/casopis-policija-i-sigurnost-282232/282232, пристапено на 11 април 2019 година.

[5]Повеќе информации за списанието „Безбедност“ на Министерството за внатрешни работи на Република Словенија на http://www.mnz.gov.si/fileadmin/mnz.gov.si/pageuploads/VARNOST/Varnost_1_2019__1_.pdf, пристапено на 11 април 2019 година.

[6]Повеќе информации за списанието „Журнал за полициски науки и полициска практика“ на Министерството за внатрешни работи на Република Австрија на https://www.bmi.gv.at/104/Wissenschaft_und_Forschung/SIAK-Journal/start.aspx, пристапено на 11 април 2019 година.

Во Чешката Република, од 1995 година Полициската академија издава меѓународно научно списание „Безбедност – теорија и практика" кое од 2005 година излегува четири пати годишно, а од 2016 година е регистрирано во Меѓународната база на податоци ERIH PLUS.[7]

Во Унгарија, од 1990 година се објавува списание на Полицијата и агенциите за спроведување на законот, во кое преку критички осврт и висококвалитетни научни истражувања се дава поддршка на цивилното општество, добросостојбата и безбедноста, различните заедници и индивидуи. Списанието има за цел да ги исполни очекувањата на сите агенции за спроведување на законот и да обработува прашања значајни за нив, а особено внимание се посветува на соработката помеѓу полицијата и граѓаните. Списанието се објавува шест пати годишно и досега не е индексирано во меѓународните бази на податоци.[8]

**Предмет на интерес**

Постојат и бројни други искуства од повеќето европски земји кои ги имавме предвид при предлагањето на идејата за возобновување на научното списание на Министерството за внатрешни работи. Почитувајќи ја богатата традиција и речиси четиридецениското опстојување на списанието „Безбедност", се одлучивме да продолжиме во насока на исполнување на целите и идеите на тоа списание. Во наредниот период ќе се посветиме на развојот на полициската теорија и практика преку научни истражувања чиишто резултати ќе бидат ставени во функција на подобрување на практиките во Министерството. Особено внимание ќе биде посветено на сите научни дисциплини кои се тесно поврзани со безбедносните науки, како и на други научни дисциплини преку кои ќе се одговори на спецификите на различните организациски единици на Министерството за внатрешни работи.

Имајќи ја предвид законски утврдената надлежност на Министерството, како и поставеноста на органите во состав на Министерството, но водејќи се и од Уредбата на Владата на Република Македонија за класификација на научно-истражувачките подрачја,

---

[7]Повеќе информации за списанието „Безбедност – теорија и практика " на Министерството за внатрешни работи на Чешката Република на https://www.polac.cz/g2/view.php?periodik_n/en/introen.html, пристапено на 11 април 2019 година.

[8] Повеќе информации за списанието „Полиција" на Унгарската полиција и агенциите за спроведување на законот на https://en.uni-nke.hu/research/scientific-journals, пристапено на 11 април 2019 година.

полиња и области според Меѓународната Фраскатиева класификација,[9] списанието особено ќе ги промовира и поттикнува следните подрачја, односно полиња:

Од научното подрачје - Општествени науки ќе бидат обработувани полињата:

Безбедност, Политички науки, Правни науки, Јавна управа и администрација, Економски науки, Одбрана, Организациски науки и управување.

Од научното подрачје - Природно-математички науки ќе бидат обработувани полињата:

Биологија, Физика, Хемија, Информатика.

Ваквата широка поставеност на научни подрачја и полиња на истражување, на вработените во Министерството но и на научните работници од земјата и од странство, ќе им овозможи да дадат свој придонес кон развојот на научната мисла за безбедност и на Министерството. Секако, останува широкиот пристап на науката, во кој може да бидат вклучени и трудови од другите области, ако се во согласност со целите и политиките на Министерството и ги истакнуваат практичните елементи на полициската професија.

## Објавување на списанието и меѓународна препознатливост

Нивото на развој на научната мисла во областа на безбедноста во Република Северна Македонија, како и соодветната поставеност на Министерството и Полицијата, овозможуваат ова научно списание да биде утврдено како референтна научна публикација. Имајќи ги предвид одредбите од Законот за високото образование кои се однесуваат на научни и стручни публикации, но и одредбите од Законот за полиција, министерот за внатрешни работи со Решение формираше меѓународен Уредувачки одбор, составен од научни работници од Републиката и од повеќе земји од регионот и Европа. Ова ќе овозможи индексирање на публикацијата во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија. Од овде произлегува и потребата списанието да излегува на англиски јазик. За да се промовира списанието во Република Северна Македонија, како и да се поттикнат домашни автори (пред сè, вработени

[9]Уредба на Владата: http://aa.mk/content/pdf/Drugi%20dokumenti/Klasifikacija%20na%20naucnoistrazuvacki%20podracja.pdf, пристапено на 17 април 2019 година

во Министерството), предлагаме првите неколку броеви, односно првите години, списанието покрај на англиски, да излегува и на македонски јазик.

Поради соодветна промоција на списанието, но и исполнување на законските прописи, ќе се пристапи кон обезбедување на ИССН број за секое издание на списанието. ИССН (ISSN - International Standard Serial Number) е меѓународен стандарден број за периодични публикации и континуирани извори со кој се идентификува насловот на периодичната публикација или континуираниот извор без оглед на кој вид медиум е достапен. Исто така, покрај печатеното ќе се објавува и електронско издание од списанието, со што истото ќе стане достапно за целата домашна и меѓународна јавност. Секое издание ќе биде означено и со ЦИП број. ЦИП – запис (CIP – Cataloguing In Publication) е меѓународно препознатлив стандардизиран каталошки опис за една (печатена или електронска) публикација изработена пред нејзиното печатење или производство, вграден во самата публикација.

Според проценките на реалните потреби и можности на Министерството за внатрешни работи, а имајќи ги предвид и големиот број вакви и слични списанија во регионот, за да се постигне поголема видливост и препознатливост, списанието ќе излегува два пати годишно.

Меѓународното научно списание „Безбедност“ е списание на вработените во Министерството за внатрешни работи, чија првенствена цел е да ја приближи науката, односно теоријата до секојдневното полициско работење. Научните резултати и истражувањата кои се однесуваат на различни општествени појави се значајни за креирање на стратегијата за развој на полицијата како и за планирањето на мерките за борбата против криминалот и девијантните појави. Токму затоа, од особено значење е списанието да биде препознаено од полициските службеници и другите вработени во Министерството, кои ќе бидат во можност да објавуваат свои трудови, но и да прочитаат многу корисни информации и податоци од домашни и меѓународни автори. И уште повеќе, идејата на меѓународниот Уредувачки одбор е списанието да има меѓународен карактер и по исполнување на предвидените критериуми да биде индексирано во соодветна база на податоци. Тоа ќе биде уште поголема потврда за квалитетот и за релевантноста на научните резултати кои очекуваме да бидат презентирани во наредните броеви на списанието.

Првиот број од меѓународното научно списание „Безбедност“ е со ревијален карактер и има за цел да ги претстави различните

организациски единици, со дел од нивните активности и најважни приоритети. Раководните работници во Министерството имаа можност да достават текстови за одделите, секторите, управите, единиците со кои раководат и да ги споделат своите предлози, идеи и планови за работа со сите вработени во Министерството, но и со пошироката јавност. Особено би сакале да ги поттикнеме сите вработени во Полицијата и другите органи во Министерството, да одвојат дел од своето време и да ги прочитаат текстовите од ова прво издание на списанието и да останат посветени на личната желба за напредок и продлабочување на знаењата, а веќе од вториот број на меѓународното научно списание „Безбедност“ да се информираат и за најзначајните искуства и научни сознанија поврзани со безбедноста и полициската професија.

Покрај тоа, значајно е што за прв пат после подолг временски период Министерството се отвора кон јавноста и преку ваква публикација споделува информации за делокругот од своето работење за кој грѓаните ретко имаат можност да прочитаат и да бидат запознаени. Значајно е да се напомни дека покрај печатеното, списанието ќе има и свое електронско издание со што ќе биде достапно за сите заинтересирани читатели кои имаат пристап до интернет од која било точка на светот. Со тоа што трудовите ќе бидат објавувани и на англиски јазик, списанието ќе го направиме достапно за многу поширока читателска публика и ќе продолжиме да ги градиме авторитетот и позициите на македонската полиција во светот, а со тоа и на Република Северна Македонија.

Би сакале на крајот да им се заблагодариме на сите раководители и вработени во Министерството за внатрешни работи кои учествуваа во подготовката на текстовите објавени во овој број од списанието. Нивното искуство, знаење и подготвеност да ги споделат информациите се од извонредно значење за списанието „Безбедност“ и се надеваме дека соработката со меѓународниот Уредувачки одбор ќе продолжи и во иднина, а имајќи го предвид заедничкиот интерес – изградба и развој на полициска служба која ќе биде вистински сервис на граѓаните.

Како главен и одговорен уредник на меѓународното научно списание „Безбедност“ би сакал да го истакнам задоволството што ја продолжуваме традицијата на издавање на списанието „Безбедност“ и очекувам дека ќе наиде на соодветен прием, пред сè, кај вработените во Министерството, а се разбира и кај научната јавност. Свесни сме за богатото наследство кое ни го оставиле поранешните претседатели, главни и одговорни уредници и членови на уредувачките одбори кои се грижеле за претходните изданија и ќе се грижиме да ја продолжиме

нивната мисија и уште повеќе да ја продлабочиме научната мисла за безбедноста и на идните генерации кои ќе ги продолжат нашите активности да им оставиме изданија со кои тие ќе се гордеат.

За секретар на меѓународното научно списание „Безбедност" е определен Никица Петрушевски од Министерството за внатрешни работи, со кого градиме извонредна соработка и од кого во голема мера ќе зависи организацијата и почитувањето на стандардите за издавање на списанието. Голема благодарност упатувам и до Живко Темелковски од Одделот за општи и заеднички работи во Министерството, кој помогна во планирањето на финансиската конструкција и техничките детали околу печатеното и електронското издание на списанието.

Им должам особена благодарност на членовите на меѓународниот Уредувачки одбор. Заменик-министерот за внатрешни работи Агим Нухиум со задоволство ја поддржа идејата и несебично ја прифати улогата на заменик главен и одговорен уредник, а со континуираната поддршка која ја добиваме од него списанието добива на квалитет и значење и од научен и од практичен аспект. Професорите Оливер Бачановиќ, Цане Мојаноски, Наташа Пеливанова, Снежана Мојсоска, Фросина Ташевска-Ременски и Трпе Стојановски од Факултетот за безбедност Скопје при Универзитетот „Свети Климент Охридски" – Битола, професорката Марина Митревска од Филозофскиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" – Скопје, професорите Тони Дескоски и Гордана Лажетиќ од Правниот факултет „Јустинијан Први", професорката Наташа Габер-Дамјановска од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" и професорите Агим Рамадани и Кебир Авзиу од Државниот универзитет во Тетово, срдечно ја прифатија иницијативата за возобновување на списанието и со своите мудри предлози и корисни идеи се вградија во новата страница од развојот на научната мисла за безбедноста која ја промовираме со издавањето на меѓународното научно списание „Безбедност". Со нетрпение ја очекувам секоја наредна можност да соработувам во рамките на меѓународниот Уредувачки одбор со овие големи умови, исклучително значајни за зачувувањето и развојот на слободната мисла во македонското општество. Сигурен сум дека со овој тим ќе постигнеме високи резултати, ќе го промовираме Министерството за внатрешни работи и ќе го доближиме до граѓаните, но и ќе го зајакнуваме меѓународниот углед и позициите на државата.

Возобновувањето на меѓународното научно списание „Безбедност" е дел од целокупниот процес на реформи во Министерството за внатрешни работи. Особено сум благодарен на

министерот за внатрешни работи, господин Оливер Спасовски кој ја препозна добрата идеја и целосно се вклучи во реализацијата од аспект на претседател на меѓународниот Уредувачки одбор. Без неговата поддршка и поддршката на неговиот тим, страниците кои се пред Вас немаше да го видат светлото на денот во кој полицијата е сервис на граѓаните, а кон своите активности пристапува грижливо и со особено внимание за значењето на науката во развојот на полициската практика и на демократското општество.

НИКОЛА ДУЈОВСКИ,
главен и одговорен уредник
на меѓународното научно списание „Безбедност“

**Агим НУХИУ**
**Заменик министер, МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**Заменик главен и одговорен уредник на Меѓународното научно списание „Безбедност“**

# ОСВРТ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА ПРОФИЛИРАЊЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

## Дали постоела „политичка полиција“ во рамките на Министерството за внатрешни работи!?

Откако ја преживеа војната, човештвото најдобро ја сфати важноста на мирот и безбедноста и тоа го поттикна да размислува најмногу за новата ера, во новиот век, во поглед на зајакнување на дипломатијата, политичкиот ангажман, исполнувањето на докажаните стандарди, за да се стреми кон спречување на конфликтите и заканите во иднина. Не е случајност што државите се сè посвесни во однос на своето зачленување во политичките и воените сојузи како што е НАТО, но и во силната структура на Европската Унија, со цел да го обезбедат мирот на новите генерации.

Само кога патела нашата држава, кога неретко потфрлало владеењето на правото, кога е загрозуван правниот поредок и правната сигурност, кога во огромни размери се кршени слободите и правата на човекот и граѓанинот, тогаш почнала да рефлектира политичката класа. Во тој контекст, рефлектирањето било видливо по воведувањето на Охридскиот договор во уставниот поредок на нашата земја, засновајќи ја институционалната определба за јасен и неконтрадикторен правен поредок, за принципот на еднаквост и недискриминација и пристап до јавните добра и услуги, повисок степен на правна безбедност, за правецот по кој ќе се движат државните институци и во согласност со принципот на поделба на власта. Секој од нас сфати дека правната сигурност и јавниот ред и безбедност меѓусебно не се исклучуваат, туку се надополнуваат и двете работи за едно треба да бидат во симетрија со веќе прокламираните универзални стандарди.

Јавниот и државниот поредок и безбедноста имаа посебна карактеристика во нашата земја, која беше излезена од етничкиот вооружен конфликт во 2001 година. Опасноста за повремено

поттикнување на нови можни судири, поради невоспоставување на етничка еднаквост во сите сегменти, постоењето на одредени структури на еден вид „политичка полиција“, провоцирањето на конфликти во рамките на разните партиски интересни и политичко–идеолошки групи, после аферата со масовното прислушување, како и новата ера после 27. април, кога одредена група од власта сериозно ја загрози иднината на земјата со удар врз темелите на државата, придонесоа вниманието да остане свртено кон Министерството за внатрешни работи.

**Чекорите во „новата ера“!**

По ударите на „етатизмот“, државна задача е конечно да се направи раскинување од криминалот и корупцијата кои го обзеле системот.

Онака како што се постигна да се институционализира згаснувањето на продлабочениот „иредентизам“ со Грција, да се затвори прашањето на името на државата, да останат цврсти односите со другите соседи, Бугарија и другите две албански држави, Албанија и Косово и без двоумење да се негува „ориентацијата кон структурите на НАТО и Европската Унија, држејќи умерено растојание од руското влијание, така ќе треба да се зајакнат атрибутите на правната држава.

Од аспект на Министерството за внатрешни работи, реформите во безбедносниот систем беа неопходни.

Институционалната арбитрарност и моќта на власта сконцентрирана во безбедносните институции несамо што ја наруши рамнотежата и почитта во однос на поделбата на власта, туку таа нанесе тежок удар и на меѓуетничките односи, предизвика конфликт помеѓу интересните групи по етничка и верска линија, опфаќајќи ги за последен пат и ударите врз интересните групи поидеолошка и политичко–партиска линија.

При следењето на реформскиот процес во делот на безбедноста, главната порака беше формирањето на Посебната единица во рамките на Основното јавно обвинителство за сузбивање на организираниот криминал и корупција, со посебно дефинирани надлежности за постапување и Организациската единица во рамките на Народниот правобранител за граѓанска контрола–омбудсмани зајакнување на институционалните капацитети во борбата против криминалот и корупцијата.

Овие и многу други прашања се суштината, на повеќе поларни прашања, како квантитет и цивилизациски како квалитет, а кои ги

условуваат или, да бидеме појасни, ги насочуваат динамиката, интензитетот и насоката на промените низ кои поминува нашата земја.

Јавноста заедно со политичката класа можат, и тоа без да погрешиме можеме да кажеме, дека можат да живеат во нова поставеност на глобалните, политичките и економските односи, во видлив конфликт на геополитички концепти, чии последици неможат да се избегнат, вклучувајќи го и регионот, државата и нашето општество. Од друга страна, таквите ефекти се отсликани во сите области и полиња на општественото живеење, наметнувајќи ни отворени прашања и дилеми за принципите, стандардите и вредностите кои биле и треба да бидат основа на функционирањето на системот, законската и институционалната рамка и областа на безбедноста.

Предизвиците се пред нас, истите се повеќе слојни, меѓу себно испреплетени и не помалку важни од аспект на приоритетот и потенцијалот.

Јас сметам дека нема никаква дилема дека предизвиците од областа на безбедноста и инкорпорирањето на универзалните вредности и стандарди во безбедносниот систем, многу веројатно, е еден од најчувствителните предизвици со кои денес се соочува Европа и процесот на евроатлантските интеграци и во целина.

Тоа е така особено од аспект на актуелниот опасен тренд на „зајакнување“ на тероризмот и терористичките закани-феномен кој во последните години се претвора во сериозна организирана, трансформација, многу поризична за државната и јавната безбедност, од една страна, а од друга страна, во контекст на интензивирање на војните во чувствителните региони, како што се Блискиот и Средниот Исток и Северна Африка, кои во поновата светска историја ги создадоа најголемите миграциски движења кон европскиот континент.

Да повторам уште еднаш, во овој мозаик не помалку важна е сегашната состојба во нашата земја, која ја извади на површина големата слабост или поконкретно кажано големиот дестабилизирачки потенцијал на сегментот на државната и јавната безбедност, односно злоупотребата на овој сегмент.

Токму безбедносниот систем е еден од најважните постулати на постоењето на државите–додека заканите од тероризмот или насилниот екстремизам, како и од масивните миграциски движења, се тест и понатаму остануваат тест за безбедноста, правната држава, владеењето на правото и правата и слободите на човекот и граѓанинот.

Во такви околности,секако, дека сугестиите се насочени кон изнаоѓање на степен на системска кохезија која не би ги внела во опасност ниту безбедноста, ниту, пак, универзалните стандарди.

Во насока на операционализација на државните приоритети, беше одлучено да се реформираат безбедносните и контраразузнавачките служби во агендата на Реформскиот план 18 на нашата Влада. Предложениот модел за реформа на системот за безбедност и контраразузнавање е одвојување на Управата за безбедност и контраразузнавање од Министерството за внатрешни работи,односно основање на Агенција за национална безбедност со цел заштита на националната безбедност на државата, односно независноста, суверенитетот, уставниот поредок, основните човекови и граѓански права гарантирани со Уставот, како и другите работи од интерес на националната безбедност на државата.

На Република Северна Македонија и е потребно етаблирање и функционирање на стандардизиран безбедносен систем, поставен во хармонична и симетрична врска со нашите евроатлантски партнери, отворен за поинтензивна регионална соработка, кој не само што ќе биде важен за подобрување на општествените карактеристики, туку, пред сѐ, ќе биде вистински бранител наспроти заканите од тероризмот и насилниот екстремизам, со реална можност да се соочи и со нови бранови на мигранти.

Во контекст на таквиот предизвик, потребна е посуштинска опсервација на процесите, да се дефинираат причините кои ги условуваат или поттикнуваат ситуациите и состојбите кои претставуваат реална закана за општествената благосостојба.

**Еднаквост и недискриминација!**

Правичната и соодветна застапеност, која фактички претставува вредност, е афирмативна мерка за елиминирање на фактичката нееднаквост и дискриминација во делот на работата и работниот однос.
За да се зборува за духот на принципот на еднаквоста и недискриминацијата треба да се земат предвид двата профила на еднаквоста: формалната еднаквост и супстантивната еднаквост.

Доколку се анализираат духот и целите на основните принципи на Охридскиот рамковен договор, можеме да заклучиме дека во рамките на концептот на еднаквоста и недискриминацијата, институционализирана е „формалната еднаквост“ во неколку важни јавни области.

Духот на концептот за еднаквост и недискриминација не се задоволува во целост со обезбедување само на „формална еднаквост“. Токму затоа цениме дека службите на Министерството за внатрешни работи треба да ги анализираат и детектираат дејствата на нееднаквост во самата институција, притоа смислувајќи ја и „супстантивната еднаквост“. Овој став треба да се заснова на „еднаквоста на резултатите“и еднаквоста на можностите. „Супстантивната еднаквост“ зависи од низа фактори во секој случај поединечно, како, на пример, природата на работното место или условите во кои се одвива конкретната работа, мотивирањето и можностите за извршување на работата, и др. Поконкретно, за секој одделен случај треба да се обезбеди објективно и оправдано образложение.

И денес зборуваме за потребата за почитување на принципот на правична и соодветна застапеност во областа на работата и работниот однос и покрај фактот што изречно се одредени негативните и позитивните обврски на државата во областа на јавната дискриминација. Во овој дел Министерството за внатрешни работи има уште обврски! Во делот на еднаквата и соодветна застапеност не треба да се потфрли ниту во правичната и соодветна застапеност во делот на специјалните единици на полицијата. Едно такво потфрлање предизвикува одговорност за самото Министерство за внатрешни работи.

## Режимот „Никој не е над законот“

Главно, режимот „Никој не е над законот“ има за цел обезбедување на една целина на правни норми за заштита на граѓаните од арбитрарните форми на власта. Правдата и државата се тавтологија. Тие неможат една без друга.

Министерството за внатрешни работи не само што треба да ја објави законската/нормативната, како и институционалната рамка, и тоа треба да овозможи никој да не излезе надвор од таквата рамка. Законите и другите нормативни акти да имаат реална примена, додека нивното прекршување да предизвикува санкции.

Министерството за внатрешни работи ниту во еден момент не треба да се одвои од почитувањето на хиерархијата на правните норми, поделбата на власта, еднаквоста на граѓаните пред законот, постоењето на независна јурисдикција и гарантирањето на човековите и граѓанските права и слободи.

Министерството за внатрешни работи треба да остане насочено и кон поддршката на правната сигурност во областа на кривичното право. Таквата ориентација бара точност, јасност, постојаност на правниот поредок, јасен правен и политички поредок, предвидливи неконтрадикторен.

АГИМ НУХИУ
заменик главен и одговорен уредник
на меѓународното научно списание „Безбедност“

**Љупчо АРНАУДОВСКИ**
**професор во пензија, редовен професор на ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ**
**Поранешен Претседател на уредувачки одбор на списанието „Безбедност“**

# КОН НОВОТО СПИСАНИЕ „БЕЗБЕДНОСТ“

Се чувствувам среќен и професионално задоволен, што во рамките на Министерството за внатрешни работи, е обновена иницијативата за издавање на НАУЧНО (СТРУЧНО) СПИСАНИЕ, под наслов „БЕЗБЕДНОСТ“ и на располагање го ставам својот професионален ангажман за реализација на оваа иницијатива.

## 1. Малку историја

Министерството за внатрешни работи (подоцна Државен секретаријат за внатрешни работи) на Република Македонија, спаѓа во таквите државни органи кои посветуваат посебно внимание на стручното и професионално образование и устручување на своите службеници и преку издавањето на овој весник и свое СТРУЧНО СПИСАНИЕ. Почнувајќи од 1947 година, во рамките на КЛУБОТ НА ПОЛИЦИЈАТА се издаваше посебен стручен весник под наслов „МИЛИЦИЈА“, а подоцна и стручно списание под наслов „ЗАШТИТА“. Подоцна ова списание во согласност со развојот на Република Македонија и целиот систем на безбедност и заштита на СФРЈ во чиј состав беше и Република Македонија, познат како систем на „ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА“,ја промени својата уредувачка политика и го промени името во „БЕЗБЕДНОСТ“. Издавач на двете публикации беше Министерството за внатрешни работи (односно Државниот секретаријат за внатрешни работи) на Република Македонија. Весникот излегуваше сè до 1973 година, односно до укинувањето на финансиските средства за весникот и дејствувањето на КЛУБОТ НА ПОЛИЦИЈАТА. И во едниот и во другиот случај се работи за недостаток на финансиски средства во буџетот на Министерството за внатрешни работи. Списанието за безбедност се издаваше некаде до 1980 година кога престанува неговото издавање, од истите причини престанува и работата на „КЛУБОТ НА ПОЛИЦИЈАТА“ во чии рамки се наоѓаше и редакцијата на ова списание.

По распаѓањето на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и осамостојувањето на Република Македонија (1991 година), за министер за внатрешни работи дојде професор д-р Љубомир Фрчковски- Данаилов.

Група научни работници и професори, пред Министерството за внатрешни работи и пред министерот, покренаа иницијатива за обновување на изданието под наслов „БЕЗБЕДНОСТ“.

Елаборатот со разработен концепт за физиономијата на новото списание и начинот на неговото издавање, беше прифатен. Беше формирана редакција на списанието, беше составен издавачки совет и издавачка редакција, а првиот број излезе во печат во 1994 година.

Со промените на положбата на министерот за внатрешни работи, односот кон списанието и грижата за неговото издавање слабееше, слабееше и интересот и во 2001 година списанието престана да излегува. Во меѓувреме, главниот и одговорен уредник на повеќе наврати писмено и усно инсистираше да се продолжи со издавањето на списанието, но без успех.

Во периодот што се определува како „ТРАНЗИЦИЈА“ на Република Македонија, научните и стручни списанија што се издаваа во претходниот период престанаа да се издаваат и на тој начин кривичноправните и криминолошките науки останаа без своја научна и стручна публикација. За ваквата состојба, исто така, беше од големо значење и влијанието врз одлуката да се возобнови издавањето на списанието „БЕЗБЕДНОСТ“, сега под наслов „РЕВИЈА ЗА КРИМИНАЛИСТИКА, КРИМИНОЛОГИЈА И КРИВИЧНО ПРАВО“. Со обновувањето на Здружението за кривично право и криминологија на Република Македонија во 1992 година се обнови и издавањето на „Македонската ревија за кривично право и криминологија“ кое излегуваше двапати годишно, но со многу големи напори и тешкотии, со кои се сретнува и денес.

## 2. <u>**Ревија за криминалистика, криминологија и кривично право**</u>

По излегувањето од печат на првиот број на Ревијата за научна, стручна и професионална јавност од областа на кривичноправните и криминолошките науки, од социјалната патологија и пенолошките науки, се покажа голем интерес како за поседување на списанието, така и за учество со свои трудови во неговото издавање. Во преден план беше поставено КРИВИЧНОТО ПРАВО, како наука која ги поставува основите на борбата против криминалитетот, потоа

КРИМИНОЛОГИЈАТА, како наука за криминалитетот како штетна и општествена појава. Во тие рамки посебно место му беше дадено на ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛИТЕТ, како нов облик на криминалитет со феноменологија која овозможува да се објасни и самото општество во кое се појавува криминалитетот. Во согласност со современите концепти за положбата на човекот како творечко суштество од стојалиштето на обезбедувањето на неговите права и слободи, нивната заштита и остварување, посебно место беше доделено на ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА во врска со криминалитетот како најтежок и најопасен облик на нивната повреда.

На КРИМИНАЛИСТИКАТА како наука, методика, тактика и техника во откривањето и докажувањето на криминалитетот и беше посветено посебно внимание и како потреба за унапредување на значењето и познавањата од оваа област посебно во врска со новите пенолошки облици на криминалитетот што ги донесе новото време и состојбите во Република Македонија како земја во „ТРАНЗИЦИЈА“. Посебно поглавје и беше дадено на „ПОЛИЦИЈАТА“ како облик на организација и дејствување на силите на безбедноста и јавниот ред и мир во државата. Ревијата ги следеше современите науки за криминалитетот, објавувајќи ПРЕВОДИ на странски списанија од познати автори, во областа на науките што ги следи. Ревијата настојуваше да ги следи случувањата во науките што се предмет на нејзиниот научен, стручен и професионален интерес, следење на домашни списанија од оваа област, советувања, семинари и други облици на дејствување како и прикажување на нови дела, учебници, учебни помагала, научни извештаи и истражувања, реализирани и објавени во Република Македонија. Вака поставената структура на Ревијата придонесе за објавување на трудови кои беа во постојан пораст.

Седиштето на редакцијата на Ревијата се наоѓаше во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Главниот и одговорен уредник беше вработен во Министерството за внатрешни работи и во суштина тој ја продолжи својата работа како главен и одговорен уредник на списанието „БЕЗБЕДНОСТ“. Поднесените трудови за објавување ги рецензираа членови на Издавачкиот одбор, кој го сочинуваа научни работници или професори од одделни научни области. Содржината на Ревијата ја составуваше Издавачкиот одбор на седница. Ревијата излегуваше четири пати годишно и таа динамика се одржуваше редовно. Со персоналните промени на положбата на МИНИСТЕРОТ, јас како претседател на

Издавачкиот одбор писмено им се обратив на сите министри, образложувајќи ја состојбата на Ревијата и потребата да се продолжи со нејзиното издавање. За жал, не бев ни примен на разговор, ниту добив одговор на моето писмо, а издавањето на РЕВИЈАТА БЕШЕ УКИНАТО.

Инаку, членовите на телата на Ревијата, посебно на Издавачкиот одбор, работата ја вршеа волонтерски, доброволно и без каков било финансиски надоместок (награда), а на авторите на објавените трудови им се исплаќаше авторски хонорар, кој подоцна беше укинат, но интересот на авторите за објавување трудови во Ревијата НЕ ПРЕСТАНА, НИТУ СЕ НАМАЛИ.

**3. Што понатака? (по мое мислење)**

Идејата за повторно издавање (обновување) на РЕВИЈАТА ЗА КРИМИНАЛИСТИКА, КРИМИНОЛОГИЈА И КРИВИЧНО ПРАВО е за поздравување и треба да се вложат огромни напори за да се реализира таа иницијатива. Ова особено и поради фактот што „МАКЕДОНСКАТА РЕВИЈА ЗА КРИВИЧНО ПРАВО И КРИМИНОЛОГИЈА“, што ја издава Здружението за кривично право и криминологија на Република Македонија која досега излегуваше со големи тешкотии, најчесто два пати годишно се наоѓа пред ГАСНЕЊЕ. Новата Ревија треба да го пополни овој празен простор во кривичноправните и криминолошките науки.

**- Зошто ова е нужно и неопходно?**

По распаѓањето на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во чиј состав беше и Република Македонија и ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, создавањето на новиот политички, правен, економски и социјален систем, се обликува во новиот Устав на Република Македонија, при што настануваат длабоки промени во сите области од животот и организацијата на македонското општество. Тие промени на Македонија и донесоа ново име „ДРЖАВА ВО ТРАНЗИЦИЈА“, процес на преобразба во сите области од структурата на општеството која, за жал, трае подолго. Државата во Уставот се декларира како демократска, правна држава, организирана на повеќепартиски политички систем, а во економските и стопанските односи основата на државата ја чини приватната сопственост, на тој начин што општествената сопственост над капиталот и средствата се приватизирани.

- Процесот на приватизација на капиталот и средствата, кој се изврши на криминален начин, доведе до невидено зголемување на вработеноста, до распаѓање на економскиот систем, голема сиромаштија, длабоки промени во социјалната и економската положба на граѓаните, која, за жал, уште трае.

Приватизацијата на капиталот и средствата доведе до неосновано збогатување на мал број луѓе. КРИМИНАЛНАТА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ И СРЕДСТВАТА СÈ УШТЕ НЕМА СВОЈА ПРАВНА ЗАВРШНИЦА.

Науката и научните институции не посветија доволно внимание да ја објаснат оваа појава и нејзиното влијание врз развојот на независната држава. Оваа појава не смее да се заборави бидејќи таа ја криминализира државата, го поларизира криминалитетот на начин на кој создаде нови облици на криминалитет кои сè уште немаат никакво научно откривање.

- Повеќепартискиот политички систем, создаде партиски држави на друг начин од претходната. Повеќепартискиот политички систем создаде состојба во која државата стана инструмент на оние што управуваат со неа, да се создаде нов облик „ДРЖАВЕН КРИМИНАЛИТЕТ“ во сите области од државата во кои дејствуваат партиски луѓе. Во еден дел, во политизираната полициска држава се појавија нови облици на „ПОЛИТИЧКИ КРИМИНАЛИТЕТ“ кои во државата, заснована на повеќепартиски политички систем, покажуваа нови феноменолошки и етиолошки карактеристики, треба да се објаснат и разработат на начин на кој ќе се објасни неговата природа.

- Овој облик на криминалитет за секоја држава, вклучувајќи ја и нашата, постанува основа преку која треба и може да се објасни карактерот на државата како правна држава, како држава на владеење на правото, заштитник на правата и слободите на граѓаните, нејзиниот демократски карактер. На тоа укажуваат облиците на криминалитет кои се наоѓаат во постапка пред судовите на државата. Ревијата треба да ја преземе улогата на расправа на овие прашања низ нејзините содржини.

- Самостојната држава Република Македонија својата државна и политичка ориентација ја обликува во стратегија насочена кон вклучување во НАТО и постанување член на Европската Унија.

- Во остварувањето на оваа ориентација во согласност со Договорот за стабилизација и асоцијација, пристапи кон изградување на ново казнено законодавство во материјалното и процесното право и извршното казнено право. Досега КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК Е МЕНУВАН ВО ОПШТИОТ И ПОСЕБНИОТ ДЕЛ ПОВЕЌЕ ОД

ДВАЕСЕТ ПАТИ. Дали ова не укажува за потребата од отворање на научни и теоретски истражувања кои ќе овозможат да се изгради концепт кој ќе овозможи безбедност и сигурност во општеството и државата? Законот за кривична постапка и јавно обвинителство уште е во работа. Ова подрачје на науката треба да го даде својот придонес.

- Организираниот криминал, чие присуство во нашата држава не се оспорува, се појавува во сите области од политичкиот, наставниот, економскиот, социјалниот, социо-културниот живот на државата, нема одговори во однос на неговото дефинирање.

- Во сите случаи, во кои се покренати кривични постапки, се работи за криминални постапувања во кои учествуваат голем број на сторители како соучесници или како вид на злосторничко здружение, немаат научни одговори на оваа појава: Што претставува таа?

- Криминалитетот на ПЕРЕЊЕ ПАРИ, поврзан и со криминалитетот за приватизацијата на капиталот и средствата, ја наметнуваат потребата од негово научно објаснување.

- Проблемите врзани за научното следење на криминалитетот и статистичките методи на следење на криминалитетот е сериозен проблем бидејќи ниту еден орган на постојан криминалитет нема точни податоци за обемот, динамиката и распространетоста на криминалитетот почнувајќи, прво, од полицијата, преку Јавното обвинителство и судовите. Унапредувањето на методите за следење и објаснување бараат научен пристап. Тие треба да бидат предмет на интерес и ангажман на Ревијата за безбедност.

И уште едно прашање. Во самостојна и независна Република Македонија многу длабоки промени претрпе ВИСОКООБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ, на тој начин што се формираа повеќе универзитети, покрај Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а со тоа особено порасна бројот на факултетите и образовните насоки во областа на општествените науки, особено во казнено-правните и криминолошките науки. Се изнесува фактот дека Република Македонија има 17 правни факултети и повеќе наставни групи од областа на социолошките науки. Оваа појава имаше за последица зголемен интерес за СТУДИРАЊЕ НА ОВИЕ ФАКУЛТЕТИ и ГРУПИ, зголемена потреба од наставен кадар, но и интерес за истражувања во областа на казнено-правните, криминолошките науки и науките од областа на социјалната патологија. Како последица на зголемениот број факултети речиси сите факултети организираа постдипломски и докторски студии и на тој начин се афирмираа како образовни институции со високообразовни, научни и истражувачки квалитети. Овие состојби ги зголемуваат амбициите и

интересот за стекнување со научни степени и звања, особено со стекнување на висок научен степен МАГИСТЕР НА НАУКИ на одредена научна област. Се случуваше и се случува цели генерации на дипломирани студенти да ги продолжат студиите на МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ. Со научни степени се стекнуваат со изработка на МАГИСТЕРСКИ ТРУД, често на дваесеттина страници, незадоволувајќи никакви критериуми на „научен труд“ изработен врз нужната научна методологија. Следниот нивен чекор е стекнување со научен степен „доктор на науки“. Може да се каже дека не се стекнал со ДОКТОРАТ ОНОЈ ШТО НЕ ПРИЈАВИЛ. Докторатот се одредува како „НАУЧЕН ТРУД“ кој претставува „научен придонес“ во научната област во која се изработува. Меѓутоа, докторските дисертации, одбранети на факултетите во научна, теоретска, истражувачка смисла во голем степен ги изгубија своите квалитети. Новите доктори на науки, кои на овој начин се стекнаа со докторати, постанаа наставници на основните факултети, а својот квалитет, научни и професионални вредности ги потврдуваа со своето МЕНТОРСТВО, создавајќи нови доктори на науки. Особено, докторатите во областа на општествените науки претставуваат ДЕСКРИПТИВНИ НАУЧНИ ТРУДОВИ, без длабока научна основа, отсуство на теоретски расправи и разгледувања врз кои се заснова тезата и потврдата на науката во областа во која е изработен докторатот. Изработката на докторатот претставува теоретска, научна, истражувачка и методолошка работа. Затоа, докторатот се одредува како НАУЧЕН ТРУД. Докторатот, едновремено, е и ОБВРСКА И ГАРАНЦИЈА ДЕКА ДОКТОРОТ ЌЕ ПРОДОЛЖИ СО НАУЧНА РАБОТА ВО ОБЛАСТА ВО КОЈА ДОКТОРИРАЛ. Оваа обврска се зголемува, се зголемува одговорноста ако докторатот се објави и се изложи на оцена и критика на јавноста, воопшто и особено на научната јавност. Истражувајќи ја оваа проблематика, моите научни и истражувачки сознанија и познавања ми укажуваат дека е МИНИМАЛЕН БРОЈОТ НА НОВИТЕ ДОКТОРИ НА НАУКИ КОИ ПРОДОЛЖУВААТ СО РАБОТА И ИСТРАЖУВАЊА ВО ОБЛАСТА ВО КОЈА ГО ИЗРАБОТИЛЕ ДОКТОРАТОТ.

Кога се во прашање КАЗНЕНО-ПРАВНИТЕ И КРИМИНОЛОШКИТЕ НАУКИ во Република Македонија, политичките, правните, економските и социјалните услови и состојби претставуваат реална состојба кои на науката и научните работници од овие области им нудат појави и проблеми кои се нудат како предмет на истражување, особено криминалитетот со патолошките појави. Овие области останува неистражени, неиспитани, необјаснети истражувања

врз кои се градат концепти за нивно спречување, сузбивање и превенирање.

Ова и на овој начин образложено сфаќање за овие состојби во нашето општество ги изнесувам за да ја одредам улогата на новото списание „БЕЗБЕДНОСТ“ во унапредувањето на науките во кои дејствува, да ги дефинира проблемите и појавите што треба да се истражат и да развива интерес кај авторите кон проблемите што треба да се истражуваат. Трудовите што ќе ги нудат за објавување да се засноваат врз феноменолошки и етиолошки истражувања на појавите, и да се темелат на истражувачки резултати кои даваат основа за научна проверка на поставките изнесени во трудот.

Исто така, улогата на списанието е да влијае на практиката за зголемување на истражувањата во оваа област. Така, списанието кое по својот карактер е научно ќе ја стимулира науката и научното објаснување на појавите и создавање на нови научни кадри, пред сѐ истражувачи.

ЉУПЧО АРНАУДОВСКИ
редовен професор во пензија
Поранешен Претседател на уредувачки одбор
на списанието „Безбедност“

**Сашо ТАСЕВСКИ**
**Директор на БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ**

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

Бирото за јавна безбедност е орган во состав на Министерството за внатрешни работи чија основна функција е заштита и почитување на основните слободи и права на граѓаните загарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела и сторителите на тие дела, како и одржување на поволна безбедносна состојба во областа на јавниот ред и мир.

**Визијата на Бирото за јавна безбедност,** како орган во состав на Министерството за внатрешни работи, е да обезбеди владеење на правото и етичка и професионална работа на вработените преку развој на концептот на полициско работење водено од информациите кои во својот делокруг го сублимираат полициското работење во заедницата. Само со јасно развиена функционална организациска структура, воспоставен партнерски однос со граѓаните во согласност со стандардите на Европската Унија ќе се овозможи побезбеден животзасите граѓани на Република Северна Македонија.

**Мисијата на Бирото за јавна безбедност** е унапредување на полициската служба, која ја ужива довербата на сите граѓани во земјата и која ги гарантира, штити и ги почитува основните слободи и права без дискриминација по која било основа. Составен  дел од мисијата на Бирото за јавна безбедност е развој и зајакнување на проактивен модел на полициско работење кој ќе обезбеди повисоко ниво на заштита на животот, имотот и личната безбедност на граѓаните, како и брз и ефикасен одговор на полицијата на сите можни предизвици.

Со цел да одговори на сите актуелни предвизици Бирото за јавна безбедност треба континуирано да се развива и реформира и да се стреми кон градење на одговорна и ефикасна организација во рамките на националниот безбедносен систем.

Јавната безбедност како и безбедноста на поединецот претставува најзначаен елемент на севкупната безбедност и еден од важните предуслови за создавање на поволен безбедносен амбиент за понатамошен развој и просперитет на Република Северна Македонија.Улогата на полицијата во јакнење на владеење на правото е од особено значење бидејќи претставува една од најважите задачи кои

Република Северна Македонија мора да ги исполни на патот кон европските и евроатлантските интеграции.

Посветено се работи и на реализирање на приоритетите и приоритетните задачи во делот на остварување на безбедноста и сигурноста на граѓаните, бескомпромисна борба со криминалот во сите сфери на живеење и работење, како и натамошно интензивирање и продлабочување на националната и меѓународната соработка.

Анализата на статистичките податоци и другите показатели за видот и бројот на кривични дела, прекршоци против јавниот ред и мир и состојбите во сообраќајот во последните години бележи тренд на намалување и укажуваат дека безбедносната состојба на територијата на Република Северна Македонија е поволна/стабилна.

Бирото за јавна безбедност своето работење го темели на почитување на основните вредности:

- **Законитост** - Постапување на полициските службеници во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите, меѓународните договори и други прописи;
- **Интегритет** - Полициските службеници постапуваат во согласност со етичките и моралните принципи и чесно ги извршуваат своите задачи во согласност со законот;
- **Почитување на човековите права и слободи** - Полициските службеници ги почитуваат човековите права на граѓаните;
- **Професионалност** - Професионално и непристрасно ги извршуваат задачите во интерес на заштита на демократските институции и човекови права почитувајќи ги родовите, религиските и другите културни особености на етничките групи;
- **Транспарентност** - Работата на полицијата е изложена на оцена на јавноста на кој начин и се остварува контролната улога на јавноста. Бирото за јавна безбедност се залага и го прифаќа принципот на транспарентност што подразбира отвореност за соработка со граѓаните, медиумите, невладиниот сектор и известување на локално ниво за проблемите и резултатите од работењето;
- **Деполитизација** - Полициските службеници не смеат да ја користат својата положба во политички цели. Својата евентуално политичка определба можат да ја манифестираат како дел од своите граѓански и политички права надвор од должностите кои ги извршуваат во полицијата;

- **Меѓнародна соработка** - Полицијата работи на постојано унапредување на односите и соработката со меѓународните полициски служби почитувајќи ги стандардите на Европската Унија.

**Законот за полиција** го дефинира **делокругот на работа на Бирото за јавна безбедност.** Основната функција во согласност со Законот на полиција е заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други определени мерки, утврдени со закон, за гонење на сторителите на тие дела; одржување на јавниот ред и мир; регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата; контрола на движење и престој на странци; гранични проверки и граничен надзор; укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба; обезбедување на определени личности и објекти и други работи утврдени со закон.

Интенција на Бирото за јавна безбедност е работата на полицијата да ја организира на начин кој ќе обезбеди ефикасно и рационално користење на расположливите човечки, материјални, технички и финансиски ресурси, транспарентно работење и полесен пристап до граѓаните како нивен сервис. Со постојано усовршување, обука, опремување и добра организација на работата, неопходно е да се обезбеди ефективно и навремено полициско постапување како одговор на сите безбедносни предизвици и закани, кои може да бидат социјални, политички, спортски и други форми на ризици и закани за личната безбедност и безбедноста по имотот на граѓаните. Во оваа насока потребна е поефикасна вертикална и хоризонтална координација како и подобра функционална врска помеѓу организациските единици на Полицијата.

Исто така, приоритет е да се зајакнат капацитетите и ресурсите на посебните организациски единици во рамките на крим-полицијата за спроведување на истраги за организиран и сериозен криминал, вклучително и криминалистичкото разузнавање, финансиските истраги, компјутерскиот криминал, трговијата со луѓе, перењето пари и тероризмот. Воедно, потребно е и зајакнување на организациските, административните и техничките капацитети за спроведување на ИЛП-моделот „Полициско работење водено од разузнавање“ на централно, регионално и локално ниво. Во овој контекст се и активностите за подобрување на меѓуинституционалната соработка на сите нивоа и зајакнување на капацитетите на истражните меѓуинституционални

тимови, како и подобрување на меѓународната полициска соработка, собирање и размена на информации и податоци преку меѓународните полициски организации ИНТЕРПОЛ и ЕВРОПОЛ.

Реформата на полицијата е процес кој континуирано тече и се одвива.Полицијата од година во година доживува промени како резултат на прифаќање на современите светски и европски стандарди кои ја прават спремна и овозможуваат адекватно да одговори на безбедносните предизвици и закани.Прифаќањето на стандардите се огледа преку примена на законски решенија со кои се дефинираат полициските работи, современите методи на работење, модернизацијата на материјално-техничките средства и опрема, едукацијата и обуката на полициските службеници.

Бирото за јавна безбедност се реформира во согласност со утврдените стратешки документи:

- Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи,
- Годишниот план за работа на Министерството за внатрешни работи ,
- Стратешката процена на Бирото за јавна безбедност и
- Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020.

Во **Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи**, како документ за планиран развој во тригодишен период и годишниот план за работата на Министерството за внатрешни работи, како документ за она што е планирано да се реализира во тековната година, инкорпорирани се утврдените приоритети и приоритетни цели дефинирани во Одлуката на Владата на Република Северна Македонија каде што **како приоритет** за Бирото за јавна безбедност е дефиниран:

1. Одлучна и неселективна борба против организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото и зголемување на нивото на јавна безбедност, а за чија реализација се утврдени следните **приоритетни цели**:
   - Јакнење на капацитетите на полицијата, користење современи истражни методи за превенција, спречување и борба со организираниот и прекуграничниот криминал, илегалната миграција, трговијата со луѓе и корупцијата;
   - Подобрување на институционалните и кадровските капацитети на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал и целосна оперативност на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал;

- Еднаков третман на полицијата спрема граѓаните и зголемување на нивната доверба спрема институцијата;
- Унапредување на јавната безбедност, вклучувајќи ја и безбедноста во патниот сообраќај;
- Подобрување на националната, регионалната и меѓународната соработка.

Своите приоритети за работа во делот на оперативното работење Бирото за јавна безбедностги темели врз основа на **Стратешката процена** која е документ од делокругот на работењето на полицијата кој на годишно ниво ги опфаќа појавите кои ја загрозуваат безбедносната состојба во поглед на криминалот, нарушувањето на безбедноста и јавниот ред и мир.

Клучен документ на кој се темели идниот развој на Бирото за јавна безбедност е **Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020** која беше изработена во рамките на Проектот ИПА 2010 „Понатамошна институционална надградба и градење на капацитетите на полицијата во областа на граничното управување, работата на полицијата со заедницата и борба против организираниот криминал“, а беше усвоена во јануари 2016 година. Оваа стратегија дава насоки за воспоставување и примена на искуствата на современите европски полиции, како и насоки за поефикасен развој на расположливите ресурси, како и подобра функционална поврзаност на организациските единици во полицијата и понатамошно унапредување на сите сегменти на полициската организација, а сѐ со цел постигнување на подобри резултати во борбата против сите облици на криминал и незаконито однесување.

**Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020** е фокусирана на реализација на стратешките цели кои се однесуваат на:

- Зајакнување на капацитетот на полицијата за спречување и борба со криминалот преку користење на современи истражни методи;
- Модернизација и стандардизација на полицијата со користење современи методи за извршување задачи и должности во согласност со добрите практики на Европската Унија;
- Зајакнување на оперативните капацитети на Одделот за гранични работи и миграции и регионалните центри за гранични работи и миграции, вклучувајќи ја борбата против прекуграничниот криминал и илегалната миграција;
- Понатамошен развој на демократските принципи на полициско работење за подобрување на нивото на доверба

меѓу граѓаните и полицијата, вклучувајќи и почитување на човековите права;
- Сеопфатен пристап во поглед на човечките ресурси;
- Зголемување на нивото на јавната безбедност вклучувајќи ја и безбедноста во патниот сообраќај;
- Подобрување на националната и меѓународната соработка;
- Мониторинг и евалуација на имплементацијата на Стратегијата за развој на полицијата.

Како позначајни области на развој на Бирото за јавна безбедност во Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020 се:

Развојот на форензичкиот концепт базиран врз најдобрите практики и стандарди на Европската Унија, којшто треба да ја зголеми ефикасноста и ефективноста на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења.Притоа, во наредниот период потребно е да се зајакнат капацитетите на форензичките лаборатории и одделенијата за криминалистичко технички истраги на местото на настанот, на централно и на регионално ниво. Во овој контекст, треба да се изгради целосно нова зграда која ќе обезбеди целосна акредитација на форензичките лаборатории на централно ниво, за да се добие акредитација во согласност со ISO / IEC17025 во областа на ДНК идентификација, анализа на дрога, анализа на потписи, како и развој на латентни отпечатоци. Следниот чекор ќе биде да се поддржат регионалните одделенија за акредитација во согласност со ИСО17020 и да се овозможи анализа на латентни отпечатоци и анализа на механички траги.

Од друга страна, пак, стабилната и подобрена логистика на овој Оддел ќе го оправда фактот дека е потребно да се почне со употреба на напреден систем за постапување со докази, со можност за директно следење на доказите и анализите. Следењето на единиците на терен и нивните активности, следењето на доказите од самиот почеток, приемот на доказите во Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења и исходот од резултатите од анализата, исто така, се клучни елементи за навремено да се добие правилна и квалитетна анализа на производ. Според тоа, работењето со соодветно ИТ решение, кое ќе се примени според претходно спомenатите стандарди за ИТ безбедност, ќе значи правилно насочување на активностите.

Стратешка цел на Секторот за компјутерски криминал е да воспостави организациска единица која ќе располага со обучен кадар и материјално технички ресурси кои ќе овозможат успешно справување со новите предизвици и форми на компјутерски криминал, во

согласност со законските правила и процедури. Развојот на Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика ќе се насочи кон истраги на компјутерски криминал и кон разрешување на посериозни и покомплексни случаи на компјутерски криминал, како анализа на малвер (malware), интернет-измами, социјален инженеринг, напад на мрежа, напади на критична инфраструктура, злоупотреба на деца преку интернет, даркнет (darknet) и друго.

Зајакнување на капацитетите на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во делот на идентификување и профилирање на криминални групи и спроведување на проактивни криминалистички истраги, особено кај случаите на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, перењето пари, нелегалната трговија со дроги и борбата против тероризмот.

Исполнувањето на стратешката мисија е, речиси, невозможно без модерна организација поткрепена со соодветен буџет.Во овој поглед, целосното спроведување на децентрализацијата на буџетот е еден од најголемите предизвици за наредниот период.Потребно е организациските единици на Бирото за јавна безбедностда бидат целосно инволвирани во планирањето и распределувањето на одобрениот буџет за нивната единица.На овој начин ќе се овозможи преземање поголема одговорност за поекономично трошење на средствата за постигнување на приоритетните цели.

Се очекува информациите и податоците во Бирото за јавна безбедност да бидат интегрирани во еден систем кој ќе биде базиран на еднократно собирање на податоци во таканаречени регистри, и обезбедување на пристап до регистрите на сите корисници, во рамките на нивната надлежност и пристапни права.Информатичките решенија треба да бидат дизајнирани или редизајнирани врз основа на работните процеси во Бирото за јавна безбедност, при што корисниците треба да имаат одговорност за нормативниот и содржинскиот аспект за секоја поединечна апликација од решението.Новата ИТ инфраструктура се очекува да овозможи развој на нови кориснички решенија, поврзување на различните постојни или редизајнирани апликации во согласност со корисничките потреби, како и стратешките цели во согласност со стратешкиот план за информатички развој на Министерството за внатрешни работи.

Документацијата и размената на документите, генерално, во рамките на Бирото за јавна безбедност се спроведува во хартиена форма што има значително негативно влијание на ефикасноста во полициското работење.Не постои електронска централна унифицирана архива за

складирање на сите документи, со што се спречува можноста за следење, која е неопходна во секој сегмент од работењето.Воспоставувањето на електронски систем за управување со документи ќе го забрза текот на работата и ќе го скрати процесот на интерно доставување на документи.

Следејќи ги најдобрите практики на Европската Унија, постои потреба од имплементирање на модел за спроведување и евалуација како на основната така и на континуираната обука. Континуираната обука, треба да стане обврска во полициското работење, а секој полициски службеник со полициско овластување треба да помине одреден број на часови обука во текот на месецот. Обуката треба да се заснова на релевантни и реални примери од секојдневната полициска практика, со цел согледување на пропустите и укажување на законско полициско постапување.Во програмата за континуирана обука треба се стави поголем акцент на примери од полициската практика, како и практична употреба на полициско овластување и средства за присилба, како и да се воспостави систем за следење и евалуација на обуката.

Бирото за јавна безбедност според својата организација и функционална надлежност во својот состав го содржи униформираниот состав на полицијата (претставен преку полицијата од општа надлежност, сообраќајни работи, гранични работи и посебните единици), како и криминалистичката полиција.

На стратешко ниво воспоставена е Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет надлежна за контрола, надзор и развивање на методологија за работа на полицијата. Основната надлежност на Единицата е спроведувањето на стручниот и генералниот надзор за законитоста на извршените полициски работи во согласност со утврдената методологија за работа и примената на полициските овластувања во организациските единици во Бирото за јавна безбедност, како и унапредување на методологијата на полициското работење за подобрување на квалитетот на полициското работење и тоа оперативно и административно (примена на полициските овластувања, заштита на човековите права и слободи, планирање, координирање, насочување и усогласување во работата и слично).

Оперативните капацитети на Одделот за гранични работи и миграција и регионалните центри за гранични работи, вклучително и борбата против прекуграничниот криминал и илегална миграција континуирано се надградуваат, а за истото значителен придонес има поддршката и соработката со меѓународните организации, пред сè, во делот на надградба на постојните материјално-технички и човечки

ресурси. Во оваа насока континуирано се преземаат чекори и се бележи напредок во реализацијата на дефинираните цели кои се однесуваат на:

- Оптимизирање на организациската структура и подобрување на инфраструктурата и процесот на комбинирање на различни функционалности на полициските станици за гранични проверки и граничен надзор;
- Подобрување на условите за прифаќање и сместување на привремено задржани странски државјани во согласност со барањата и стандардите на Европската Унија и изградба на нов прифатен центар;
- Подобрување на оперативните капацитети на Мобилната единица за поддршка на полициските станици во справувањето со прекуграничниот криминал и нелегалната миграција;
- Континуирано зајакнување на капацитетите за проверка на патни документи во согласност со барањата и најдобрата практика на Европската Унија;
- Развивање на меѓународната соработка, преку развивање нови алатки за соработка за продлабочување и проширување на оперативната соработка со соседните земји и земјите членки на Европската Унија како и меѓународните агенции, како и зајакнување на ефективноста на интерагенциската соработка;
- Зајакнување на оперативната ефективност преку подобрување на можностите за откривање, пресретнување, мобилност и реакција е потребно и на границите со соседните земји. Потребно е да се зајакне капацитетот и подготвеноста за интеракција со различни оперативни одделенија во Министерството за внатрешни работи и други национални агенции и меѓународни партнери во итни случаи кои се појавуваат во граничните области и на граничните премини, кој треба да се заснова на принципите на Интегрирано гранично управување и на принципите на CIRAM- 2.0.
- Понатамошен развој на управувањето со ризик и анализа на ризик во согласност со барањата и најдобрата практика на Европската Унија е од суштинско значење. Постоењето на граничен безбедносен систем воден од анализа на ризик, особено што границите на земјата се засегнати и од други видови на криминал, вклучувајќи криумчарење на дроги, возила и луѓе.

Акцентот во борбата против корупцијата треба да биде ставен, пред сè, на превенцијата на неетичкото однесување и постапување што ќе се постигне со континуирана едукација и развој на основните вредности и морални стандарди кај вработените.Потребна е ревизија на

структурата и дефинирање на нови критериуми и аспекти на квалитет, со цел да се подигне нивото на водење на истрагите на корупција во полицијата.

За да функционира успешно Системот за управување со кризи потребна е ефективна меѓусекторска и меѓуинституционална соработка на инволвираните институции и истиот се организира и остварува поради превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за добрата, здравјето и животот на луѓето и животните, а се настанати од природни непогоди, епидемии или други ризици и опасности кои директно го загрозуваат уставниот поредок и безбедноста.

Со осовременување на оперативни комуникациски центри во сите сектори за внатрешни работи и инсталирање на електронска апликација за евидентирање, следење и постапување по пријавите од граѓани и истовремено водење на сите полициски евиденции, ќе се намалат административните обврски во полициските станици од општа надлежност, а повеќе време ќе се издвојува за оперативна работа.

Во насока на зголемување на националната соработка во борбата против организираниот и сериозниот криминал формиран е Национален координативен центар, со вклучени претставници од Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа на Република Северна Македонија, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Истиот ќе придонесе кон ефикасна и брза размена на информации помеѓу агенциите за спроведување на законите, поддршка и координација при водење на заеднички истраги, идентификување на криминални групи кои дејствуваат на територијата на земјата или на меѓународно ниво, утврдување на национални приоритети и закани, поддршка на меѓународни заеднички истражни тимови и друго.

Поради максимирање на придобивките од меѓународната соработка потребна е модернизацијата на ИТ структурата на Секторот за меѓународна полициска соработка.За зголемување на капацитетите на националните служби за пристап до меѓународните бази на податоци, неопходно е да се продолжи и да се прошририрува користењето на алатките и сервисите на меѓународните полициски организации (FIND, ASF, iARMS, SIENA, итн.).

Во изминатиот период, во согласност со Акцискиот план за реализација на **Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020** и

планот за реализација на Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работипостигнат е позначаен напредок во делот на:

- Унапредување на соработката на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал на национално и меѓународно ниво, во делот на водење на заеднички истраги;
- Ставање во функција на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал;
- Унапредување на форензички концепти преку имплементирање на меѓународниот стандард ИСО 17025 во девет методи на работа, како и отпочнување постапка за изградба на нов објект за стручните служби кои работат во делот на криминалистичко-техничките испитувања и вештачења;
- Усогласување со европските стандарди и препораки за прифаќање и сместување на баратели на азил преку реновирање на постојниот објект на Прифатниот центар за странци Гази Баба, Скопје, како и подготвителни активности за изградба на нов прифатен центар за странци;
- Воведување на нови современи методи за документирање на прекршоците во делот на сообраќајот;
- Воведување на нов концепт на работата на дежурните оперативни центри во подрачните организациски единици;
- Реновирање на полициски објекти;
- Набавка на материјално-техничка опрема за униформираната полиција;
- Континуирано спроведување специјализирани обуки, како и продуцирање на квалитетни и високостручни обучувачи за различни области во работењето на Бирото за јавна безбедност, со цел унапредување на обученоста на кадрите во Министерството за внатрешни работи , унапредување на системот за кариера и зајакнување на капацитетите за ефективно и ефикасно користење на човечките ресурси.

Дополнително, со имплементација на Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020 и реализацијата на утврдените стратешки приоритети на Бирото за јавна безбедност ќе се постигне зголемување на ефикасноста на полицијата врз основа на новата методологија за работа, која е компатибилна и релевантна со најдобрите практики на европските полициски служби и нивните општи стандарди.

Стратегијата за развој на полицијата, пред сè, ја одредува мисијата и приоритетите на Бирото за јавна безбедност, а развојот на полицијата го темели на четири главни столбови и тоа: управување со

ресурсите, работа на полицијата со заедницата, успешно справување со криминалот и учење и развој.

Континуираната обука на полициските службеници, вклученоста на научната и стручната јавност во креирањето на политики за понатамошно зајакнување на капацитетите на Бирото за јавна безбедност е од суштинско значење. Притоа, се земаат предвид и двата аспекта: опремување на полицијата со опрема која ги задоволува прифатените стандарди како и обука на полициските службеници за користење на опремата и за усовршување на знаењата во делот на примената на новите законски решенија.

Имплементацијата на стратегијата за развој на полицијата најмногу ќе зависи од реформите во полициската служба, како и од подготвеноста на припадниците на полицијата да изградат силно лично чувство на сопственост и припадност кон заедницата, бидејќи единствено тие ќе придонесат кон постојаност и успех.

Реформите во полицијата се насочени, пред сè, кон зајакнување на институционалните капацитети но и создавање на полиција која ќе биде сервис за граѓаните, посветена кон заштита на основните човекови права и слободи. Реализацијата на стратешките цели ќе помогнат за постигнување на основната мисија и визијата за развој на Бирото за јавна безбедност, а тоа се: проактивна полициска служба, владеење на правото, етичко и професионално работење на вработените и, секако, целосно развивање на коцептот на полициско работење водено од информации кој во себе го опфаќа и полициското работење во заедницата.

Реформите, развојот и опремата на полицијата мора да бидат во согласност со најдобрите европски практики и стандарди, особено ако се има предвид дека државата се стреми кон влез во Европската Унија. Поради тоа, една од клучните обврски кои стојат пред Бирото за јавна безбедност останува целосната посветеност кон поставените стандарди за развој и реформи во полицијата.

САШО ТАСЕВСКИ
Биро за јавна безбедност

**Тони АНГЕЛОВСКИ**
**Помошник-министер за односи со јавноста и стратешки прашања**

## ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА

Односите со јавноста, како од аспект на научна дисциплина, така и од аспект на практичен систем на стратешка комуникација меѓу одредена организација или институција со јавноста, во текот на повеќе децении наназад динамично, но и суштински станаа нужен сегмент од севкупното општествено живеење. Не постои сфера - политика, економија, култура, здравство, безбедност и друго - каде што „односите со јавноста“ не се имплементирани како битен, незаобиколен, дел од процесот на организациско или институционално функционирање. Таквата позиција, пак, се чини дека е логична консеквенција на она што значи цивилизациско, општествено-социјално еволуирање на која било држава.

Генерално гледано - засилените, колку внатрешно-општествени, во иста мера и надворешни или меѓународни интеракции во сите области од животот, како и континуираното а интензивно создавање нови вредности, стандарди и трендови во име на константен квалитетен развој и прогрес на заедницата, ја востановија „јавноста“ (независно дали ќе претпочитаме да ја дефинираме како „сите припадници на заедницата“ или како „збир од различни групи луѓе“ во заедницата) во базичен супстрат од кој тргнува и завршува процесот на продукција и етаблирање на која или каква и да е идеја (политичка, економска, образовна, културна, социјална...). А, притоа, начелата : „јавноста има право да знае“, „јавноста како консумент“, „јавен интерес“ или „јавни работи“; произлезени од таквата улога и позиција на „јавноста“ - станаа темелни принципи врз коишто денес почиваат „односите со јавноста“, без оглед дали тие се однесуваат на институционални или вонинституционални субјекти.

И полицијата, односно сегментот на внатрешните работи - чија основна задача е безбедноста, сигурноста и законитоста (односно спроведување на законите) е упатена на близок и конкретен степен на комуникација со јавноста. Во втората половина од 2002 година, во рамките на Министерството за внатрешни работи беше воспоставено, тогашното Одделение за односи со јавноста (при Кабинетот на министерот за внатрешни работи), а наредната 2003 година веќе беше промовирана и официјалната веб-страница на Министерството, и,

генерално, беа поставени основите за развој и надградба на овој сегмент од работењето на полицијата.

Денес, како посебна организациска единица на Министерството за внатрешни работи егзистира Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања, чијшто делокруг на надлежности ги обединува сите структурни делови што ги сочинуваат „односите со јавноста“ - комуникација, презентација (и протокол), слободен пристап до информации од јавен карактер, стратешко планирање и управување со квалитет и безбедност на информации.

Основните задачи на Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања можат да се расчленат во неколку меѓу себе комплементарни цели: пред сè, навремено и точно информирање на јавноста, квалитетно промовирање и презентација на сите политики за работа и развој на Министерството за внатрешни работи; квалитетна презентација на секојдневните активности на организациските единици при Министерството; континуирана партиципација во активности од граѓански, јавен интерес; грижа за интегритетот на полициската служба и, генерално, интегритетот на институцијата и вработените во неа. Овие стратешки тенденции, односно нивната реализација е фундирана врз стандардите на професионалност, стручност и законитост во доменот на „односите со јавноста“.

Потпирајќи се и користејќи ги сите современи форми и видови на комуникациско-информативно работење, Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања успева, особено изминативе две година, да се наметне како објективен партнер на медиумите, но и ефикасен информативен сервис на граѓаните, притоа, градејќи квалитетен баланс меѓу законските норми што ја даваат рамката на неговото функционирање во сферата на безбедноста со потребите на јавноста за навремено, точно и исцрпно информирање, а напоредно со тоа водејќи сметка и за етаблирање на што пореална и позитивна претстава во јавностаза Министерството за внатрешни работи како државна институција, за сите негови актуелни состојби, идни планови, проекции и зафати .

Статистички гледано, доволно е да се посочат неколку битни факти, што пластично го доловуваат обемот и опфатот на секојдневни активности на Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања „vis-à-vis (визави)“. Прво, мора да се нотира дека официјалниот веб-сајт на Министерството за внатрешни работи како своевидна примарна информативна алатка на Одделот од своето почнување со работа до денес во континуитет е убедливо меѓу најпосетуваните веб-сајтови дури

и не само во контекст на ваквите технички (електронски) сервиси на институционално ниво, туку и пошироко. Просечните околу 600.000 посети на веб-страницата на годишно ниво, говорат колку за важноста на содржинската понуда на страницата, толку и за реалната потреба на јавноста да биде во тек со сите активности на Министерството за внатрешни работи. Покрај стандардниот полициски извадок од дневни настани, како своевиден јавен дневен рапорт за дел од дневните полициски активности во евиденцијата и расчистувањето на разните видови кривични и прекршочни дела, на веб-страницата концепциски гледано своја важна функција имаат и другите медиумски форми на информирање (соопштенија, деманти, изјави, извештаи од прес-конференции, извештаи од настани и слично), коишто се застапени но и мноштвото статистичко-аналитички прегледи, постојна и предложена нормативна документаристика, кампањски презентации и промоции, и друго. Посебно е важно што во структурна смисла веб-страницата на Министерството за внатрешни работи не е ограничена во примарно медиумско-информативна смисла, туку преку можностите за електронска интеракција и поставеност, е насочена и кон максимално покривање на она што значи сервисно информирање од аспект на административните граѓански услуги што влегуваат во доменот на секојдневното полициско работење.

Сето ова, пак, претставено преку бројки значи дека на годишно ниво, покрај секојдневната презентација на извадоци од дневни настани, на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи се пласираат просечно меѓу 2.500 до 3.000 наслови на разновидни информации, коишто заедно на годишно ниво со просечно над 1.200 електронски барања по разни основи од граѓани, организации, правни субјекти и разни други видови институции - ја комплетираат сликата за ангажираноста на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи.

Кога се говори за доменот на електронската комуникација и информирање мора да се споменат и преку 20.000 т.н. активни следачи на „You Tube“каналот на Министерството за внатрешни работи, којшто, на пример, само во текот на 2018 година презентираше повеќе од 230 видеоматеријали по повод разни пригоди и настани за коишто, пак, биле евидентирани околу 15 милиони прегледи, како и околу 30.000 следачи на содржините пласирани на Фејсбук профилот на Министерството за внатрешни работи. Ако на ова се надодадат и активностите во делот на учество во самостојни или партнерски проекти и кампањи, потоа надлежностите во делот на Законот за слободен пристап до информации

од јавен карактер каде што просечно се бележат по повеќе од 150 барања годишно, мноштвото протоколарно-промотивни активности од билатерален или мултилатерален карактер, тогаш веќе се добиваат поцелосни контури на обемот на работа на Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања. Во задднината на сите тие активности стои постојана опсервација и градење стратешки процени не само по однос на актуелните состојби во делокругот на полициското работење, туку и по однос на нормативните и општествени тенденции, како и континуирана контрола на квалитетот и слично. Одделот за односи со јавноста како дел од полициската организациска структура во којшто е фокусирана јавноста, а особено медиумската сцена, ја координира и логистицира работата на канцелариите за односи со јавност при секторите за внатрешни работи што дополнително дава тежина на степенот на одговорност пред којшто тој е исправен.

Препознавајќи ги предизвиците што се наметнуваат, не само во онаа базична техничка смисла, туку и во концепциски поглед, Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања постојано тежнее, имплементирајќи ги сите современи стандарди во областа на „односите со јавноста“, да биде во чекор со потребите и барањата на јавноста, од една страна, со потребите и барањата на институцијата, од друга страна. Денес Министерството за внатрешни работи , кое пред неколку години беше една од најзатворените институции кон јавноста, е на врвот по транспарентноста. Тоа го покажуваат анкетите, но и јавните искази на здруженијата на новинарите со кои Министерството за внатрешни работи не само што има одлична соработка туку пред една и пол година беше склучен и меморандум за соработка, а вакви меморандуми се склучени и со повеќе невладини организации.

ТОНИ АНГЕЛОВСКИ
Оддел за односи со јавност и стратешки прашања

**Санде СМИЉАНОВ**
**Началник на одделеие за протоколарни настани и активности**

## ПРОТОКОЛ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Адекватното извршување на протоколарните активности во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, процесот и значењето на Одделението за протоколарни настани и активности како еден од фундаменталните елементи за ефикасна и ефективна дипломатија, но и за сеопфатна јавна презентација на Министерствотоза внатрешни работи, подразбира познавање на сржта и суштината на оваа практична професија, но и нејзино поврзување со историјата, научените лекции од минатото, традицијата како нишка на историските засебности и културата на една нација. Во тој контекст, протоколот не е само низа правила кои наложуваат добро однесување, туку, истовремено, и систем којшто адекватно партиципира во модификувањето на политичките и менаџерските стратегии на институцијата. Згора на тоа, протоколот може да се опсервира и како низа правила кои имаат историска заднина, традициски и обичајни норми, кои, пак, го обликуваат совремието – во дипломатска, одбранбена, безбедносна смисла и затоа овие елементи не можат да се гледаат како засебни сегменти, туку како целина на еден сложен и комплициран систем.

***Клучни зборови:*** *Министерство за внатрешни работи, Одделение за протоколарни настани и активности, протокол, дипломатија.*

## ВОВЕД

Протоколот, по својата суштина е една така да се рече - невидлива професија која е сврзното ткиво на меѓународните текови и на меѓународниот поредок, професија која претставува витален крвоток за еден непречен тек на политичко-дипломатските односи кои се двигател, примарно, на меѓународната заедница, а последните декади и во внатрешнополитичките релации.

Секако, протоколот може да се перципира и како исклучително практична професија по однос на дејствителноста, со својата богата академска заднина, односно својата основа во теориски елаборации

развивани со векови, па и милениуми низ призмата на историчноста на политиката и како наука и како практика. Неразбирањето на протоколот и протоколарните правила и норми, но и традициите и обичаите од кои протоколот ја црпи својата богата историска заднина, може да има крајно штетни последици по државите и нивните односи и може да доведе, едноставно кажано - до нивен колапс. Неминовно, специјалистите во оваа интердисциплинарна, но сѐ уште (за пошироката јавност) недоволно јасно презентирана област, мораат да се издигнат над просекот: да ги познаваат нејзините почетоци; да ги познаваат и препознаваат сите практични механизми и инструменти што им стојат на располагање во креирањето на претстава, околности, настани за политичко-дипломатските односи, комуникации и релации; да го познаваат актуелниот момент но да ги познаваат и ограничувањата, традициите, и, се разбира, - културолошките разлики. Звучи токму како што и е – комплексно и сериозно.

## I. ПРОТОКОЛ И ЦЕРЕМОНИЈАЛ: НАУКА И ПРАКТИКА

### 1.1. Протоколот низ призмата на основното поимно дефинирање и историјат

Значи, како што претходно напишав, наједноставно кажано - протоколот е низа од правила кои наложуваат добро однесување во службениот живот и на церемонии во кои се вклучени цели влади и нации, како и нивни претставници, при што мора да се има предвид дека секој детаљ на тоа однесување е порака конзистентна со политичкиот правец, стратегија или идеја која е мотив за настанот. Тоа, истовремено е признат систем на меѓународна учтивост, своевиден политички бонтон.

Етимолошки, терминот „протокол“ доаѓа од грчкиот збор „protókollon“ (формиран од зборовите „protos“ - прв и „kólla“ – лепило), што во буквален превод е прво залепено ливче, односно ливче кое Грците го употребувале за означување на документи. Протоколум наскоро значел подготвување официјални јавни документи, од кои некои биле наречени протоколи. Во самата бит протоколите тесно кореспондираат со сите видови општествени норми коишто го тангираат односот на политиката како работа од јавен интерес.

Се разбира, протоколот, меѓу другото, подразбира и „етикеција“ што потекнува од францускиот збор „Etice“, што значи добро однесување. Една друга дефиниција вели дека протоколот претставува збир на правила кои ги регулираат прашањата на „етикецијата“, почеста

и пресеансот на официјалните церемонии и настани. Односно, ако, на пример, „дипломатијата е умешност, најлошите работи да ги кажуваш на најубав начин", тогаш протоколот како најчесто практикуван токму во таа (дипломатска) сфера може да се разбере како неизбежен катализатор да се стигне до посакуваната цел.

Во историски контекст, протоколот стапува на сила уште во времето на старите Египќани кои ја издале книгата „Инструкциите на Птахотеп". Со тоа може да се каже дека покрај плугот и календарот тие го измислиле и правилото на добро однесување. Книгата била напишана во 2000 година пр.н.е. на писмото на свештениците, а истата се чува во Националната библиотека во Париз и е позната под името „Папирусот на Прус" (според името на донаторот).

До XIX век, француските термини „protocolediplomatique" или „protocoledellachancellerie" се однесувале на церемонијалните правила кои морале да се почитуваат при пишаните официјални контакти меѓу државни и други министри. Денес, протоколот служи како кодекс на меѓународна комуникација во којашто се вклопуваат дипломатските форми, церемонијалот и етикецијата. Во деловниот свет, денес зборот протокол се употребува наместо зборот етикеција, бидејќи звучи поделовно и поофицијално.

Многу компании воспоставија свои сопствени правила на протокол (стандарди) како дел од нивната работна култура. Познавањето на етикецијата отсекогаш била моќна алатка во бизнисот. Џон Малоу, гуру и автор на „Облечен за успех", вели дека секој со којшто има зборувано рекол дека најголемиот индикатор дека некој има стил е поседувањето социјални вештини. Деведесет и девет отсто деловни луѓе рекле дека поседувањето на овие вештини е предуслов за успех во деловниот и општествениот живот. Малоу, исто така, вели дека поголемиот дел од деловните луѓе го ценат нивото и способноста за конвенции на нивните вработени. Денес, способен деловен човек знае да освојува нови пазари, да отвора можности насекаде со светот, да ги совладува техниките потребни за да се надмине конкуренцијата. Етикецијата и протоколот се вештини коишто во таквите потфати го даваат оној нужен имиџ, оној битен ефект на квалитетен PR (publicrelations) на секој деловен човек. Ние протоколџиите велиме - добрите манири се неизоставен дел на секој добар лидер.

Денес во XXI век, со технолошкиот бум и развојот на комуникациите, протоколот претставува една од примарните социјални дисциплини без која средбите на највисоките раководства - претседатели на држави, на влади, на собранија и слично, би имала мала

важност, и уште помалку би имале важност пред широкиот јавен аудиториум. Протоколот, како своевиден олеснувач во политичката комуникација ја дава онаа суштинска аура на значење и важност за која и да е средба на политички, економски, културни или општествени лидери.

Враќајќи се кон сржта на зборот протокол, можеме да истакнеме дека тој, во својата потесна смисла, го означува оригиналот на јавните документи, записниците на меѓународните конференции, договори, спогодби.

Во поширока смисла, пак, означува збир на правила кои треба да се применуваат во официјалните државни и дипломатски свечености, во официјалните односи и општествениот живот. Правилата на протоколот се еден од заштитните елементи на угледот на една држава.

Динамичноста на општественото и политичко живеење на глобално ниво драстично ја форсира потребата од засилен протоколарен ангажман. Тоа денес е несомнен факт. Меѓународните односи коишто сè повеќе тежнеат кон мултиполарна комуникација и соработка во сите сегменти од политиката налагаат и интензивирање на дипломатските контакти, врски, релации независно од нивниот карактер (билатерален, регионален или мултилатерален). Таквиот развој на состојбата, не само што ја истакнува важноста на протоколот, туку треба и да нè потсети дека подготовките за посета на државник и државни службеници се воедно и наука и уметност: наука бидејќи нијансите на протоколот се егзактни; уметност бидејќи во секоја протоколарна активност, постои доза на суптилност, деликатност и лични обележја.

### 1.2. Церемонијалот и неговата поврзаност со протоколот

Церемонијалот претставува строго почитување на пропишаните или вообичаените формалности при свечени пригоди. Таа дефиниција ќе нè наведе да помислиме на сликата на величествените свечености видени преку средствата за јавно информирање: без оглед дали се работи за устоличување на некој монарх, за верски настан како што е прогласувањето на папа, за претседателска инаугурација или за раскошен церемонијал на источните дворови, секогаш во сеќавање ни доаѓаат свечената облека, шеширите со перјаница, врзаните униформи или сликовитите паради во целата нивна возвишеност. Церемонијалот е, сепак, далеку повеќе од сето тоа. Како споредба кон кажаното, протоколот е форма на хиерархиски ред, израз на добро однесување помеѓу нациите, игра на симболи и симболики сите со свои специфични или наменски пораки.

Одржувањето добри односи помеѓу играчите на меѓународната сцена, одбегнувањето на сите можности што можат да доведат до конфликтност, исто така, се значаен предмет на работа на протоколот кој треба, јасно позиционирајќи се во зададените ситуации, да обезбеди непреченост, но и артикулирање на политичките намери пред, во текот и непосредно по одржувањето на политичкиот или каков и да е јавен настан.

Како пример може да се спомене Џон Ф. Кенеди, кој во самите почетоци на експанзија на „Студената војна“ како глобална геополитичка состојба и доктрина, во таквиот крајно непријатен амбиент на политичко-дипломатско однесување во својот инаугурациски говор нагласил дека љубезноста и учтивоста не се слабост. Големиот германски државник од втората половина на XIX век Ото фон Бизмарк, пак, потсетил дека дури и при објавување на војна се почитуваат правилата на добро однесување. Жил Камбон, француски дипломат, напишал, пак, дека во мировните договори нема разлика помеѓу победниците и поразените, додека Хрушчов современик на Кенеди и негов директен партнер и ривал во ерата на Студената војна, на своите сонародници во тогашниот СССР им порачал дека со навреди нема да се победи капитализмот.

Се разбира, историјата го бележи и правилото на напуштањето или ублажувањето на протоколарните обичаи како резултат на желбата ефективно да се надминат разликите, да се постигне компромис, да се направи тој акт на добра волја. Но денес можеме да констатираме дека и тоа напуштање на протоколот може да се третира како протокол надвор од протоколот. Во тој поглед Ватикан, кој, веројатно, е најстариот двор во Европа, е добро познат по префинетоста на таквата протоколарна практика.

Тоа вонпротоколарно внимание може да дојде и од шефовите на држави и од другите великодостојници. Но она што денес може да се констатира дури и по однос на таквото наводно „излегување вон протоколот“ е умешноста тоа да се предвиди, калкулира во рамките на зацртаниот протоколарен план. На крајот на краиштата протоколот ниту има амбиција ниту, пак, смее да посегне по целосно анулирање на спонтаноста во рамките на политичкиот или каков и да е настан, туку исклучително да се стреми кон постигнување на максимална ефективност во спроведувањето на најквалитетно можно ниво на настаните.

## 2. ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА[10]

Почетоците на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања датираат од 2003 година, формиран како Одделение за односи со јавноста, подоцна од 5.12.2006 година, за да прерасне во поголема организациска единица Сектор за односи со јавноста и информации од јавен карактер, а веќе од 15.10.2015 година функционира во сегашната организациска единица како Оддел за односи со јавност и стратешки прашања при кабинетот на министерот за внатрешни работи. Одделот за односи со јавност и стратешки прашања го координира и функционирањето на канцелариите за односи со јавност при осумте сектори за внатрешни работи.

Со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања раководи помошник на министерот. Во рамките на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања функционира Секторот за односи со јавност и протокол. Со Секторот за односи со јавност и протокол раководи началник на секторот.

Секторот го сочинуваат три одделенија раководени од началници на одделенија и тоа:

### 2.1. Одделение за односи со јавност

Одделението за односи со јавност покрај континуираната комуникација со медиумите (домашни и странски) во рамките на своите работни задачи преку официјалната веб- страница на Министерството за внатрешни работи (www.moi.gov.mk) остварува редовна комуникација со граѓаните по однос на различни прашања од нивен интерес. Одделението, покрај редовната дистрибуција на разни видови информации од активностите на Министерството за внатрешни работи и неговите сектори за внатрешни работи, речиси е постојан учесник во разните проекти, кампањи и други активности од јавен интерес а коишто се во делокругот на работа на Министерството за внатрешни работи.

[10] https://mvr.gov.mk/page/sektor-za-odnosi-so-javnost, пристапено на 22 април 2019

**2.2. Одделение за информации од јавен карактер**

Одделението за информации од јавен карактер, во согласност со законските одредби на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и другите прописи и нормативни акти на ниво на Министерството за внатрешни работи по однос на оваа материја, е во постојана редовна комуникација со сите организациски единици во рамките на Министерството со цел благовремено одговарање на барањата на сите баратели на информации од јавен карактер.

**2.3. Одделение за протоколарни настани и активности**

Одделението за протоколарни настани и активности при Министерството за внатрешни работи е одговорно за обезбедување комплетна поддршка на активностите на министерот, заменик-министерот, државниот секретар и директорите на Бирото за јавна безбедност и за контраразузнавање како и придружба на министерот за време на протоколарни, работни и официјални средби и состаноци со меѓународни и домашни институции, организирање на најразлични манифестации, трибини конференции и настани од доменот на односи со јавноста - кратко ажурирање и информирање за лицата или институциите со кои треба да се оствари средба, подготовка на презентации, изработка на работна агенда, подготовка на говори, организирање на работни патувања за министерот надвор од просториите на Министерството за внатрешни работи, како и прием на високи претставници и функционери од странство, нивно сместување и организирање на туристички прошетки. Исто така, Одделението за протоколарни настани и активности е одговорно за организација на меѓународни форуми и конференции под покровителство на Министерството за внатрешни работи, како и конференции организирани во координација со други министерства и странски амбасади во Република Македонија, изработка и упатување на официјални покани до меѓународните посетители, избор на локација за настанот, подготовка на програма за настанот, обезбедување услови и координација за непречен тек на настанот како и однапред преземени безбедносни заштитни мерки за брзо решавање на непријатни и непосакувани ситуации, впрочем за коешто ќе говориме во овој труд.

**3. Одделението за протоколарни настани и активности ги врши следните работи:**

- Се информира и консултира со шефот на Кабинетот на министерот за внатрешни работи, за дневните протоколарни обврски на Министерот за внатрешни работи.
- Гипречекува и испраќа официјалните гости во посета кај министерот за внатрешни работи.
- Ги проверува и ажурирапланираните протоколарни обврски на министерот за внатрешни работи.
- Изработува документи во врска со протоколот во Кабинетот на министерот за внатрешни работи.
- Организира пречек и испраќање на сите протоколарни активности за време на посета на странски министри за внатрешни работи на Република Северна Македонија и за време на министерот за внатрешни работи на РМ (аеродром, пред зградата на Министерството за внатрешни работи, Единицата за специјални задачи, Единицата за брзо распоредување, и други официјални објекти).
- Резервира ВИП-салон за време на посети на министерот за внатрешни работи во странство и обратно и други авторитети од Министерството за внатрешни работи.
- Изработува: решенија, програми, букети, индикатори и друго, каде што директно е вклучен министерот за внатрешни работи.
- Во случај кога странски министер за внатрешни работи е придружуван од својата сопруга се изработува посебна програма за сопругата и се препорачува за постојан придружник да биде одредена сопругата на министерот, а во случај на нејзина спреченост да се одреди една од сопругите на заменик-министерот или државниот секретар.
- Вокоординација со протоколот на Одделот за Европска Унија и меѓународна соработка, за време на официјални посети на странски министри за внатрешни работи, изработува распоред на возила и распоред за седење во возилата водејќи сметка за секое возило да има екорт офицер.
- Врши резервации за сместување на гостите во хотел од висока категорија, соодветна за нивото на министерот за внатрешни работи и други високи гости.
- Врши резервации за официјални ручеци и вечери во ресторани кои го задоволуваат нивото, притоа водејќи сметка ресторанот да е соодветен за нивото на министерот за внатрешни работи и води сметка да се послужуваат, првенствено, македонски специјалитети и вина од македонското поднебје.

- Изработува распоред на седење и индикатори за гостите. Ги пречекува и испраќа гостите кои се во официјална посета кај министерот за внатрешни работи.
- Одговорен за доследно спроведување на протоколот во Кабинетот на министерот за внатрешни работи.
- Извршува протоколарни подготовки за патување на министерот за внатрешни работи во странство (навремено обезбедување на авионски билети, визи и други формалности, подигање на аванс и друго).
- Води евиденција за дадени подароци за да не би дошло во ситуација да се даваат исти подароци на иста личност.
- Обезбедува рекламен материјал за Република Македонија.
- Во соработка со Одделот за општи и заеднички работи врши планирање и набавка на официјални подароци со мотиви од Република Македонија за потребите на Кабинетот на министерот за внатрешни работи, водејќи сметка за квалитетот на подароците. Води евиденција за дадени и примени подароци во Кабинетот на министерот за внатрешни работи.
- Соработува со Одделот за Европска Унија и меѓународна соработка, со протоколот на НГШ на Армијата на Република Македонија, со Државниот протокол на Република Македонија, со протоколот на Владата на Република Македонија, и протоколот на претседателот на Република Македонија.
- За време на посета на странски министер за одбрана на министерот за внатрешни работи на Република Македонија организира: посета на музеи и културно-историски споменици и задолжително обезбедува туристички водич, како би можело да се презентира културно-историското богатство на Република Северна Македонија;
Обезбедува преведувачка на англиски или соодветен јазик;
- По потреба во соработка со надлежните служби обезбедува санитетско возило со лекарска екипа и обезбедување;
Обезбедува фотограф и изработка на фотоалбум; Води сметка протоколот да се одвива по програмата;
- Врши ажурирање на термините и проверка на погодноста на истите за успешна реализација на посетите на странски министри за внатрешни работи во посета на министерот за внатрешни работи на Република Северна Македонија и за време на официјални посети на министерот за внатрешни работи на Република Северна Македонија во странски земји.Изработува годишен календар со значајни датуми.

- Во координација со протоколот на Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија врши ажурирање на протоколарниот список.
- Води евиденција на пристигнати акти и документи од делокругот на протоколот и одговара на истите и ги архивира.
- Во соработка со одделите во Министерството за внатрешни работи, учествува во подготовката на одбележувањето на Денот на полицијата – 7. Мај и други значајни јубилеи и празници.
- За време на официјални посети на странски министер за одбрана на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, раководи со возачите (ги повикува, издава упатства, врши подготовки) при превезување на делегациите.
- Води евиденција за државни воени празници, за денови на странски полициски сили, свечености, манифестации, родендени на вип-личности и навремено подготвува потребни акти (честитки, обраќања, писма и слично).
- Во соработка со Одделот за Европска Унија и меѓународна соработка, води евиденција за државни и воени празници на земји со кои се остварува соработка и навремено изработува соодветни писма и акти за потпис од министерот и ја ажурира листата на полициски аташеа акредитирани во Република Македонија.
- Во соработка со Одделот за Европска Унија и меѓународна соработка учествува во реализацијата на протоколот за време на разни конференции, семинари, вежби и слично, каде што активно учество зема министерот за внатрешни работи и други високи авторитети од Министерството за внатрешни работи.
- По потреба за време на посета на странски министри за внатрешни работи, и други високи полициски претставници на Министерството за внатрешни работи, во координација со Единицата за брзо распоредување, организира полициски почести пред зградата на Министерството за внатрешни работи и на други официјални места.
- Купува цвеќе за пречек и испраќање за сопругата на странски министер за внатрешни работи кога е во официјална посета на државата.
- Во координација со Одделот за протоколарни настани и активности купува венци и икебана од свежо цвеќе и лента, кога во официјална делегација врз основа на разни воени празници, воени почести, погреби, и сочувства, полага министерот за внатрешни работи и други високи авторитети од Министерството за внатрешни работи.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПРОТОКОЛАРНИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ ЗА 2019 ГОДИНА:

Одделението за протоколарни настани и активности при Секторот за односи со јавност и протоколот во Одделот за односи со јавност и стратешки прашања во Министерството за внатрешни работи е одговорно за обезбедување комплетна поддршка на активностите на министерот, заменик-министерот, државниот секретар и директорите на Бирото за јавна безбедност и на Управата за безбедност и контраразузнавање, како и придружба на министерот за време на протоколарни, работни и официјални средби и состаноци со меѓународни и домашни институции, организирање на најразлични манифестации, трибини, конференции и настани од доменот на протоколот - кратко ажурирање и информирање за лицата или институциите со кои треба да се оствари средба, подготовка на презентации, изработка на работна агенда, подготовка на говори, организирање на работни патувања за министерот надвор од просториите на Министерството за внатрешни работи, како и прием на високи претставници и функционери од странство, нивно сместување и организирање на туристички прошетки.

Исто така, Одделението за протоколарни настани и активности е одговорно за организација на меѓународни форуми и конференции под покровителство на Министерството за внатрешни работи, како и конференции организирани во координација со други министерства и странски амбасади во Република Македонија, изработка и упатување на официјални покани до меѓународните посетители, избор на локација за настанот, подготовка на програма за настанот, обезбедување услови и координација за непречен тек на настанот како и однапред преземени безбедносни заштитни мерки за брзо решавање на непријатни и непосакувани ситуации.

За периодот јануари – декември 2018 година во Министерството за внатрешни работи и надвор од него беа реализирани бројни активности, настани , промоции на проекти, средби, состаноци и конференции на регионално и меѓународно ниво на кои учествуваа министерот Оливер Спасовски, и високи функционери од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и тоа:

- Официјални посети на Министерството за внатрешни работи и другите авторитети од Министерството во странство – 17
- Официјални посети на странски министер за внатрешни работи и други високи претставници – 11
- Средби со невладини граѓански асоцијации – 21
- Работни посети на министерот на Секретаријатот за внатрешни работи, полициските станица играничната полиција и организациски единици во Министерството за внатрешни работи - 22
- Средби на министерот за внатрешни работи и другите авторитети од Министерството за внатрешни работи со високи претставници на меѓународно ниво и протоколарни состаноци од земјава и од странство со дипломатскиот кор – 46
- Учество на министерски конференции на меѓународно ниво – 14
- Учество на конференции, трибини, тркалезни маси, во Република Македонија – 37
- Потпишани меморандуми, договори, спогодби на национално и меѓународно ниво - 6
- Донации од странски влади и меѓународни организации на Република Македонија – 8+1
- Вежби, обуки, семинари, работилници, кампањи – 15
- Извршено уништување на разновидно неупотребувано и трајно оштетено службено оружје – 1
- Опремена полиција – безбедни граѓани: Нови комплетни униформи за припадниците на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија/ Единица за специјални задачи – 2
- Промоција на Прирачник за безбедност на новинарите за време на настани со висок ризик – 1
- Уништување на 170 килограми дрога во Дрисла – 1
- Реновирани полициски станици, полициски одделенија, Секретаријат за внатрешни работи – 11
- Промоција на полициски службеници – 1
- Јубилеј на Единицата за специјални задачи – 1

## ЗАКЛУЧОК

Процесот и значењето на Протоколот во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија е од огромно фундаментално значење, сликата – мозаикот во јавноста за државата дефакто се прикажуваат преку Одделението за протоколарни настани и активности. Протоколот е комплексна наука, а уште покомплексна практична професија. Не поради тежината на материјата, колку поради големиот број на детали кои мораат да бидат земени предвид, за секоја активност, дотолку повеќе што протоколот е активно поврзан со дипломатијата, а со тоа и со безбедноста на една нација, еден регион, па и пошироко. Познавањето на тоа од каде потекнува оваа професија, познавањето на историската нишка преточена преку традиции и обичаи е појдовна основа за адекватна реализација на протоколарните елементи на која било активност.Сите културни и обичајни правила и норми се од големо значење за лицата кои работат во областа на протоколот бидејќи истите се до толкава мера различни што еден ист гест се толкува позитивно во една, но крајно негативно во друга земја. Вистинскиот професионалец не остава ниту еден детаљ за случајност, туку, напротив, сите овие правила (па и многу повеќе) ги зема како „must have“ четиво пред секој поважен настан.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Смиљанов, С., (2018), „Воспоставување на единствен државен протокол на ниво на Република Македонија“, Јофи Скен, Скопје;
2. French, M. M. and Clinton B., (2012) „United States Protocol: The Guide to Official Diplomatic Etiquette“, Rowman & Littlefield Publishers, Estover road, UK
3. Серес, Џ., Вуд, Р.Џ., (2012), „Дипломатски церемонијал и протокол“, Издавачки центар Три, Скопје, Македонија;
4. Мекефри М. Џ., Инис, П., Санда, М. Р., „Протокол 25. јубилејно издание“, Ескваер, Просветно дело, Скопје, Македонија;
5. Марковски, Д., „Дипломатија организација и практика“, Кинематика, Скопје, Македонија;
6. Veljic, Z., (2009), „Diplomatski protocol“, Sluzbeni glasnik, Beograd, Srbija;
7. д-р Петковски, К., д-р Јанкуловска, П., (2006), „Деловно комуницирање“, Битола, Македонија;

8. Post, E., (1922)„,“Etiquette“, 11th Edition, New York, USA
9. Trajkovski, G., (1990), „Diplomatski protocol“, Beograd, Srbija;
10. Verovic, M., (2010), „Poslovno odijevanje“, Horizont-International, Zagreb,Hrvatska;
11. dr. Mikolic, M., (2002), „Diplomatski I poslovni protocol“, Zagreb, Hrvatska;
12. Zelmanovic, D., (1989), „Ilustrirani bonton & protocol“, Mladinska knjiga, Beograd;

САНДЕ СМИЉАНОВ
Одделение за протоколарни настани и активности

**Бранко ТРАЈАНОВСКИ**
**Началник на Оддел за специјални полициски операции**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ**
**ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ПОЛИЦИСКИ ОПЕРАЦИИ**

# ПЕРСПЕКТИВИ ВО РАЗВОЈОТ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ЕДИНИЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕФЕКТИ НА ТЕРОРИЗМОТ ВРЗ СИСТЕМИТЕ НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Во XXI век, секоја земја има сопствен систем за национална безбедност кој соодветствува на нејзините потреби и најефикасно ги ползува нејзините расположливи ресурси за обезбедување на сигурноста на земјата. Неминовно, со самото постоење на овие системи, тие се изложени на можна закана од терористички дејства. Заканите од терористички дејства имаат големо влијание на сите системи за национална безбедност. Можноста за терористички напад нужно создава потреба од национална политика во однос на тероризмот. Нејзината реализација, пак, може да наложи формирање на посебни воени или полициски единици, определување стратегии за борба против

тероризмот, подготвување програми за обука и финансиски вложувања во дополнителни средства и опрема.

Во време на терористички инциденти, сите системи на националната безбедност мораат да бидат на највисоко ниво на готовност – состојба на приправност за одговор која може да наметне трошење на многу време и средства – како и активно учество на највисоките нивоа на власта. Ваквата состојба може да наметне прераспоредување и реорганизација на безбедносните сили со цел да се одговори на сите можни предизвици.

Националната безбедност не е евтина, секоја земја на различни начини ги предвидува овие трошоци, за зголемување на безбедноста на земјата и граѓаните. И покрај тоа што ниедна земја не е во состојба да ги задоволи сите барања во однос на својата безбедност, ова прашање неминовно претставува врвен приоритет.

## ЕДИНИЦИ ЗА СПЕЦИЈАЛЕН ОДГОВОР НА ТЕРОРИЗМОТ ВО РАМКИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА

Секоја влада има обврска да се грижи за безбедноста и сигурноста на своите граѓани. За таа цел, потребно е да планира одговор на евентуални инциденти предизвикани од терористи или криминални структури со употреба на специјално обучени и опремени сили, подготвени да се соочат со ситуации кои се сложени за нормални полициски процедури. Овие специјални сили подразбираат:

- Организација за одговор на кризни состојби што ја сочинуваат определени владини и полициски функционери посебно обучени за донесување одлуки во кризни состојби;
- Единици за тактички дејства, посебно обучени за извршување на високоризични тактички задачи и интервенции во кризни состојби;
- Други единици за извршување на специјализирани задачи.

Единиците за специјални тактички дејства се само една компонента на ефикасниот систем на раководење со кризни состојби. Во согласност со параметрите на политиката на Владата и под раководство на ефективна организација за раководење со кризи, овие единици им овозможуваат на властите дополнителна опција за одговор на терористички инциденти. Доколку одговорот спрема високоризични инциденти се изведува преку недоволно обучен персонал, тоа може да доведе до поголем ризик за граѓаните, заложниците, за полициската организација, отколку за самите терористи. Основниот концепт на

тактичкиот одговор може да се сведе на: максимална посветеност во обуката, планирањето и изведувањето на операциите, со посебно внимание на контролирана примена на сила. Во тој контекст, тие се ангажираат за спасување на заложници, високоризични апсења или заштита на владини капацитети  и други објекти од посебно значење кои се доведени во опасност од напад.

За да ги извршуваат со успех задачите за кои се наменети, единиците (анти-терористички) мора да бидат вистински специјални по сите елементи: организација, селекција, програма и начин на обука, опрема и вооружување и начела на дејствување. Основни принципи на кои се заснова и изведува акцијата на овие единици се: брзина, изненадување, агресивност во дејствувањето, врвна обученост, опременост и храброст на секој припадник. Притоа, потребно е да се дефинира и да се утврди мисијата на единиците и делокругот на работа за да може да се формираат и опремуваат тимови за извршување на поставените задачи.

Составот на единиците за одговор на кризни состојби, главно, зависи од специфичните потреби на земјата. На помали земји со пониско ниво на закани можеби им треба релативно мала единица на национално ниво, додека за поголеми земји соочени со сериозни закани, веројатно, им се потребни неколку вакви единици. Важен аспект за организирањето и функционирањето на ваквите единици е и можноста за селекција и избор на персонал и обезбедувањето на финансиски и материјални средства.

Одговорот на заканите од тероризмот во рамките на секоја држава зависи, првенствено, од нејзиниот квантум и квалитетот на нејзините расположливи противтерористички капацитети. Пресудни елементи за приоритетно ангажирање на полициски сили како одговор на кризната состојба секогаш треба да бидат нејзините логистички можности, неопходното времетраење на операцијата, нивото на нивната релативна подготвеност и квантумот на убиствена сила што треба да се примени за целосно и ефикасно остварување на сите планирани противтерористички активности.

Современите доктринарни решенија на државитеза спротивставување на асиметричните и неконвенционалните безбедносни закани на прво место ги ставаат превентивните и невоени средства, како што се преговори и други видови мерки и постапки во стремежот за нивно елиминирање и намалување на можноста за дестабилизација на мирот и безбедноста на државата. Меѓутоа, современите држави во своите системи за национална безбедност сè

уште не се откажуваат од формирањето и развивањето на ефикасни и соодветно подготвени и обучени специјални единици во рамките на Полицијата, како средство за ефикасно спротивставување на безбедносните закани и појави, но и за одвраќање на евентуалните намери на можниот напаѓач.

Организирањето и одржувањето на сили за специјални задачи и дејства во рамки на Полицијата има свои предности и слабости:

- Се организира и опремува полициска единица за брз одговор со примена на специјални тактички дејства како и за поддршка на редовните полициски сили;
- Постои целосен механизам за поддршка и целосен систем за команда, контрола и комуникации;
- Тактичките елементи на единицата се организираат да можат да извршуваат специфични мисии;
- Овие единици не се подготвени за долготрајни борбени дејства;
- Обуката на овие единици е долга и скапа;
- Изборот на персоналот е сложен поради високите критериуми во поглед на физичките способности и психолошкиот профил;
- Потребна е специјализирана и софистицирана опрема.

## МЕСТОТО И УЛОГАТА НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ПОЛИЦИСКИ СИЛИ ВО СИСТЕМОТ НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Улогата на специјалните единици во современата констелација на сили и безбедносни закани од национално до глобално ниво е поголема во однос на класичните воени сили. Во правилно конципираната национална безбедносна стратегија улогата на ваквите единици во рамките на Полицијата како безбедносна институција е од големо значење. Улогата на специјалните единици е репрезентативна и превентивна во услови на мир, во својство на одвраќање на можниот напаѓач како и во разрешувањето на конфликтни и кризни ситуации.

Формирањето на специјални единици во системите за национална безбедност е гарант за успешно справување со повеќето видови неконвенционални и асиметрични закани кои се во пораст, исто така, тие се формации кои во секое време ќе можат да бидат оперативно подготвени за учество во мировни и друг вид операции. Република Северна Македонија сериозно работи да ја пополни законската регулатива за справување со современите видови на безбедносни закани

и со создавање и развивање на специјални полициски сили за соодветен одговор и елиминирање на ваков вид на закани.

## ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ПОЛИЦИСКИ ОПЕРАЦИИ

Во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за решавање на сложени безбедносни задачи формирани се посебни и специјални полициски единици, како што се Единицата за специјални задачи, Единицата за брзо распоредување и Единицата за обука и поддршка-ПЕП, кои функционално се обединети во Одделот за специјални полициски операции - ОСПО, кој е поставен во рамките на Бирото за јавна безбедност.

Основната улога на Одделот за специјални полициски операции е создавање на процедури и предуслови за успешна борба против организираниот криминал, тероризмот и други внатрешни закани на безбедност во сите средини и услови, како и за обезбедување на стабилен јавен ред и мир, одржување на стабилна безбедносна состојба и овозможување на единиците самостојно да изведуваат високоризични полициски операции. Воспоставен е современ систем на раководење, командување, контрола и реализација на обуките и задачите што придонесува за рационализација во функционирањето и поголем квалитет во извршување на поставените задачи, кој се базира на модерни и современи принципи и искуства на организација и правилно персонално менаџирање на полициските службеници и старешините.

Одделот за специјални полициски операции ја раководи, организира и координира работата на организациските единици во својот состав. Истиот е одговорен за ефикасно функционирање и реализирање на стандардите утврдени од раководството на Министерството за внатрешни работи.

ЗАДАЧИ НА ОДДЕЛОТ:

- решавање на високоризични безбедносни задачи при кризни состојби,
- воспоставување на нарушен јавен ред и мир во поголем обем,
- обезбедување на манифестации и јавни собири од поголем карактер,
- давање асистенција на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при апсење на опасни лица,
- поддршка на граничната полиција за спречување на илегални преминувања на зелената граница,

- поддршка на секторите за внатрешни работи за апсење на опасни лица,
- асистенција на Центарот за обука при организирање на обуки за потребите на други организациски единици во Министерството за внатрешни работи од областа на задачите и надлежноста на единиците итн.

**Единицата за специјални задачи** е една од трите единици во составот на Одделот за специјални полициски операции. Оваа единица дејствува во случај на внатрешни нереди и загрозувања, како: упад во објекти, апсења на сторители на тешки кривични дела, поддршка при претрес на објекти при барање на оружје, дрога или друг вид илегален материјал, антитерористички дејства, обезбедување на посебни објекти и ВИП лица, ослободување заложници и други дејства за кои постоела потреба од нејзина интервенција. Припадниците на Единицата за специјални задачи најчесто дејствуваат по оперативни отсеци од одредена специјалност а задачите ги извршуваат самостојно или со поддршка од другите единици на Министерството за внатрешни работи.













**Единицата за брзо распоредување** со своите капацитети за многу кратко време може да постапува на целата територија на државата. Оваа Единица е од редот на силите со висока готовност и способност за справување со вооружени екстремисти, криминалци и банди во руралните средини. Припадниците на Единицата за брзо распоредување се обучени за потрага, блокирање и лишување од слобода на вооружени криминални групи, банди и поединци за коипостојат сознанија дека нивните апсења се со висок ризик. Припадниците на Единица за брзо распоредување се обучени да

се вклучат во пообемни акции на Министерството за внатрешни работи во борбата со пософистицираните облици на криминал, со давање поддршка на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал. При секое нарушување на јавниот ред и мир, при поголеми и масовни собири, припадниците на Единицата за брзо распоредување се обучени во најкраток можен рок да го воспостават нарушениот јавен ред и мир како и да се справат со секаков вид на нереди.














**Единицата за обука и поддршка - ПЕП** е формирана поради заштита на безбедноста на Република Северна Македонија во услови на сложена безбедносна состојба, кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем или поради спасување на луѓето и имотот при природни непогоди и други несреќи.

Припадниците на Единицата за обука и поддршка - ПЕП се специјализирани за: обезбедување на спортски, културни и други јавни манифестации каде што има масовно собирање на граѓани; воспоставување на нарушен јавен ред и мир во поголем обем на отворен простор и на стадиони и во сали; поддршка на единиците на Одделот за специјални полициски операции со снајперски тимови; изведување на задачи со патролирање во рурални средини.
















**ОРГАНИЗАЦИЈА**

Одделот за специјални полициски операции со единиците во неговиот состав се под директна надлежност на директорот на Бирото за јавна безбедност.

Специјалните единици меѓусебно се разликуваат по внатрешната организација и по бројноста. Единицата за брзо распоредување и Единицата за обука и поддршка – ПЕП се поголеми формации по бројност од Единицата за специјални задачи.

Изминатиов период единиците од Одделот за специјални полициски операции реализирале голем број на акции за апсење на опасни и вооружени лица и криминалци, решавани се заложнички ситуации, неутрализирани се и елиминирани диверзантско-терористички групи. Успешно се обезбедувале највисоките државни политички претставници, големи собири и манифестации од културен и спортски карактер, објекти од витално значење и на странски државници при посета на нашата држава.

Развивањето и одржувањето на тимската работа, колективниот дух и чувството на припадност во овие единици има многу големо значење. Задачите и акциите што се извршуваат најчесто се многу стресни и физички и психички ги оптоваруваат припадниците. Припадниците на овие единици мора да дејствуваат како уиграни и компактни тимови во кои секој прецизно ги знае своите должности и даваат максимум од своите можности.

За таа цел, се организираат разновидни обуки и семинари за стекнување на вештини и знаења кои се неопходни за успешно извршување на задачите.

## СЕЛЕКЦИЈА, ПОПОЛНУВАЊЕ И ОБУКА

Специјалните единици на Министерството за внатрешни работи се пополнуваат по принцип на доброволно пријавување на полициски службеници на интерен конкурс со примена на посебна постапка на нивна селекција.

Кандидатите за да бидат примени во единиците треба да имаат високи психофизички способности, по што, поминуваат низ ригорозна селективна обука во неколку фази и само доколку успешно ја завршат обуката стануваат припадници на единиците.

## ОПРЕМА

Специјалните единици на Министерството за внатрешни работи располагаат со разни видови на оружје, материјално-технички средства и опрема: пиштоли калибар 9 мм „глок 17“, „ХС“, „ЦЗ 99“; автомати „хеклер-кох МП5“, автоматски пушки „М70“ 7,62 мм, автоматски пушка „тавор“ 5,56мм. Препознатливи се по користењето на оклопните транспортни возила „волф“, БТР и „хермелин“, теренските транспортни возила „пинцгауер“ и „дефендер“. Од стрелачкото вооружување располагаат со пушкомитралези „М84“ 7,62 мм, со снајперски пушки „М76“ 7,9 мм, „црна стрела“ 12,7 мм, „Драгунов“ 7,62 мм, „акјуриси“ 308 W и 338 „лапуа магнум“ и друго.













**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИ ОБУКИ И ВЕЖБИ**

Поради националната подготвеност за меѓународната и регионалната соработка помеѓу цивилните и воените институции за планирање на постапките за одговор во случај на кризи и за намалување на ефектите од терористичките активности, транснационалните закани или природни катастрофи и поради зголемување на националните способности за одговор на вакви настани и активности Министерството за внатрешни работи како дел од националниот систем за справување со кризи на Република Северна Македонија, преку свои претставници учествува на подготвителни сесии за меѓународни вежби, во работни групи за подготовка на самите вежби како и во подготвувањето на националното сценарио за одржувањето на вежби во Република Северна Македонија.

Во согласност со „Упатството за оперативни и други постапки на Армијата на Република Северна Македонија во поддршка на полицијата во случај на кризна состојба" и „Упатството за оперативни и други постапки на Министерството за внатрешни работи во услови на кризна состојба во Република Северна Македонија" дефиниран е начинот на планирање, организирање, координација, раководење, командување и контрола над службите во Министерството за внатрешни работи кои се

ангажирани при извршување на службени задачи во услови на кризна состојба на територијата на Републиката.

Следен чекор за подобрување на координацијата помеѓу Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана беше потпишувањето на „Меморандум за соработка меѓу Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи“. Во рамките на меморандумот за соработка е содржана основната концептуална рамка во која треба да се остварува потребната меѓусебна соработка. Генерално, меморандумот ги обврзува Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана да ја унапредат соработката и размената на искуства за прашања од безбедносно и одбранбено значење, поврзани со решавање на сложени безбедносни ситуации, заеднички организирани форми на соработка во насока на меѓусебно усогласување на активностите, усовршување и едукација на кадрите, како и други форми на соработка.

Основна задача во процесот на обуката на специјалните единици е оспособување на припадниците за брзо и ефикасно справување со предизвиците. Обуката на овие единици е специфична и таа е насочена кон стекнување на широк опсег на вештини значајни за извршување на сложените задачи.

Поради постојаниот и брз напредок на иновациите на планот на развојот на техниката и на вооружувањето и како резултат на сѐ почестите терористички напади, кои е сѐ потешко да се предвидуваат, сѐ повеќе се зголемуваат барањата кои припадниците на специјалните единици треба да ги исполнуваат поради преземање на мерки за успешно спротивставување во борбата против тероризмот. Многу е важно постојано да се унапредуваат содржините на обуката, да се анализираат постигнатите резултати и да се приспособуваат и воведуваат нови содржини во обуките, во согласност со современите потреби и тактики. Исто така, процесот на обуките треба да се приспособува на амбиентот и реалните услови во кои припадниците на специјалните единици ги извршуваат задачите. Поради тоа, во обуката тежиштето се става, пред сѐ, на одржување на физичката кондиција, како и на гаѓањата и тактиките за специјални дејства, кои се спроведуваат на наменски изградени стрелишта, објекти и полигони.

Како резултат на долгогодишната успешна соработка со ИЦИТАП и Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Скопје, во изминатиот период се изградени повеќенаменско стрелиште и таканаречена „Куќа за пукање“ во рамките на полициската база во

„Ѓорче Петров“ кои се достапни и на домашни и на меѓународни полициски организации и единици.







Одделот за специјални полициски операции развива активна меѓународна соработка со сродни странски единици, со кои се разменуваат искуства, посебно со: француските „RAID“ и „CRS“, австриската „ECOCobra“, српската „САЈ“, во поново време со американските „SEAL“ и други.

Особено е долготрајна и успешна соработката со специјализираната единица „CRS“ преку организирање на специјалистички курсеви и размена на искуства со француските колеги.

Припадниците на Единицата за брзо распоредување, Единицата за специјални задачи и Единицата за обука и поддршка учествуваат и на домашни и на меѓународни натпревари каде постигнуваат значајни резултати и достојно ја претставуваат својата држава.

## ПОТРЕБА ОД МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА АНТИТЕРОРИЗМОТ И КОНТРАТЕРОРИЗМОТ

Меѓународните организации, како ООН, НАТО, ОБСЕ и други, во своите програми,после 11. септември2001 година, како една од најважните целија истакнуваат и борбата против „транснационалните и нетрадиционалнитепредизвици – закани“, меѓународниот тероризам и организираниот криминал (трговија со дрога, пролиферација на нуклеарно, хемиско и биолошко оружје и трговијасо бело робје). Овие глобални предизвици – заканипо безбедноста, дејствуваат на Меѓународната заедница како јаки интегративни силии предизвикуваатпоголемо поврзување и соработка, бидејќи, факт е дека ни една држава колку и да е моќна, не може самостојно да се „фати во костец“ со тие проблеми. Јасно е дека борбата против „глобалниот криминал“ може да се добие, единствено, преку „глобална соработка“ со формирање на организации како центри на мултилатерална соработка во борбата против криминалот во меѓународни рамки.




*АТЛАС - (ATLAS - ALL TOGETHER TO PROTECT YOU)*

Единиците за специјални задачи, или тимови за брзи интервенции се основа на противтерористичките операции. Нивното формирање и функционирање е поради нивно можно ангажирање за време на терористички напад од кој било тип, како логична реакција по добиена информација за можен напад, со која, терористичкиот напад би бил спречен.

За постигнување на повисоко ниво на професионалност при дејствувањето на единиците за специјални задачи, потребно е што повеќе обука како поединечно така и тимско, бидејќи во практиката една мала грешка кога се работи за борба против тероризмот може да биде фатална. Многу значајна улога во развојот на борбата против тероризмот има и искуството кое доколку биде споделено помеѓу единиците може да ја зголеми ефикасноста при дејствувањето во слични услови. За оваа цел во 1996 година, Европската Унија дала иницијатива за создавање на координативно тело со задача да прибира и дава податоци за зголемување на ефикасноста во борбата против тероризмот. Постоењето и работата на ова тело е минорно сè до 11 септември 2001 година, по кој настан ЕВРОПОЛ, во октомври истата година свикува координација на сите тимови кои имаат искуство со борба против тероризмот. На таа седница е основана мрежата АТЛАС која има за цел да ги поврзе и подигне единиците за специјални задачи во земјите членки на Европската Унија на највисоко можно ниво.

АТЛАС брои повеќе од 30 единици распоредени во земјите од Европската Унија. Постоењето на мрежата АТЛАС за прв пат е објавено во ноември 2005, а во јануари 2006 година. Европската Унија објавила дека единиците од АТЛАС се употребени во акции за ослободување на заложници како и во повеќе акции од друг вид. Соработката на единиците од мрежата АТЛАС е насочена кон стандардизација на подготовките како и унифицирање на опремата на единиците во различни земји. Постоењето на АТЛАС е од огромно значење и корист за малите земји кои немаат големо искуство со борбата против тероризмот, а со евентуална координација со АТЛАС би им овозможило да се запознаат со сите ефективни мерки за борба против модерниот тероризам.

За да се намалат трошоците за подготовки на нови тимови во земјите со мали буџети АТЛАС се залага за добивање дозволи на тимовите членки на оваа мрежа да можат да дејствуваат и надвор од границите на своите земји, со што би се овозможило континентално покривање со сегашниот број на специјално обучени тимови. Во декември 2006 година, Австрија понудила правно решение со кое националните единици за специјални задачи би преминале под закрила на Европската Унија со што би се олеснила правната ограниченост на тимовите за дејствување надвор од границите на своите земји. Намерата била на ваков начин да се зајакне мрежата со поголема професионалност во исполнување на задачите.

Мрежата АТЛАС игра важна улога во европскиот контратероризам преку создавање на доверба помеѓу различните единици што би помогнало во попрофесионално интервенирање.

## ПЕРСПЕКТИВИ ВО РАЗВОЈОТ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ЕДИНИЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Една од основните определби на Република Северна Македонија е членството во НАТО, безбедносниот систем и Европската Унија. За остварување на оваа определба, Републиката ги дефинира основните цели кои треба да се постигнат, а тоа се: приспособување на целокупната општествена структура според вредностите и стандардите, но и нормите и моделите кои се применуваат во земјите членки на НАТО и Европската Унија. Посебна цел на Владата на Република Северна Македонија претставува обезбедувањето и развојот на безбедносниот и одбранбениот систем. Со реформите неопходно ќе биде потребно да се обезбеди добро организиран и ефикасен безбедносен систем кој ќе може да функционира и да ги остварува своите законски овластувања во сложени безбедносни услови и во услови на воена состојба, при што, потребно е да се зачуваат тековните вредности и да се инкорпорираат во новите процеси на полицијата.

Посебно се значајни реформите во сегментот на поставеноста и организираноста на специјалните единици на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Потребно е реформата во овие единици да се одвива во насока на зголемување на капацитетите од организациски, кадровски, материјален и финансиски аспект и да се настојува да се потенцира остварувањето на полициските задачи (посебните и специјалните) во функција на заштита на животот и материјалните добра на граѓаните на Републиката.

Во насока на поддршка за остварување на реформата во посебните и специјалните единици на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија е и зацртаната конкретна цел во „*Стратегијата за развој на полицијата 2016-2020*“ со која се предвидува подобрување на ефикасноста и јакнење на капацитетите на единиците на Одделот за специјални полициски операции (ОСПО) за справување со вонредни ситуации (протести, немири и слично), покрај другото и со целосно пополнување на единиците со човечки ресурси според предвидената систематизација, потоа со остварување на висок степен на обученост на вработените, како и соодветна материјално-техничка опременост.

Најважна задача на полицијата, а со тоа и на организациските единици во составот на Одделот за специјални полициски операции - Единицата за брзо распоредување, Единицата за специјални задачи и Единицата за обука и поддршка е постојано да бидат подготвени за извршување на задачи поврзани со ризични и сложени безбедносни задачи и справување со сите категории на опасни и вооружени лица, криминални банди и терористички групи.Основни предуслови за ефикасно и безбедно извршување на вакви интервенции се факторите изненадување, брзина и енергичен настап на тимовите за интервенции, за упад или за нападни дејства, а за да се постигне тоа, од особено значење е добрата обученост и опременост на полициските сили.



Со реализацијата на барањата за континуирано опремување кои претставуваат само дел од целокупните приоритетни и неопходни потреби на Единица за брзо распоредување, Единицата за специјални задачи и Единицата за обука и поддршка значително ќе се подобри состојбата во поглед на подготвеноста на полициските службеници за успешно извршување на поставените задачи а со тоа значително ќе се зголемат и капацитетите на Министерството за внатрешни работи за успешно справување и борба со сите безбедносни ризици, предизвици и криминални дејства во нашата земја како и за одржувањето на висок

борбен морал и состојба на сигурност кај полициските службеници при извршување на поставените задачи.

## ЗАКЛУЧОК

Денес, во современата Меѓународна заедница, почнуваат да егзистираат нови и уште поопасни форми на тероризам со можност да предизвикаат и масовни последици со што светот полека станува нивен заложник. Тоа ја зголемува потребата од секојдневно, научно и стручно следење на овој комплексен и опасен феномен, но и континуирано дефинирање на поимот тероризам, со една единствена цел - водење успешна борба против тероризмот во иднина.

Живееме во свет во кој се присутни непредвидливи ризици и опасности по мирот и стабилноста на државите. Сè повеќе сме убедени дека класичната воена закана не е можна, но за разлика од неа сè поверојатни се асиметричните закани кои сè повеќе и повеќе добиваат на интензитет. Во нé толку далечното минато карактеристичната закана за стабилноста на општеството многу често произлегуваше од надворешни вооружени конфликти. Во изминатите десетина години, се појавија нови форми на закани поврзани со социјалните, економските и со меѓуетничките прашања, кои би можеле да го исфрлат од колосек нормалното функционирање на државата, наспроти најдобрите намери и напори на нејзините институции и граѓаните. Се поставува прашањето - Како државите да се справуваат со новите предизвици кои се од големи размери.

Борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната миграција, нелегалната трговија со дрога, оружје, луѓе и стратегиски материјали е посебно сложена задача за која треба да се преземат низа специфични мерки и активности, меѓу кои носечки треба да бидат: организацијата на ефикасна гранична полиција, развивање и опремување на специјалните единици за борба против тероризмот и сериозните облици на организиран криминалитет и усогласување на механизми и процедури за меѓудржавна размена на податоци, соработка и помош.

Република Северна Македонија треба да биде насочена кон градење на систем на национална безбедност којшто ќе биде погоден, ефикасен и компатибилен до таа мера што секој граѓанин којшто е дел од заедницата ќе се чувствува сигурен, безбеден и слободен во остварувањето на своите права и интереси загарантирани со Уставот, законите и голем број на меѓународни документи. Република Северна

Македонија како и сите други земји во светот, без разлика на степенот на развиеноста, политичката и воената ситуираност и национален состав, мора трајно да организира, одржува и развива систем на одбрана, безбедност и заштита, како гаранција за мирен општествен развој.

БРАНКО ТРАЈАНОВСКИ
Оддел за специјални полициски операции

**Марјан КОЦЕВ**
**Помошник - директор на Бирото за јавна безбедност**
**Оддел за Криминалистичка Полиција**

## ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКА ПОЛИЦИЈА

Со последните промени во систематизацијата на Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи од септември 2015 година, возобновена е улогата на Одделот за криминалистичка полиција како стручна служба задолжена за борба против сериозни форми на кривични дела од областа на општ и насилен криминал, недозволена трговија со дроги, оружје и опасни материи и економски криминал и корупција.

Одделот за криминалистичка полиција според описот и пописот на работни места ги извршува работните задачи од својот делокруг на работа кои се однесуваат на организирање и координирање на организациските единици во рамките на Бирото за јавна безбедност со цел откривање на кривични дела, идентификување на сторители на кривични дела и обезбедување на материјални докази. Основната функција и задача на Одделот за криминалистичка полиција е оперативно координирачка и инструктивно насочувачка дејност, како и стручна помош на подрачните единици за криминалистички работи со што значително би се подобриле резултатите во борбата против сите видови на криминал на подрачјето на целата држава.

Исто така, Одделот за криминалистичка полиција е задолжен и за координирање и преземање на мерки со други државни органи и јавни институции кои се директно или индиректно задолжени за сузбивање на криминалот. Одделот е задолжен и за давање насоки за унифицирано постапување на организациските единици за криминалистички работи и доследна примена на законските и подзаконските акти.

Една од битните задачи на Одделот за криминалистичка полиција е унапредувањето и развивањето на меѓународната соработка во делокругот на надлежностите на Одделот, што воедно претставува и долгорочна стратешка определба на Министерството за внатрешни работи во целост.

Потребно е да се напомни дека припадниците на Одделот за криминалистичка полиција се долгогодишни искусни професионалци кои претходно го стекнувале своето работно искуство работејќи во подрачните единици за криминалистичка полиција.

Со Одделот за криминалистичка полиција раководи помошник на директорот на Бирото за јавна безбедност за Одделот за криминалистичка полиција, а во рамките на Одделот за криминалистичка полиција функционираат три сектори :

- Сектор за општ и насилен криминал (СОНК) ;
- Сектор за економски криминал и корупција (СЕКК) ;
- Сектор за недозволена трговија со droги, оружје и опасни материи (СНТДООМ).

Задачата на овие три сектори е преку секојдневна комуникација и размена на информации со подрачните единици непосредно да се вклучуваат во расчистувањето на сериозни форми на кривични дела од нивниот делокруг на работа и со отворање и водење на заеднички оперативни акции и криминалистички обработки, директно и непосредно да учествуваат во борбата против криминалот на подрачјето на целата држава.

Исто така, во рамките на своите законски утврдени надлежности, секторите се задолжени и за идентификување и иницирање на стручна едукација и професионален развој на припадниците на криминалистичката полиција, како и за следење на состојбите и идентификување на нови појави и трендови во одделни области на криминал и преземање на конкретни активности за справување со истите.

**Секторот за недозволена трговија со дроги, оружје и опасни материи (СНТДООМ)** во насока на борба против недозволената трговија со дроги, оружје и опасни материи, а врз основа на неговата поставеност во организациската структура на Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија како и постојните законски и подзаконски акти, во временскиот период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година во соработка со другите организациски единици во Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи презеде голем број на активности кои резултираа со:

Спроведени вкупно седумнаесет криминалистички истраги, при што се поднесени вкупно 55 кривични пријави кои се предадени на други организациски единици од Бирото за јавна безбедност и Секторот за внатрешни работи, а поднесени против 80 лица, од кои**:**

- Шест кривични пријави по член 215 став 3 од Кривичниот законик на Република Македонија против 25 лица;
- 33 кривична пријава по член 215 став 1 од Кривичниот законик на Република Македонија против 37 лица;
- 13 кривични пријави по член 396 од Кривичниот законик на Република Македонија против 13 лица;
- една кривична пријава по член 382 од Кривичниот законик на Република Македонија против 2 лица;
- една кривична пријава по членовите 365 и 353 од Кривичниот законик на Република Македонија против 1 лице;
- една кривична пријава по член 364 од Кривичниот законик на Република Македонија против 1 лице;
- една кривична пријава по член 383 од Кривичниот законик на Република Македонија против 1 лице;

Откриени се две лаборатории за производство на наркотична и синтетичка дрога.

**ЗАПЛЕНИ :**

- Марихуана: 1.009 килограми и 404 грама;
- Хероин: 220 грама;
- Кокаин: 195 грама;
- Екстази: 110 таблети и 4,17 грама прав од екстази;
- Пиштоли: 16;
- Куршуми: 320;
- РПГ: 1;
- Гранати: 10;
- ПМВ: 11;
- ТМВ: 1;
- Парични средства: 23.800евра и 144.700 денари;
- 36 шишенца метадон;
- Прекурзори и опрема за производство на метамфетамин;
- Сто и дваесет насади од растението „CannabisSativa“;
- Опрема и средства за лабораторија за производство на марихуана.

Секторот за недозволена трговија со droги, оружје и опасни материи (СНТДООМ) е составен од две единици и тоа: Единица на недозволена трговија со дроги (ЕНТД) и Единица за недозволена трговија со оружје, опасни материи и радиоактивен материјал (ЕНТООМРМ). Бидејќи криминалот поврзан со недозволена трговија со

дроги е во експанзија како во регионот, така и во целиот свет, Единицата за недозволена трговија со дроги во следниот период во соработка со другите организациски единици во Бирото за јавна безбедност како и во содејство со други државни органи и институции, ќе ги интензивира своите активности со цел сузбивање на овој вид на криминал.

Имајќи предвид дека криминалот поврзан со недозволена трговија со дроги во значителна мера влијае и за зголемување на процентот на други кривични дела како што се тешки кражби, разбојништва, сексуални деликти, лихварство и друго, сузбивањето на злоупотребата на дроги во значителна мера би придонело и за намалување на другите кривични дела.

Истовремено, преку учество во работата на Меѓуресорската комисија за злоупотреба на дрогите, Одделот за криминалистичка полиција ќе иницира и друг вид на активности со цел „намалување на побарувачката на дроги“ преку организирање на предавања за опасностите од дроги на младата популација.

Во делот на преземање на активности против недозволена трговија со оружје, опасни и радиоактивни материи Единица за недозволена трговија со оружје, опасни материи и радиоактивен материјал доследно ќе ги спроведе насоките од Групата за давање задачи и координација (ГДЗК) чијшто заклучок е дека криминалот поврзан со недозволена трговија со оружје е еден од стратешките приоритети во работата на Министерството за внатрешни работи во 2019 година.

Во Одделот за криминалистичка полиција, покрај Секторот за општ и насилен криминал и Секторот за недозволена трговија за дрога, оружје и опасни материи, функционира и **Сектор за економски криминал и корупција** со две единици и тоа: Единица за економски криминал и Единица за борба против корупција. Надлежностите на Секторот за економски криминал и корупција и овие две единици покрај другото, се состојат во координирање и насочување, давање стручна поддршка но и учество во криминалистички истражувања кои се однесуваат на сомневања за сторени кривични дела од областа на економскиот криминал и корупција а во кои истражувања се вклучени и други организациски единици за криминалистичка полиција од Бирото за јавна безбедност. Во Секторот за економски криминал и корупција покрај раководителите има и искусни полициски службеници со правен, економски и факултет за безбедност кои зад себе имаат и

повеќегодишно работно искуство во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

**Секторот за економски криминал и корупција** ги препознава главните проблематики од областа на економскиот криминал и корупција со кои се соочуваат секторите за внатрешни работи каде е потребно координирано дејствување. Во таа насока, преку отворање на криминалистички истражувања, пред сѐ, оперативни акции, Секторот за економски криминал и корупција презема мерки за подигање на нивото на квалитет во постапувањето на секторите за внатрешни работи како и мерки за нивна зголемена ефикасност.

Една констатирана слабост во постапувањето на Министерството за внатрешни работи при истражувањето на криминалитетот е недостатокот на спроведени финансиски истраги. Спроведувањето на овие истраги чија првенствена цел е откривање и собирање докази за противправно стекнат имот и имотна корист кои во понатамошна постапка би биле конфискувани, е еден од главните приоритети на Секторот за економски криминал и корупција. Од тие причини, Секторот вложува посебни напори насочени кон развивање на унифициран концепт и пристап во спроведувањето на финансиските истраги во сите организациски единици во Министерството за внатрешни работи.

Сегашните согледувања укажуваат на тоа дека ќе биде потребно формирање на посебни организациски единици чија основна надлежност би било спроведување на финансиски истраги од страна на високостручни полициски службеници кои самостојно но и со поддршка на полициските службеници од другите организациски единици од Министерството за внатрешни работи би работеле на откривање на нелегално стекнат имот (движење на парите) за време на вршењето на кривичното дело, а понатаму и на докажување на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело, како и утврдување на нелегални економски и финансиски структури, пресретнување на меѓународни криминални мрежи и собирање на податоци за шеми на криминално однесување. Овие активности треба да резултираат со изрекување на времени мерки за обезбедување на нелегално стекнатиот имот, а понатаму и со негова конфискација во соодветна постапка, како би се нападнала економската и финансиската инфраструктура на криминалните групи за вршење на нови кривични дела а државата (жртвите) би добила некаква репарација за стореното кривично дело.

Во таа насока Секторот за економски криминал и корупција иницира формирање на наменски и стручни единици за водење на финансиски истраги, активно работи на проширување на пристапот за полициските службеници до базите на податоци кои ги водат другите институции во земјата, активно работи на создавање на стручен и високо-обучен кадар кој освен што ќе води финансиски истраги ќе може да придонесе и кон остручување на сите полициски службеници кои водат криминалистички истражувања.

Во таа насока, Секторот за економски криминал и корупција со свој претставник учествува во проектот на Канцеларијата за дрога и криминал на Обединетите нации за водење на финансиски истраги кој освен што е насочен кон создавање на домашен тренерски тим од областа на водење на финансиски истраги, има за цел и да стандардизира и институционализира програма за финансиски истраги која би била спроведувана како обука за истражители во институциите кои водат истраги.

**Секторот за општ и насилен криминал** организациски припаѓа на Одделот за криминалистичка полиција во Бирото за јавна безбедност. Истиот е составен од две единици и тоа: Единица за имотен и насилен криминал и Единица за крвни и сексуални деликти.

Секторот во согласност со своите надлежности, активно презема мерки и активности, во согласност со утврдените цели и приоритети, како и врз основа на веќе воспоставените оперативни акции, криминалистички контроли и криминалистички обработки.

Единицата за крвни и сексуални деликти која функционира во рамките на Секторот за општ и насилен криминал врши оперативно-координирачка, инструктивно- насочувачка функција кон соодветните единици, одделенија, отсеци и други организациски служби кои се во склоп на секој поединечен сектор за внатрешни работи на територијата на Република Северна Македонија, а во чиј делокруг на работни задачи и обврски е криминалитетот од областа на крвни и сексуални деликти, односно кривичните дела против животот и телото и кривичните дела против половата слобода и моралот.

Во рамките на својот делокруг на работа, Единицата за крвни и сексуални деликти е насочена кон реализација на планираните приоритетни активности како и тековно планирање и реализирање на дополнителни мерки и активности кои произлегуваат од новиот опис и попис на работни задачи во согласност со систематизацијата на Одделот за криминалистичка полиција.

Координираната работа со секторите за внатрешни работи на територијата на Република Северна Македонија во текот на 2018 и 2019 година резултираа со расветлување на повеќе тешки кривични дела од областа на крвни и сексуални деликти од кои можат да се издвојат следните:

- Кривично дело Убиство извршено на 26.8.2018 година над три лица: А.П., неговата сопруга Н.П. и нивната ќерка А.П, во нивната семејна куќа во Дебар. Кривичното дело е расветлено и е поднесена кривична пријава против три лица, поради постоење на основано сомневање дека сториле кривично дело „Убиство“ ,предвидено и казниво по членот 123 од Кривичниот законик на Република Македонија.
- Кривично дело Убиство извршено над лицето А.Б. од Битола, извршено од страна на полицискиот службеник Т.Е. од Битола, каде заедно со Секторот за внатрешни работи - Битола и Надворешната канцеларија за криминалистички работи - Прилеп планирано и координирано беа преземени мерки и активности со цел расветлување на делото, што резултираше со поднесена кривична пријава за кривично дело „Убиство“, предвидено и казниво по членот 123 од Кривичниот законик на Република Македонија.
- Кривично дело Убиство извршено на ден 5.4.2018 година во село Мала Речица, Тетово кога тринаесет лица, поделени во две групи, кои поради претходно меѓусебно нетрпение и поради нерасчистени меѓусебни односи и ривалство, започнале меѓусебна пресметка и престрелка со огнено оружје во која со смртни последици се здобило лицето Н.Р. на 38-годишна возраст и од здобиените повреди починало на лице место.
- Кривично дело Убиство извршено на 19.4.2019 година, во место викано Селиште, атар на селото Копришница, Демир Капија, над лицето Ј.Д. од село Тимјаник, Неготино, извршено од страна на Д.К. од Неготино, каде заедно со Надворешната канцеларија за криминалистички работи - Неготино планирано и координирано биле преземени мерки и активности со цел расветлување на делото, што резултирало со поднесена кривична пријава за кривично дело „Убиство од небрежност“ предвидено и казниво по членот 126 од Кривичниот законик на Република Македонија.

- Планирање и преземање на мерки и активности во врска со помагање на извршено кривично дело „Недозволено производство на дрога“ кога на 10.7.2018 година, во Скопје, е запалено ПМВ „фолксваген – фајтон“.Единицата за крвни и сексуални деликти во координација со Одделот за криминалистичка полиција – Единица на недозволена трговија со дроги преземаше мерки и активности за реализација на случајот (состанок со Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, идентификација на лица, помагање во подготвување кривична пријава, вршење претреси) што резултираше со поднесена кривична пријава против едно лице.

Единицата за имотен и насилен криминал врши иста функција како и Единицата за крвни и сексуални деликти и ги има истите надлежности во рамките на утврдените цели и приоритети, само во областа на имотните деликти (разбојништва, тешки кражби, тешки кражби на дрзок начин, разбојнички кражби, одземање на моторни возила и измами). За таа цел, истата активно презема мерки и активности, во согласност со утврдените цели и приоритети како и врз основа на веќе воспоставените оперативни акции, криминалистички контроли и криминалистички обработки.

Координираната работа на Единицата за имотен и насилен криминал со секторите за внатрешни работи на територијата на Република Северна Македонија во текот на 2018 и 2019 година резултираа со расветлување на повеќе тешки кривични дела од областа на имотните деликти од кои можат да се издвојат следните:

- Преземени се мерки во врска со кривични дела „Тешка кражба“ во станови извршени со отворање на сигурносни блиндор врати, каде како лице - можен сторител е М.В. чијшто ДНК-профил се идентификува со ДНК подигнати од 8 кривични дела. Од страна на Секторот за внатрешни работи -Скопје поднесена е кривична пријава против М.В. на кого му беше одредена мерка притвор од 8 дена.
- Преземени се мерки во врска со кривични дела „Тешки кражби“ во станови извршени со насилно отворање на влезните врати со кршење на надворешниот дел од цилиндричната брава за кои постои основано сомневање дека сторител е лицето И.С. по чие приведување од страна на Единицата за имотен и насилен криминал е извршено координирање и организација за работа со истото лице во Одделот за криминалистичка полиција- Струмица и Надворешната канцеларија за криминалистички работи -

Кавадарци, при што се реализирани 127 кривични дела, поднесена е пријава и одредена му е мерка притвор од 30 дена.

- Во координирана акција со сите сектори за внатрешни работи во Република Северна Македонија утврдено е дека постои сомневање дека лицата М.З. и В.Г. ги имаат извршено следните кривични дела:
- Сектор за внатрешни работи - Куманово (2 тешки кражби),
- Сектор за внатрешни работи - Тетово (1 тешка кражба),
- Сектор за внатрешни работи - Охрид (2 кражби),
- Сектор за внатрешни работи - Битола (1 тешка кражба и 1 тешка кражба во обид),
- Сектор за внатрешни работи - Штип (2 тешки кражби и 1 кражба),
- Сектор за внатрешни работи - Струмица (1 тешка кражба и 1 тешка кражба во обид) и моментално,
- Сектор за внатрешни работи - Скопје – Одделение за имотни деликти и малолетничка деликвенција „Гази Баба“ (7 тешки и 2 тешки кражби во обид) за што се поднесени соодветни кривични пријави.
- Во координирана акција со Секторот за внатрешни работи - Битола и Секторот за внатрешни работи - Скопје приведено е лицето Д.Ј. од Скопје, за кого постоело сомневање дека е сторител на кривични дела „Разбојништво“ извршени во Битола и Скопје, при што се расчистени 6 кривични дела разбојништва при Секторот за внатрешни работи - Битола и 4 кривични дела разбојништва при Секторот за внатрешни работи - Скопје.
- Во координирана акција со Секторот за внатрешни работи - Скопје приведени се лицатаД.Ј. и Е.Ш. при што се реализирани 17 кривични дела тешки кражби од Секторот за внатрешни работи - Скопје.
- Преземени се активности и мерки во Секторот за внатрешни работи -Куманово во врска со приведените лица С.Г. и М.Ј. во врска со кривичното дело „Изнесување на културни добра“ и во координација со Секторот за внатрешни работи - Струмица извршени се претреси во домовите на лицата. Поднесена е кривична пријава за што е одредена мерка на претпазливост.
- Преземени се мерки и активности во координација со Надворешната канцеларија за криминалистички работи - Гевгелија, во врска со кривичното дело „Тешка кражба“ во фирмата „Р.И.“ од Гевгелија, извршена на 21/22.9.2018 година,

при што е провален метален сеф. Поднесена е кривична пријава против четири лица.

- Преземени се мерки и активности со сите сектори за внатрешни работи  во врска со извршени поголем број на кривични дела „Измама“, сторени од страна на две машки лица со иницијали Н.Н., од коешто едното се претставува дека е од Израел. Поднесени се кривични пријави против шест лица за сторени дваесет дела „Измама“.
- Во координирана акција со Надворешната канцеларија за криминалистички работи - Дебар, во врска со извршено разбојништво во казино, поднесени се кривични пријави против две лица за кривично дело Разбојништво.

Подготвиле:
Трајан Богоевски
Сашо Трпчевски
Насер Селмановиќ

МАРЈАН КОЦЕВ
Оддел за криминалистичка полиција

**Сали САЛИЈА**
**Помошник - директор на Одделот за униформирана полиција**

## СЕКТОР ЗА ПОЛИЦИСКИ РАБОТИ ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ

Секторот за полициски работи од општа надлежност како стратешки поставена организациска единица во состав на Одделот за униформирана полиција во својата надлежност го има јавниот ред и мир и превенција, јавните собири, спортските натпревари и постапувањето на Министерството за внатрешни работи во услови на сложена безбедносна и кризна состојба. Своите задачи и работните обврски ги извршува врз основа на законските и подзаконските акти и интерните прописи на Министерството за внатрешни работи, а врз основа на Годишната програма за работа. Вработените во Секторот за полициски работи од општа надлежност имаат статус на полициски службеници и работните задачи ги извршуваат во полициска униформа.



Во рамките на тековното работење на Секторот за полициски работи од општа надлежност редовно и на дневна основа се следи безбедносната состојба на подрачјето на сите сектори за внатрешни работи и се дава стручна помош во делот на мерките кои се преземаат за одредени покарактеристични настани.Редовно се следат најавените и ненајавените јавни собири и спортски натпревари и се дава стручна помош при преземањето на потребните мерки за одржување на поволен јавен ред и мир.Се следат активностите на отсеците за превенција во

Секторот за внатрешни работи, особено во делот на реализација на превентивните проекти, соработка на полицијата со граѓаните и воспоставување и функционирање на локалните совети за превенција како моќна алатка за заедничко решавање на безбедносните проблеми во рамките на општините.



Со цел спроведување на своите надлежности Секторот за полициски работи од општа надлежност воспоставува и развива методологија за работа на полициските станици од општа надлежност и полициските одделенија во согласност со правната регулатива, притоа постапувајќи врз основа на стратешките документи на Министерството за внатрешни работи за јакнење на капацитетите на Бирото за јавна безбедност и унапредување на работата на униформираната полиција со користење на современите методи и техники за евидентирање и документирање на работните процеси и спроведување на полициските овластувања.

Следењето на сите јавни собири и благовремено преземање на сите потребни мерки и активности за координација и давање стручна помош на секторите за внатрешни работи при преземање на мерки за одржување на јавниот ред и мир во согласност со Законот за јавните собирикако иперманентно следење на спортските натпревари прогласени од страна на надлежните спортски федерации за натпревари од зголемен ризик со цел координација и давање на стручна помош на секторите за внатрешни работи при преземање на мерки за одржување на јавниот ред и мир при вонредните обезбедувања на истите во согласност со Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.



Во врска со тоа, а со цел превентивно дејствување за спречување на насилства на спортските натпревари и одржување на územ поволен јавен ред и мир се спроведуваат сите потребни активности за проверка и размена на податоци за присуство на навивачи и навивачки групи на домашни и меѓународни спортски натпревари, како и учества на работни состаноци одржани помеѓу спортските федерации и клубови за натпревари кои се прогласени од зголемен ризик.



Покрај следењето на јавните собири и спортските натпревари, се следат и други манифестации од поголемо значење и на кои присуствуваат поголем број на граѓани, особено **на** верските празници:

„Водици", „Велигден", „Илинден", државните празници и дочекот на Нова година и Стара нова година.

Во непосредна надлежност на овој Сектор за полициски работи од општа надлежност е и организирање, раководење и координирање на мерките и активностите на секторите за внатрешни работи при обезбедување на сите видови избори и референдуми во државата, во согласност со Изборниот законик. Секторот за полициски работи од општа надлежност има надлежност и за вршење на контрола над работењето на организациските единици од униформираната полиција при Секторот за внатрешни работи и старешините на истите.

Уште една важна надлежност на Секторот за полициски работи од општа надлежност е планирањето и подготовките за функционирање во воена, вонредна и сложена безбедносна состојба и резервен состав на полицијата. Во делот на подготовките за функционирање на Министерството за внатрешни работи и неговите организациски единици во услови на прогласена кризна состојба се подготвуваат документи и се даваат насоки за преземање на потребни мерки и активности при настанати поплави, пожари, снежни наноси и други појави и настани во кои е загрозено нормалното и секојдневно функционирање на граѓаните. Во насока на тоа Секторот за полициски работи од општа надлежност е во директна комуникација и координација со Центарот за управување со кризи, а воедно презема и превентивни мерки и активности на терен. Во делот на активностите за подготовки за функционирање на Министерството за внатрешни работи во сложена безбедносна состојба во областа на подготовките за функционирање на организациските единици во Министерството за внатрешни работи во воена, вонредна, сложена безбедносна и кризна состојба надлежноста на Секторот за полициски работи од општа надлежност е да подготви програма. Во делот на активностите поврзани со припадниците на резервниот состав на полицијата се спроведува програма за стручно оспособување на резервниот состав на полицијата и по претходно поднесени барања од припадници на резервниот состав на полицијата се подготвуваат потврди на припадниците на резервниот состав на полицијата, со цел остварување на правата утврдени во Законот за оружје и Законот за приватно обезбедување.

 

Во согласност со својата организациска поставеност на стратешко ниво вработените во Секторотза полициски работи од општа надлежност учествуваат во комисии, работилници, конференции и земаа активно учество на работни состанци по разни основи како претставници на својата организациска единица, Бирото за јавна безбедност дури и Министерството за внатрешни работи во целина. За дел од овие активности, кога станува збор за работите од својата надлежност, носители се и на целиот процес. Учествата во работни групи подразбираат подготовка на предлог- текстови на закони и подзаконски акти, интерните прописи и стратешки документи на Министерството за внатрешни работи, со цел давање експертски придонес во подготвување на законските прописи.

Вработените активно учествуваат во мултиинституционални работни групи за усогласување на законската регулатива со директивите на Европската Унија и хармонизирање на нашето законодавство со законодавството на Европската Унија во Поглавје 13, Поглавје 23 и Поглавје 24, во мултисекторски работни групи и комисии за надзор над работењето на Комората за приватно обезбедување и агенциите за приватно обезбедување и Комората за детективска дејност, за подготовка и имплементација на системот за итни повици во нашата држава Е112, за меѓугранична билатерална соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и министерствата за внатрешни работи на соседните држави; Националната комисија за мало и лесно оружје и учество во вежби и работилници организирани од институциите на државите кои се стратешки партнери на нашата држава.




Во рамките на адимистративната работа покрај планови и програми по разни основи се даваат мислења по доставените текстови на предлог-законите, подзаконските акти и интерните прописи, анализи, предлози и иницијативи во врска со работите од својата надлежност.

**СЕКТОР ЗА СООБРАЌАЈНИ РАБОТИ**

Во согласност со Уредбата за организација и работа на Министерството за внатрешни работи, Секторот за сообраќајни работи (ССР) организациски се наоѓа во Одделот за униформирана полиција во Бирото за јавна безбедност.

Во Секторот за сообраќајни работи се систематизирани три единици, и тоа:
- Единица за сообраќајни работи и превенција,
- Мобилна единица за безбедност на сообраќајот на патиштата, и
- Единица за сообраќајно-инженерски работи.

I. Во согласност со Уредбата за организација и работа на Министерството за внатрешни работи, Секторот за сообраќајни работи ги врши работите што се однесуваат на:

- полициско работење од областа на сообраќајот и сообраќајната превенција;
- утврдување на генерални насоки за квалитетно вршење на увиди на местото на настанот кај сообраќајните незгоди;
- утврдување на стандарди и процедури за работа на техничката група во сообраќајот,
- непосредна контрола на работата на автошколите;
- давање на конкретни појаснувања за проверка на условите и критериумите кои треба да ги исполнува автошколата;
- проверка на начинот на спроведување на возачкиот испит и испитот за проверка на стручноста на возач-инструктор;
- учество во постапка за издавање и одземање на лиценца за возач-инструктор;

- учество во постапка за добивање на овластување на испитни центри;
- проверка на условите и критериумите кои треба да ги исполнуваат испитните центри;
- учество во постапка за издавање и одземање на лиценца на испитните центри;
- давање насоки и контрола врз развивањето и унапредувањето на сообраќајното образование и воспитување на учесниците во сообраќајот.

I. **Единицата за сообраќајни работи и превенција ги врши работите што се однесуваат на:**

- полициско работење од областа на сообраќајот и сообраќајната превенција;
- утврдување на генерални насоки за квалитетно вршење на увиди на местото на настанот кај сообраќајните незгоди;
- давање насоки и контрола врз развивањето и унапредувањето на сообраќајното образование и воспитување на учесниците во сообраќајот.

II. **Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата ги врши работите што се однесуваат на:**

- полициско работење од областа на безбедноста на сообраќајот (оваа единица во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавна безбедност С.Д.број 24.7-919/1 од 21.8.2015 година, беше формирана како нова организациска единица со задача да врши служба за контрола и регулирање на сообраќајот по потешките прекршоци на патиштата на целата територија на Република Северна Македонија, но поради немање на кадровски и технички потенцијали на Секретаријатот за внатрешни работи – Скопје и Секретаријатот за внатрешни работи - Куманово да го преземат автопатот на нивното подрачје, Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата сè уште врши служба само на автопатот на овие секретаријати за внатрешни работи, односно подрачјето на поранешната Полициска станица за безбедност во патниот сообраќај - Петровец.

**III. Единицата за сообраќајно инженерски работи ги врши работите што се однесуваат на:**

- непосредна контрола на работата на автошколите;
- давање на конкретни појаснувања за проверка на условите и критериумите кои треба да ги исполнува автошколата;
- проверка на начинот на спроведување на возачкиот испит и испитот за проверка на стручноста на возач - инструктор;
- учество во постапка за издавање и одземање на лиценца за возач - инструктор (за оваа постапка министерот за внатрешни работи со Решение има формирано две комисии, Комисија за подготвување на база на прашања и Комисија за верификација на прашањата за полагање на стручен испит на стручниот кадар во автошколите и испитните центри во кои спаѓаат возачите - инструктори. Во работата на двете комисии учествуваа претставници на Секторот за сообраќајни работи);
- учество во постапка за добивање на овластување на испитни центри (за оваа постапка министерот за внатрешни работи со Решение формира Комисија за спроведување на постапка за избор на испитни центри. Во Комисијата, покрај другите организациски единици, учествуваа и претставници на Секторот за сообраќајни работи);
- проверка на условите и критериумите кои треба да ги исполнуваат испитните центри;
- издавање на согласност на сообраќајни проекти за времена и трајна измена на режим на сообраќај на државните патишта;
- надзор поради утврдување на исполнетоста на пропишаните услови за добивање на овластување на правни лица за вршење на технички преглед на возила, односно станици за технички преглед (СТП);
- надзор и контрола над станиците за технички преглед;
- увид подари утврдување на исполнетоста на пропишаните услови за издавање на Решение за автодром за почетно оспособување на кандидати за возачи и полагање на првиот практичен дел на возачкиот испит (полигон);
- надзор на исполнетоста на пропишаните услови за работа на полигоните.

Најголем проблем со кој се соочува Секторот за сообраќајни работи, претставува неговата нецелосна пополнетост на единиците во Секторот, во согласност со постојната систематизација, поради што овој Сектор се соочува со сериозни тешкотии во извршување на работите и работните задачи од својата надлежност.

Овие тешкотии особено се манифестираат во Единицата за сообраќајно-инженерски работи (чија надлежност и задачи се особено специфични), како и во Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Покрај наведеното, Секторот за сообраќајни работи секојдневно се соочува со обврска за извршување и на други работи и работни задачи кои изворно не се примарна надлежност (техничка спецификација за набавка на одредени уреди и опрема која ја користат службите на терен, решавање на претставки и приговори на физички и правни лица, давање на правно мислење по барање на други организациски единици, правни и физички лица кои вообичаено ги препраќаат до правната служба на Секторот за сообраќајни работи на Бирото за јавна безбедност или Министерството за внатрешни работи и слично).

Исто така, претставници на Секторот за сообраќајни работи, во текот на изминатиот период, партиципираат во многу работни групи и комисии.

Сепак, ако се погледне и анализира Годишниот извештај за работа на Секторот за сообраќајни работи (за 2018 година), можеме да констатираме дека во најголем дел овој Сектор успшно ги извршил своите работи и работни задачи.

Имено, во поглед на безбедносната состојба во сообраќајот во 2018 година, иако бележиме благо зголемување на вкупниот број на сообраќајни незгоди за 4,86 %, бројот на сообраќајните незгоди со загинати лица е намален за 17,52 %, а бројот на загинати лица е намалем за 16,77 %, споредбено со 2017 година.

| | 2018 година | 2017 година | намалу.-зголем. ± (%) |
|---|---|---|---|
| Сообраќајни незгоди-вкупно | 8931 | 8517 | 4,86% |
| - со загинати лица | 113 | 137 | -17,52% |
| - со повредени лица (ТТП и ТП) | 4421 | 3882 | 13,88% |
| - со материјална штета | 4397 | 4498 | -2,25% |
| Вкупно загинати лица | 129 | 155 | -16,77% |

**Позначајни задачи реализирани од Секторот за сообраќајни работи во текот на 2018 година:**

- Претставници на Секторот за сообраќајни работи во 15 наврати извршија контроли на сужбите на терен поради:

Следење на постигнатите резултати во спроведување на засилени акциски контроли во сообраќајот на патиштата;

- Во 7 навратие извршен увид – контрола во евиденциите од областа на сообраќајот при што беа опфатени начинот и квалитетот на подготвените службени материјали, водењето на евиденциите, квалитетот на поднесоците, евиденцијата за работни часови и друго во Полициска станица за безбедност во патниот сообраќаји Полициска станица од општа надлежностод областа на сообраќајот присекторите за внатрешни работи,

- Претставници на Секторот за сообраќајни работи во 12 наврати учествуваа во работата на оперативните штабови и оперативните тимови на оперативните акции, кои беа воспоставени во текот на 2018 година;

- Секторот за сообраќајни работи во 15 наврати учествуваше во организирање, координирање и непосредно следење на сообраќајните обезбедувања на претседатели и премиери на држави како и други делегации (посебно обезбедување);

- Во согласност со Годишниот план-распоред за спроведување на републички селективни акциски контроли во патниот сообраќај (прилог број 1) од Годишната програма за работа, во 2018 година беа планирани и реализирани 55 засилени акциски контроли;

- Во извештајниот период Секторот за сообраќајни работи постапуваше по обврските кои произлегоа од усвоената Контролна стратегијаод страна на Колегиумот на директорот на Бирото за јавна безбедност, Група за давање задачи и координација, евидентен број 22.4-1278 од 16.5. 2018 година и донесените заклучоци и насоки за постапување за реализација на **приоритетот број 8,** односно утврдениот приоритет за **подобрување на безбедноста во патниот сообраќај**, преку намалување на бројот на сообраќајни незгоди и жртвите во сообраќајни незгоди, при што беа преземени низа мерки и активности;

- Во согласност со законската обврска, Секторот за сообраќајни работи изготви пет согласности за издавање на одобренија за одржување на спортски и други приредби на пат;

- Во областа напревенција на безбедноста во сообраќајот на патиштата, Секторот за сообраќајни работи ги следеше активностите на

организациските единици за контрола и регулација на сообраќајот при спроведување на сообраќајните поуки со учесниците во сообраќајот, учествуваше и во спроведување на кампањи и проекти кои се реализираа во соработка со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (кампања за ограничување на брзината на движење, кампања за поголема безбедност на младите во сообраќајот во пресрет на матурските вечери) едукативна акција „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“„Детски семафор“ и „Сообраќајно техничка култура на младите“ и други.

- Во согласност со обврските кои произлегуваат од дадените насоки на Кабинетот на директорот на Бирото за јавна безбедност преземени се мерки и активности со цел за подигање на вниманието и свеста за безбедноста во сообраќајот, за спроведување на годишната национална кампања на ОКТА АД Скопје под наслов ЈАС ВНИМАВАМ.

- Во текот на 2018 година, Секторот за сообраќајни работи во 32 наврати за 32 авто-школи,

даде мислење по барање на Секторот за управно надзорни работи (СУНР) за добивање

на лиценца за работа на авто-школите и мислење за изрекување на мерка одземање на

овластување за работа на автошкола по изготвен службен материјал од другите секретаријати за внатрешни работи – Сектор за сообраќајни работи изврши 3 увиди и изготви 3 одговори до Секторот за управно надзорни работи во врска со одобрување на сообраќајни автодроми (полигони) во согласност со членот 283 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

- По барање од Секторот за управно надзорни работи, Секторот за сообраќајни работи изврши 14 надзории подготви мислење и соодветен материјал за исполнетоста на пропишаните услови за работаза добивање на овластување на правно лице за вршење на технички преглед на возила;

- Во извештајниот период претставници на Секторот за сообраќајни работи, по претходно добиено барање од Секторот за управно надзорни работи, изготвија пет одговори и соодветен материјал за исполнетоста на пропишаните услови за работа на правно лице овластено за вршење на технички преглед на возила, после извршен надзор од секторите за внатрешни работи;

- Преставници на Секторот за сообраќајни работи, во четири наврати по претходно добиена претставка, извршија надзор и подготвија мислење и

соодветен материјал за исполнетоста на пропишаните услови за работанад правно лице за вршење на технички преглед на возила;
- Во текот на 2018 година, до Секторот за управно надзорни работи во врска со барањето за издавање на Овластување за издавање на пробни таблици, меѓународни возачки дозволи и одобрение за користење на туѓо моторно возило во странство, беа доставени 9 мислења;
- Издадени се 37 согласности за трајна измена на режим на сообраќај на државни патишта;
- 51 согласност за трајна измена на режим на сообраќај на пат, за изведување градежни работи на улици во градот Скопје;
- 100 согласности за времена измена на режим на сообраќај на пат, за изведување градежни работи на државните патишта;
- 91 согласност за времена измена на режим на сообраќај на јавен пат, односно улиците во градот Скопје;
- Одговорено е на 8 барања за продолжување на важноста на сообраќајната согласност за утврдување на услови и времен режим на сообраќај,
- Издадени се 2.177 согласности за вонреден превоз.

Во текот на 2018 година на патната мрежа што ја покрива **Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата,** случени се вкупно 190 (223) сообраќајни незгоди што е за 14,80 % помалку во однос на 2017 година. Од вкупниот број сообраќајни незгоди, 70 (80) се со настрадани лица што е помалку од претходната година за 12,50 %, а 120 (143) се само со материјална штета што е за 16,08 % помалку во споредба со 2017 година.
Во сообраќајните незгоди загинатисе 8 (4) лицаштоеза100 % повеќе, потешкоповреденисе14 (43)лицашто е за 67,44 % помалку, аполесносеповредени120 (126) лицашто е за 4,76 % помалку.
Најзагрозена категорија на учесници во сообраќајот, во 2018 година, се сопатницивовозилата, па така во сообраќајните незгоди 4 (1) гозагубилеживотот, 7 (32 ) се тешко повредени и 71 (75) се полесно повредени, потоа загинале 4 (0) возачи, 5 (8) се тешко повредени и 49 (50) се лесно повредени, пешаците 0 (2) загинат, 0 (1) пешацисотешкиповреди, 0 (1) сеполесноповредениидруги 0 (1) загинале, и 2 (2) сетешкоповредени.

## Преземени мерки од страна на Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата

| Вкупно преземени мерки | 2018 год. | 2017 год. | % + / - |
|---|---|---|---|
| - Контролирани возачи и возила | 27748 | 24018 | 15,53 % |
| - исправни | 15531 | 16009 | -2,99 % |
| - неисправни | 12217 | 8009 | 52,54 % |
| - Вкупно исклучени возила | 1017 | 651 | 56,22 % |
| - технички неисправни | 54 | 5 | +10,8 пати |
| - нерегистрирани | 750 | 515 | 45,63 % |
| - претовар<br>- вонреден превоз | 197<br>16 | 103<br>28 | +91,26 %<br>-42,86 % |
| - Вкупно исклучени возачи | 1609 | 855 | 88,19 % |
| - поради алкохол | 560 | 249 | +2,2 пати |
| - поради замор | 0 | 0 | / |
| - бесправно управување | 783 | 531 | 47,46 % |
| - несоодветна категорија | 45 | 27 | 66,67 % |
| - возач почетник | 188 | 38 | +4,9 пати |
| - управување без возачка потврда | 1 | 0 | 100,00 % |
| - за време на забрана | 32 | 10 | +3,2 пати |
| **Вкупно преземени мерки** | **12927** | **8406** | **53,78 %** |
| **- Издадени ман.плат.налози** | **8077** | **5380** | **50,13 %** |
| **- Издадени прек.платни налози /** | **3673** | **1579** | **+2,3 пати** |
| **Поднесени барања за правни одговорни лица по ЗБСП и ЗВ** | **437** | **239** | **82,85 %** |
| **Писмено опоменати учесници во сообраќајот** | **740** | **1208** | **-38,74 %** |
| - Издадени ман.платниналози за брзина | 7021 | 3522 | 99,35 % |
| - Издадени прек.платни налози за престигнување | 0 | 0 | - |
| - Издадени ман.платни налозиза алкохол | 560 | 249 | +2,2 пати |
| - Издадени прек.платни налози за бесправно управување | 783 | 531 | 47,46 % |
| - Издадени прек.платни налозиза нерегистрирани возила и непродолжена регистрација | 750 | 515 | 45,63 % |
| - Други мерки | 2636 | 2142 | 23,06 % |

Во наредниот период, (покрај целосното пополнувањето на Единицата за сообраќајно-инженерски работи во согласност со систематизацијата) предизвик на Секторот за сообраќајни работи ќе биде:

- Реализирање на проектот Мобилен систем за снимање со камери (МССК) во Одделението за безбедност на патниот сообраќај и

Одделението за вршење на увид на сообраќајни незгоди во Секретаријатот за внатрешни работи – Скопје. Овој проект (со поддршка на ИЦИТАП - Амбасадата на САД во Република Северна Македонија) е во завршна фаза за реализација. Опремата односно 50 „боди камери“ со потребната техничка поддршка веќе се набавени и обуката со обучувачите веќе е реализирана. Следува обука со непосредните корисници и практична имплементација на Мобилниот систем за снимање со камери;

- Да бидат систематизирани (вратени во новата систематизација), полициските одделенија за безбедност на патниот сообраќај во сите градови во рамките на секторите за внатрешни работи. Напомнуваме дека во согласност со постојната систематизација функционираат 8 (осум) полициски станици за безбедност на патниот сообраќај во седиштето на Секретаријатот за внатрешни работи, а во другите градови контролата на безбедноста на патиштата ја вршат полициските станици од општа надлежност (Полициска станица од општа надлежност Кочани, Полициска станица од општа надлежност Прилеп, Полициска станица од општа надлежност Гостивар, Полициска станица од општа надлежност Неготино, Полициска станица од општа надлежност Гевгелија, Полициска станица од општа надлежност Кичево итн.);

- Реализација на приоритет бр. 10 – Унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, намалување на бројот на сообраќајни незгоди со загинати лица, зголемување на бројот на извршени контроли на возачи и возила (контрола за брзо возење, алкохол и техничка исправност на возилата), споредбено со 2018 година, во согласност со обврските од усвоените заклучоци и насоки за постапување од страна на Колегиумот на директорот на Бирото за јавна безбедност - Група за давање задачи и координација (ГДЗК), ОУ бр. 22.4-740/1 од 11.3.2019 година;

- Системот со камери „Save-city“ да биде ставен во функција на документирање и санкционирање на сообраќајни прекршоци.

**Подготвиле:** Главен инспектор во ЕЈРМП, Д.Димитровска
Дејан Панчевски, началник на ССР
**Контролирал:** Началник на ЕЈРМП, Т.Алексовски
**Одобрил:** Началник на СПРОН, Л.Велковска

САЛИ САЛИЈА
Оддел за униформирана полиција

**Тони СТАНКОВСКИ**
**Помошник-Директор на ЕДИНИЦАТА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, СТАНДАРДИ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ**

# КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

Правилното извршување на работните задачи и активности треба да претставува императив и главна карактеристика во секојдневното работење на секој полициски службеник.Оцената за законитоста, професионализмот, квалитетот, навременото извршување на работите и задачите и ефективноста на полициските единици и полициски службеници се основната цел на контролата и надзорот.Доколку задачите и должностите се извршуваат правилно возможно е да се постигне поставената цел и да се исполни планираното.

Потребата од вршење контрола и надзор над работата на организациските единици во Бирото за јавна безбедност расте паралелно со нивото на распределба на надлежностите: колку повеќе надлежности се распределени толку е поголема потребата од истите. Преку спроведување на контролата и надзорот, раководителот може да констатира дали полициските службеници се стремат кон постигнување на целта во насока на очекувањата и потребите.Истовремено, се оценува потребата од регулирање на состојбите, непосредно вклучување во работата или коригирање на истата ако е потребно тоа.Тоа значи, дека суштината на вршењето на контрола и надзор на организациските единици во Бирото за јавна безбедност е да се приберат податоци поврзани со извршувањето на работните задачи од страна на непосредните извршители.

Многу често термините контрола и надзор над работата на организациските единици во Бирото за јавна безбедност се употребуваат како синоними, но тие и покрај својата слична функција, се со различно значење.

Под **надзор** се подразбира континуирано следење и проверка поврзана со обезбедување услови за спроведување на законите.Всушност, главно обележје на надзорот е неговата поврзаност со правната регулатива и следењето на законските акти.

**Контролата,** пак, е периодичен или повремен процес насочен кон следење на професионалните активности и проверка на остварените резултати во однос на оние што биле претходно планирани, според

однапред утврдени стандарди, издадени инструкции и поставени правила,при што се детектираат отстапувања од истите и доколку е потребно се преземаат корективни акции. Со други зборови, да се врши контрола значи да се проверува дали сите операции на една акција се извршени на време, правилно и во согласност со усвоениот план, дадените насоки, наредби и утврдените принципи. За да биде контролата ефикасна, потребно е да ги има следниве карактеристики: да е поврзана со стратегијата, да се користат сите фази на контролата, да е прифатена од сите субјекти, да постои рамнотежа помеѓу објективните и субјективните податоци, да биде точна, флексибилна, навремена, конзистентна, јасна, да постои брза повратна спрега, но, исто така, да постои и дискрециска повратна спрега. Оттука, и целта на контролата е да се обезбеди повратна информација и увид во степенот на извршеност/реализираност на задачата што, пак, е одговорност на раководителот, кој мора да изнаоѓа соодветни методи преку кои ќе ги спореди постигнатите со планираните резултати и кој ќе преземе соодветни мерки преку функцијата на наредување за да се отстранат пропустите, поаѓајќи од расположливите сили и средства. Контролата може да ја спроведува раководител кој поседува компетентност и стручно знаење, но и заинтересираност, креативност и храброст.Задача на раководителот е да ги воочи пречките, да го одреди нивното влијание врз остварувањето на планираното и да интервенира, односно да го неутрализира влијанието со што ќе спречи неостварување или неисполнување на задачата.

**Спроведувањето на контролата и надзорот е процес кој треба добро да се испланира**. Како и за секоја друга задача во полицијата, потребно е да се изработи **план за вршење на контролата и надзор**, кој начелно ги содржи следните елементи:

- основа/причина и време на вршење на контролата и надзорот;
- назив на органот што ја врши контролата и надзорот;
- состав на органот и име на раководителот;
- цел на контролата и надзорот;
- вид и начин на вршење;
- кој ќе се контролира;
- што конкретно ќе опфатат
- контролата и надзорот;
- потребни материјално-технички средства;
- подготвителни дејства;
- изработка на Извештајот;
- соопштување на резултатите и наложување на потребните мерки.

Планот за контрола и надзор може да биде изработен *текстуално, графички или табеларно*.

Успешното остварување на целите од контролата и надзорот во голема мера зависи од **<u>подготвителните дејства</u>** што, исто така, се планираат при изработка на планот за контрола и надзор, кои ги опфаќаат следните подготвителни мерки:

- проучување на прописите за контрола и надзор;
- проучување на организациската единица што ќе се контролира;
- избор на формата преку која ќе се спроведе контролата и надзорот;
- подготовка на материјално-финансиски средства и
- одредување на начинот на анализа на извршената контрола и надзор.




Слика бр.1. Графички приказ на процесот на спроведување контрола

Во подготвителните мерки, со цел уедначено постапување, потребно е подготвување **потсетник** во кој ќе бидат опфатени: целите на контролата и надзорот; субјектите што се контролираат и посебно што кај нив ќе се контролира, кои евиденции, програми, планови, извештаи, проблемски информации и слично.

**Надзор над работата на организациските единици во Бирото за јавна безбедност**

Надлежна за спроведување на надзор над работата на организациските единици во Бирото за јавна безбедност е Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет.Правна основа за спроведување на надзорот е Законот за полиција, член 15 (став 2, точка 2): „Во надлежност на Бирото е: 2) усогласување, насочување, генерален и стручен надзор и контрола над работата на организациските единици на Полицијата".

Во Бирото за јавна безбедност надзорот се спроведува врз основа на **Упатството за начинот на вршење на генерален и стручен надзор во полицијата** според кој, генералниот и стручниот надзор се вршат со цел прибирање информации, податоци и известувања што непосредно се поврзани со извршувањето на работите и задачите од страна на полициските службеници. Во Бирото за јавна безбедност во согласност со Упатството се спроведува: **генерален; стручен /експертски/; повторен и вонреден надзор.**

- **Генерален надзор е** вид на општ надзор и проверка (инспекција) на севкупното работење на еден сектор за внатрешни работи, еден регионален центар за гранични работи со сите организациски единици кои припаѓаат на секторот односно центарот, од страна на Бирото за јавна безбедност. Со генералниот надзор се проверува дали дејствувањето на секторот за внатрешни работи, односно регионалниот центар за гранични работи е во согласност со среднорочните и годишните оперативни цели, планови, концепти, стратегии и тековни насоки дадени од страна на Бирото за јавна безбедност. Генералниот надзор се извршува најмалку еднаш **на 4 години.**
- **Стручен/експертски надзор** опфаќа вршење на примарна проверка на содржината од завршените задачи, како и на работи и задачи кои се во тек на извршување во една организациска единица (во една ПС, Одделение за криминалистички работи и слично) во секторот за внатрешни работи, односно регионалниот

центар за гранични работи. Стручниот надзор го назначува директорот на Бирото за јавна безбедност или со пренесено овластување, заменик-директорот или помошник-директорот, во согласност со Годишната програма за работа на Бирото за јавна безбедност (односно секторите во БЈБ). Стручен надзор се извршува најмалку еднаш на **две години.**

- **Повторен надзор** се спроведува по истекот на крајните рокови за отстранување на претходно констатираните неправилности и недостатоци и поради проверката дали истите се отстранети и дали предложените мерки се спроведени.
- **Вонреден надзор** се спроведува по наредба на министерот за внатрешни работи, ако се оцени дека претходно извршениот надзор е спроведен спротивно на утврдените методи и стандардни процедури и постапки. Вонредниот надзор го спроведува персонал кој не учествувал во претходниот редовен надзор.

Со надзорот се обезбедува координација во извршувањето на оперативните цели и задачи од страна на полицијата, ефективност и ефикасност во работата на организациските единици на полицијата, унифицирање на полициските постапувања според единствена методологија, во согласност со пропишаните стандарди и постапки за работа на полицијата.

Стручен надзор се предлага со цел да се обезбеди целосен увид на состојбите како и усогласување на методологијата на работа во организациските единици преку доследно извршување на законските и другите прописи кои се во надлежност на полицијата, подигање на нивото на професионализмот и квалитетот во работата на полицијата како и почитување на поставените рокови за извршување на работите и задачите во полицијата.

**Преку стручниот надзор, во организациските единици треба да се направи:**

- Објективна процена на функционалноста на организациските единици;
- Анализа на работните процеси од аспект на нивната сложеност со можност за утврдување на добрите и слабите страни (особено утврдување на слабостите и причините за истите);
- Објективна процена на нивото на насоченост и координираност во извршувањето на оперативните цели и задачи од страна на полицијата;

- Ефективно и ефикасно работење на организациските единици на полицијата, преку увид во поставените приоритети за работа, како и тековните задачи на организациската единица и начинот на кој се реализираат поставените приоритети и тековните активности од аспект на рационално користење на времето и ресурсите;
- При надзорот посебно внимание ќе се посвети на изработката на оперативните планови во услови на прогласена кризна состојба, но, исто така, ќе се контролира и делот на комуникацијата, координацијата и соработката помеѓу Секторот за внатрешни работи и субјектите во Системот за управување со кризи и Системот за заштита и спасување. Истовремено, ќе се провери и координацијата и соработката помеѓу униформираниот состав на полицијата (општа надлежност, сообраќајна полиција, гранична полиција,Одделот за специјални полициски операции), криминалистичката полиција, Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа и други организациски единици во услови на постапување на сложени безбедносни настани;
- Унифицирање на полициските постапувања во организациските единици во состав на секторот според единствена методологија и во согласност со пропишаните стандарди и постапки за работа на полицијата.

**Методологија на работа**

Предмет на стручниот надзор можат да бидат активностите во делот на полициското работење за определен временски период, со посебен акцент на преземените мерки од определена област (на пример, криминалитетот, јавниот ред и мир и слично.

Стручниот надзор ќе се врши преку проверка на конкретни настани, досиеја, извештаи, планови и програми, индивидуални поднесоци, непосреден увид во евиденциите, интервјуа со полициски службеници и барање на писмени појаснувања.

За реализација на стручниот надзор, се формираат тимови за работа по области на надлежности на Бирото за јавна безбедност и тоа: од областа на општа надлежност – јавниот ред и мир, од областа на кризната состојба, од областа на криминалистичката полиција, од областа на сообраќајните работи, од областа на криминалистичко-разузнавачката анализа. Формираните тимови ќе го спроведат надзорот:

- Со крајно објективно прикажување на состојбите и потребите;
- Со незначително нарушување на редовните работи и задачи на конкретната организациска единица како и на работата на полициските службеници;
- Професионално и етичко однесување кон вработените на јасен и недвосмислен начин на комуникација;
- Со постапување во согласност со прописите за заштита на личните податоци и прописите за класифицирани информации.

Од страна на ангажираните тимови се врши и непосредно набљудување на полициската активност при непосредно извршување на полициските работи и задачи или при примена на полициските овластувања од страна на полициските службеници (околу 20 % од предвиденото работно време).

**Тимовите за реализирање на стручниот надзор може да:**

- Бараат податоци и информации за сите видови документи и евиденции кои се водат во конкретната организациска единица во полицијата;
- Разгледуваат документи, досиеја и евиденции, како и информации и податоци кои преку својата работа ги создава организациската единица или се доставени од страна на друга организациска единица во полицијата;
- Прават проверка на оперативните планови за постапување во услови на прогласена кризна состојба, конкретни настани од аспект на превенција и постапување, извештаи, планови и програми, службени белешки, непосреден увид на начинот на чување и ракување на оперативните планови и други документи кои се со класифицирана содржина, евиденциите и други;
- Вршат интервјуа со полициските службеници;
- Бидат непосредно присутни при вршењето на полициските работи или при примената на полициските овластувања;
- Влегуваат во објекти и простории кои ги користи полицијата за нивно редовно работење;
- Бараат информации и податоци за техничката опременост на конкретна организациска единица во полицијата, за распоредувањето и чувањето на материјално-техничките средства и опрема;
- Ја утврдуваат фактичката состојба а по потреба може да побараат стручна помош од други организациски единици, и

- Бараат писмено појаснување од полициските службеници за конкретна состојба што е предмет на надзор.

При стручниот надзор се врши увид во работењето на организациските единици по области, но и - се контролира делот на координацијата на задачите помеѓу униформираниот состав на полицијата (општа надлежност, сообраќајна полиција, гранична полиција, Одделот за специјални полициски операции), криминалистичката полиција и Единицата за криминалистичко разузнавање и анализа. Притоа, раководителите на организациските единици се должни да дадат соодветна поддршка која ќе биде побарана од страна на тимовите за вршење на стручен надзор, со цел да се овозможи непречено извршување на задачите предвидени за спроведување на надзорот.

**Основа за работа на тимовите се:**

- Годишните извештаи за работа и стратешките процени;
- Начинот на спроведување на процесот на давање задачи и координација преку увид во документите на групата за давање на задачи и координација;
- Начинот на остварување на процесот на брифинг и дебрифинг (записниците од месечните состаноци, начинот на делегирање задачи, на следење на квалитетот на извршените задачи и слично);
- Извештаите од задолжените раководители на организациските единици за постапување по донесените одлуки од групата за давање на задачи и координација.

**Задачи по кои се постапува во делот на контролата и надзорот во организациските единици се:**

- Планирање на работењето;
- Стратешка процена и контролната стратегија, како и тактичката процена;
- Остварување на раководна организациска функција, следење и контрола во работењето: контрола на работни процеси, координација и слично.
- Организација за вршење на работата: територијално, односно линиско работење; кадровска екипираност и пополнетост на работните места; материјално технички средства и опрема;
- Контрола на состојбата од областа на јавниот ред и мир;

- Контрола на состојбата од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата;
- Контрола на состојбата во областа на криминалитетот;
- Контрола на состојбата од областа на кризната состојба;
- Примена на стандардните оперативни процедури по област;
- Хиерархиска поставеност и ознаки на звањата;
- Менаџирање и раководење (поврзано со хиерархиската поставеност);
- Дисциплина на вработените;
- Постапување по насоките во инструктивните телеграми;
- Насочување во работата на новопримените полициски службеници;
- Рационално користење на работното време;
- Чување и користење на средствата и опремата за работа;
- Превентивно работење;
- Криминалистичко-разузнавачка анализа.

По секоја извршена работна посета за секоја организациска единица се подготвува службена белешка во која се евидентираат констатирани состојби со насоки и предлог-мерки за работа кои ќе се фокусираат на воочените пропусти во работењето. По завршувањето на процесот на стручен надзор во организациската единица се изработува **Извештај** во кој се констатираат евентуалните неправилности и недостатоци во работата на полицијата и се предлагаат мерки за нивно отстранување и подобрување на квалитетот на работата (на пример: конкретни насоки, промена на законски, подзаконски акти, промена на организациска поставеност, оптимална бројка на пополнетост на организациската единица за непречено функционирање, можности за воспоставување на повисок степен на координација и слично).

**Извештајот** за извршената контрола, ги содржи следните елементи:

- основата и времето на враќање од контролата;
- називот на органот што ја извршил контролата;
- состав на органот и име на раководителот;
- цел и задачи на контролата;
- форма преку која е вршена контролата;
- утврдена/констатирана фактичка состојба;
- преземени (наложени, наредени) мерки;
- предлог-мерки за отстранување на констатираните недостатоци;

- предлог-мерки според контролираниот извршител (санкции), и
- прилози (белешки, изјави, шеми и други акти).

По завршувањето на работата на терен ќе се изработи анализа од соодветната проблематика во која ќе се наведат воочените добри практики и ќе се наведат воочените недостатоци и слаби страни со конкретни предлози за подобрување на состојбата од аспект на ефикасно и ефективно полициско работење, преку предлози за подобрување на работните процеси, координација на службите, функционалната и организациска поставеност на организациската единица, ефектот од работата по работни места и на целокупната организациска единица.

**Корективни акции по извршената контрола и надзор**

Контролните системи и информации се креираат на начин да им помогнат на полициските раководители во извршувањето на нивната контролна функција за да се постигне што е можно поголема ефикасност во работењето.Добро спроведениот надзор не е едноставна работа, но е важна за работењето на полицијата.

Во случај на констатирани отстапувања, се прецизираат критичните точки, се вршат корекции, со употреба на различни методи на корективни акции, а сè со цел отстранување на отстапувањата.Значи, доколку има поголеми групи констатирани недостатоци, се почнува од помалата кон најголемата група недостатоци.

Спроведувањето на контрола и надзор над работата на организациските единици во Бирото за јавна безбедност, е процес кој зависи од многу фактори и кој бара едукација, време, материјални ресурси, но пред сè разбирање дека истиот не (би требало да) се спроведува само реактивно туку и проактивно, во функција на што поквалитетна обработка на информациите за да се подобри функционалноста на самите организациски единици, економичноста во работењето, оптималното искористување на сите ресурси, како и зголемување на целокупната ефикасност во работењето на полицијата.

Од друга страна, резултатите од полициското работење секогаш се важни во очите на јавноста и медиумите.Постапувањето со приведените, употребата на сила, злоупотребата на работното место и слично, се настани кои може да предизвикаат јавноста да го доведе во прашање кредибилитетот на полицијата.Овие прашања претставуваат предизвик за легитимноста на оние кои им служат и ги штитат граѓаните.Пронаоѓањето одговори е приоритет за секого, и за вработените во полицијата и за пошироката јавност.Добриот надзор е од

суштинско значење за добрата полициска работа.Едноставно кажано, доколку супервизорите не гарантираат дека вработените ги извршуваат своите работни задачи на начин кој го одржува и унапредува односот на доверба меѓу заедницата и полицијата, постои зголемен ризик за влошување на тој однос.Најголемиот број полициски службеници сакаат да им служат на граѓаните на начин на кој се гради доверба, но тоа не може да се остави на случајност.Затоа, надзорот мора да се сфати како суштински дел од ефикасната и одговорна полициска служба.

ТОНИ СТАНКОВСКИ
Единица за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет

**Жаклина ПРОСАРОСКА**
**Виш полициски советник во Бирото за јавна безбедност**

# РАЗВОЈ НА КОНЦЕПТОТ ЗА ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА („COMMUNITYPOLICING“)

Концептот „Полициско работење во заедницата“ или познат како „Communitypolicing“, останува главен приоритет во процесот на реформи на полицијата. Пристапот кој е ориентиран кон заедницата, мултисекторскиот пристап во решавањето на проблемите бара развивање на проактивна полиција, односно полиција која ќе биде сервис на граѓаните.Почнувајќи од 2001 година, особено со донесувањето на Првата стратегија за реформи на полицијата, како клучен приоритет се постави трансформацијата на традиционалниот модел на полициско работење во модел на полициско работење во заедницата.

**Клучни зборови:** полиција, заедница, доверба

## Вовед

Полицијата, според својот мандат и надлежност, е највидливиот орган на државната управа. Оттука, но и поради сложеноста и сериозноста на целите поради коишто е воспоставена во општеството, полицијата е подлежна на постојано набљудување од страна на јавноста. Речиси и да не постои друга професија што предизвикува толкаво внимание во јавноста, односно професија која е постојано набљудувана од граѓаните, но и од стручната јавност.

Комплексноста на професијата полицаец најдобро се препознава во постојаниот баланс помеѓу прифатливото и неприфатливото, очекуваното и осудуваното, помеѓу потребата да се дејствува, но и да се манифестира воздржливост. Вака поставеното прашање за постојан баланс својот одговор може да го бара во основната функција што ја има полицијата во општеството, а тоа е да заштитува, преку преземање дејства за заштита на животот, имотот и личната сигурност на граѓаните, заштита на основните човекови права и слободи, заштита на граѓаните од криминал преку спречување криминал и откривање и фаќање сторители на кривични дела, одржување на јавниот ред и мир, но и укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба.

Очекувањата на граѓаните, несомнено бараат силна посветеност во креирањето на соодветен модел на полициско работење кој ќе биде прифатен, но, воедно, и кој ќе даде резултати кои ќе ја зајакнат довербата во работата на полицијата.

Од аспект на следење на основните критериуми кои ги дефинираат полициските системи (легалитет, легитимитет, организација и функција) зборуваме за различни полициски системи.

Традиционалниот модел кој е ориентиран на класично воспоставување и спроведување контрола врз примената на законите, повеќе е репресивен модел на полиција што реагира по сторени инциденти (реактивно).Моделот на полициско работење во заедницата, односно таканаречениот концепт „Communitypolicing" во својата основа го има превентивниот полициски пристап, односно проблемски ориентираното полициско работење со посебн осврт на локалните проблеми и градењето на локални стратегии за превенирање на истите.

## Развој на полициската организација

Полицијата во Република Северна Македонија до осамостојувањето во 1991 година, се развивала во рамките на востановените уставни и законски норми на тогашната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, базирана на воениот организациски модел. Во годините по осамостојувањето и прогласувањето независност, во Република Северна Македонија се случија бројни реформи во областа на политиката, економијата и безбедноста. Особено значаен беше процесот на транзиција на државата, кој доведе до промена во етиологијата и феноменологијата на криминалот, па се појавија нови облици на криминал коишто во себе имаа елементи на организираност и транснационалност. Воопштено, процесот на развој на полицијата, може да се подели во две фази, и тоа: процес до завршувањето на конфликтот во 2001 година и после него.

Всушност, во поинтензивна организирана форма реформите во полицијата започнаа со донесувањето на Законот за полиција во 2006 година, а кој стапи во сила во 2007 година. Конкретно, со воспоставувањето на законодавството отпочнаа да се дефинираат главните стратешки цели за развој и реформи на полицијата кои се во функција на зајакнување на внатрешниот и надворешниот кредибилитет на полицијата како институција.

Особено значаен сегмент на реформата во изминатите години е поставувањето на основите на концептот „Communitypolicing", односно полициско работење во заедницата, кој е основа за развој на

проблемски ориентираното полициско работење и полициското работење водено од информации.

Ваквата определба на Министерството за внатрешни работи е препознатлива во законската рамка, со што се создадени и законски предуслови за реформирање на полицијата во модел на полициско работење познат како - полициско работење во заедницата.

Во членот 11 од Законот за полиција определена е посебна обврска за полицијата да соработува со граѓаните, со државните органи, со здруженијата на граѓани и со други правни лица поради спречување или откривање на кривични дела и прекршоци. Законот ги потенцира и формите преку кои ќе се одвива соработката меѓу полицијата и граѓаните, државните органи, здруженијата на граѓани, преку формирање советодавни и координативни тела (совети и комисии).

Во членот 18 од Кодексот на полициска етика експлицитно е наведено дека полицијата се организира во согласност со принципот Communitypolicing што овозможува воспоставување односи на релација полиција - јавност.

Преминувањето од традиционалниот модел на полициско работење во модел кој е ориентиран кон заедницата претпоставуваше и значајни реформи кои, пред сè, се однесуваа на реформи во:

- законодавството;
- организацијата;
- методологијата на работа;
- концептот на полициско работење што се трансформира од традиционалниот модел кон модел базиран врз соработката со заедницата (Communitypolicing).

Континуираниот процес на реформи, следењето на потребите и обврските, и од денешен аспект, како главни стратегиски цели ги поставува:

(1) Јакнење на довербата меѓу полицијата и граѓаните како приоритетна задача и создавање активно партнерство во градењето безбедна средина за живеење;

(2) Зајакнување на капацитетите на полицијата за проактивно дејствување и превенирање на криминалот како претпоставка за одржлив јавен ред и мир и намалување на потребата за полициска интервенција;

(3) Развивање на законска рамка што ќе ја овозможи демократската позиција на полицијата во општеството;

(4) Намалување на стравот од криминал преку намалување на стапката на сторени кривични дела и зголемување на ефикасноста во

расветлувањето на кривичните дела и откривањето на сторителите на кривични дела, како и намалување на антисоцијалното однесување во заедницата;

(5) Соодветна регрутација на кадети за полициски службеници и развивање ефикасен систем на едукација во кој приоритет ќе биде развивањето позитивни ставови во вршењето на полициската служба, развивање соодветни вештини за правилна примена на полициските овластувања и стекнување знаења за доследна примена на законските одредби според кои постапува полицијата;

(6) Партиципативност преку правична застапеност на сите заедници во полицијата и почитување на начелото на правична родова застапеност;

(7) Континуирано развивање и примена на моделот на полициско работење „Communitypolicing“, односно „Полиција блиска до граѓаните“.

Полицијата во процесот на реформи, пред сѐ, е ориентирана кон промовирање доверба помеѓу припадниците на полицијата и јавноста преку развивање јавна, транспарентна и услужна организација што ќе биде насочена кон развивање и практикување висок степен на професионализам внатре во полициската организација, како и служба која ќе практикува стил на полициско работење што соодветствува со потребите на локалната заедница.

Ефикасноста на полицијата секаде во светот е зависна од подготвеноста на луѓето дасоработуваат со неа.Притоа, мора да се потенцира дека јавноста не соработува со полициските организации поради воспоставување однос на „каква било“ соработка, но, напротив, поради остварување на суштински заеднички цели. Кај јавноста (или кај одделниот граѓанин) тоа е сопствената безбедност или безбедноста на потесната средина или можеби праведноста и уште некои други (позитивни) мотиви.

Процесот на градење доверба во работата на полицијата, не смее да се анализира независно од процесот на јакнење на степенот на професионализам во полициското работење и зголемување на квалитетот на услугите што полицијата им ги дава на граѓаните, односно на заедницата.Од полицијата се очекува ефикасен проактивен пристап што го намалува степенот на виктимизирање на граѓаните од криминал или преку нарушен јавен ред и мир, со соодветен пристап во средината каде што ги извршува своите функции.Граѓаните ќе сакаат да ја дадат својата доверба на полицијата ако таа успее да остане во

рамките на законски дозволеното однесување, како претпоставка за градење интегритет на полициската служба.

За да може полицијата да го постигне потребното ниво на доверба треба да манифестира активен однос кон граѓаните и кон заедницата во своето секојдневно работење на начин што ќе се интересира за безбедносните потреби и стравови на граѓаните, ќе ги информира, ќе ги советува и ќе организира и презема активности насочени кон нивна заштита од виктимизација. Значајна страна на ефикасното полициско работење е познавањето на карактеристиките на средината, од аспект на тоа дали станува збор за средина со хомоген состав или, пак, станува збор за средина со хетероген состав, познавање на карактеристиките на населението, односно препознавање и ориентираност кон локалните проблеми.

За да ја стекне довербата во заедницата, полицијата мора да биде отворена за влијанијата од јавноста и критиките кои доаѓаат од неа.Авторитативниот стил, затвореноста, недавањето повратни информации, претставуваат кочница во процесот на градењето доверба.

Граѓаните ја стекнуваат довербата во полицијата врз основа на полициското работење и компетентност на секој поединец посебно (знаењата, вештините што ги поседува, а во современ амбиент на дејствување и ставовите на полицискиот службеник, од аспект на недискриминација, почитување на физичкиот и психичкиот интегритет на личноста). Јавните афери, скандалите од видот на корумпираност на полициските службеници, прекумерната употреба на сила, непреземање на мерките од овластувањата тогаш кога полицискиот службеник бил должен да постапи во согласност со закон и дискриминација на граѓаните по која било основа имаат клучна улога во нарушувањето на легитимитетот на полицијата и на јавната доверба, воопшто.

Низ призмата на реформирање на полицијата и зајакнување на капацитетите на институцијата, наведените вредности имаат клучно значење.

Суштинско е прашањето за тоа, како да се постигне потребното ниво на доверба во полицијата? Несомнено е дека интеракцијата на полицијата со граѓаните, активниот однос кон нив и кон заедницата преку интерес за безбедносните потреби и стравови на граѓаните, навременото информирање, јасните совети, односно посветеноста демонстрирана преку: ЗНАЕ, МОЖЕ И УМЕЕ, ќе бидат придонес кон заштита од виктимизација. Зајакнувањето на институционалниот капацитет и ефикасноста на Министерството за внатрешни работи во примената на принципите на демократското полициско работење,

значајно е условено од проактивниот пристап на полциисксите службеници кои вршат позорна дејност (т.н. firstlinepoliceofficers), кои треба да покажат разбирање и познавање за карактеристиките на средината каде што ја извршуваат дејноста (хомогена или хетерогена средина, познавање на карактеристиките на населението, односно да покажат разбирање за локалните проблеми).

Односот помеѓу граѓаните и полицијата може да се опише како крајно амбивалентен однос, кој секогаш се движи по тенката линија на прифатеност, неопходност или недоверба па дури и анимозитет кон полицијата кој често создава слика за два отуѓени субјекта со различни интереси, иако и граѓаните и полицијата имаат една заедничка цел, а тоа е создавање и одржување безбедна средина за живеење, каде што секој ќе може да ги остварува сите права гарантирани како со домашното така и со меѓународното законодавство.

## „COMMUNITY POLICING“ од теорија до практика

Концептот на полициско работење во заедницата својата операционализација ја добива преку проактивното полициско постапување и проблемски ориентираното полициско работење. „Врвот“ на полицискското работење во заедницата треба да биде развиен како концепт на полициско работење водено од разузнавање.

Прашањето на проактивност, може да се анализира од аспект:

- на детектирање на факторите на ризик, односно на средината што може да создаде, односно да поттикне криминално или асоцијално поведение;
- насочување кон проблемски ориентирано полициско работење, во насока на идентификување на проблемите што ја загрижуваат заедницата, создавање стратегии за решавање на проблемите;
- спречување казниви дела и навремено откривање на сторителите. Од проактивен аспект, секако дека полицијата е најефикасна кога ќе спречи извршување кривично дело, односно ќе дејствува пред да се случат последиците. Но никаде во светот не постои состојба на отсуство на криминал, па оттаму од полицијата не само што се очекува да го спречи извршувањето на кривичните дела, но и да ги открива сторителите на кривичните дела. За граѓаните е значајно да знаат дека полицијата е „заинтересирана“ за откривање на сторителите и дека се грижи за нивниот живот, имот и лична сигурност. На тој начин граѓаните ќе градат позитивна перцепција за полицијата како посветена организација на целите за кои и постои во општеството, да се редуцира

криминалот, виктимизацијата, загубата, стравот, на сметка на довербата во системот и институциите.

Проблемски ориентираното полициско работење воспоставува стандард за работа што бара вмрежување на сите битни субјекти во процесот на проактивно дејствување на полицијата. Решавањето на проблеми треба да обезбеди рамка за систематско проучување на проблемите и ефективно реагирање на истите од страна на полицијата.

Решавањето на проблеми и проблемски ориентираното полициско работење треба да биде основна стратегија за одговор. Всушност, концептот на полициското работење насочено кон решавање проблеми го трансформира концептот на „Полициско работење во заедницата“ од филозофија во оперативна практика што ја користат сите полициски службеници во полициската организација: превенција, позорна и патролна служба, сообраќајна полиција, одделите за крим-истраги. Ваквиот пристап подразбира проактивност, дефинирање на причините кои го предизвикале проблемот, дефинирање на суштинскиот проблем и ефектите кои настанале или претпоставуваме дека може да настанат. Во најширок опфат на дефинирање на проблемски ориентираното полициско работење значи да се оствари синтеза на интерактивен пристап на повеќе актери во препознавањето и решавањето конкретни безбедносни проблеми.

„Community policing“, односно „Полициско работење во заедницата“ како концепт на полициско работење и организација на работата на полицијата во Република Северна Македонија се развива повеќе од 15 години. Главните алатки за имплементација на концептот Полициско работење во заедницата, главно, се темели на двете воспоставени алатки советодавните групи на граѓани и локалните совети за превенција.

Информираноста на граѓаните за работата на полицијата, промените во полициското работење, планираните тематски средби со граѓаните за дебата и дискусија по битни прашања од областа на безбедноста, правата и обврските на граѓаните определени со закон, но и правата и обврските на полицијата како составен дел на заедницата, се главните атрибути на концептот на Полициското работење во заедницата.

Концептот Полициско работење во заедницата, бара активно учество на полицијата, локалната самоуправа, граѓаните, државните и стопанските лидери, НВО, училиштата, другите јавни институции и др.Локалните совети за превенција, значајно го овозможуваат ваквото

вмрежување на клучните субјекти во креирањето на безбедносните политики и стратегии.

Во практика локалните совети за превенција не се регулирани во националното законодавство. Во членот 25 од Законот за локална самоуправа, не е создадена законска обврска за задолжително формирање на локалните совети за превенција, но, препознаено е значењето на граѓаните во одлучувањето за прашања кои се од локално значење а како една од формите за нивно партиципирање се утврдуваат и граѓанските иницијативи, собирите на граѓани и референдумот.

И покрај отсуството на законската обврска за формирање на локалните совети за превенција, несомнено е значењето на локалните власти да ги препознаат истите како основна алатка за развивање на меѓуресорски/мултиагенциски пристап во градењето на безбедна средина за живеење.

Зошто локалните совети за превенција остануваат главна алатка за развој на концептот на Полициско работење во заедницата?

Операционализацијата на концептот во кој полициската работа е насочена кон заедницата и градење на партнерство со неа преку локалните совети за превенција, овозможува:

- зајакнување на полициската ефикасност (затоа што граѓаните ќе сакаат да соработуваат со полицијата, во смисла да разговараат, да споделуваат информации, да учествуваат во програмите и проектите што ги спроведува полицијата и слично);
- унапредување на безбедноста во заедницата (полицијата треба својата работа да ја адаптира на безбедносните потреби на локалната заедница);
- подигнување на квалитетот на живот во заедницата на повисоко ниво (редуцирање на чувството на страв од криминал во заедницата, зголемување на чувството на сигурност и безбедност и задоволството од полицијата);
- подигнување на повисоко ниво на сигурност кај полицијата при вршење на својата работа и зголемено ниво на задоволство од работата (доколку заедницата ја прифати полицијата како своја, истата ќе и укаже доверба и ќе ја доживува како своја).

Формално правната соработка бара цврсти врски на полицијата со другите компоненти на кривичноправниот систем (обвинителство, судство), центрите за социјална работа и здравствените институции.Соработката со училиштата, локалната самоуправа, спортските здруженија, граѓанските здруженија, Заводот за вработување

и верските организации е значајна особено во градењето на заеднички стратегии за решавање на одредени проблеми во заедницата.

**Наместо заклучок**

Од денешен аспект не може да се каже дека реформите во полицијата се завршени, пред сè, поради фактот што станува збор за процес, кој постојано бара промени, адаптирање и изнаоѓање решенија кои полициската организација ќе ја промовираат како сервис за граѓаните, но и како организација што ќе одговори на современите предизвици и современите појавни облици на криминал што бараат постојано усовршување на полициските служби. Иако визијата и стратегиските цели се јасно дефинирани, сепак, сè уште има многу прашања кои бараат соодветни решенија и адекватна имплементација во системот на реформи на полицијата.

Неоспорни се фактите дека:

- новиот модел на полициско работење почнува да станува препознатлив за средината, промовиран преку позорната дејност на полицијата и локалните совети за превенција;
- полицијата е финансирана од граѓаните како даночни обврзници и аналогно на тоа тие што ја „плаќаат“, секако, дека имаат право да бараат од неа да го даде максимумот за заштита на нивната безбедност, имаат право да ги истакнуваат стравовите и загриженоста во врска со настаните во нивното населено место, улицата во која живеат, како највисок приоритет за работа.

На сегашното ниво на општествена свест на овие простори (не само во Република Северна Македонија, туку и во земјите од регионот и од Југоисточна Европа)[11] сè уште постојат низа ограничувања што го отежнуваат процесот на реформи на полицијата во очекуваниот правец според стратегиските определби.Се чини дека стратегиските определби не кореспондираат со општествената средина и амбиент, а иако се воспоставени законски решенија тие не се имплементираат доследно.

[11]Ставот е заклучок од учеството и присуството на советувања и конференции на тема „Communitypolicing – lessonslearned“

Причините може да се побараат во:

- Историското искуство и традицијата кои не се во корелација со поставените стратегиски приоритети. Имено, полицијата најчесто не соработувала со граѓаните, постоел длабок јаз помеѓу двете страни, а сè уште може да се констатира дека таа е повеќе реактивна и дејствува по сторен настан;
- Недостатокот на доверба што е последица на недоволната посветеност на сите служби во полицијата кон соработка со граѓаните;
- Неподготвеноста на организацијата, за целосно прифаќање на новиот концепт на полициско работење и провлекувањето на старите вредности на полициско работење (да се вреднува полициската ефикасност со бројот на казнети граѓани, да се планираат обезбедувања и мерки без соодветна процена на ризикот и план за управување со ризикот);
- Состојбата со другите институции, затоа што новиот пристап на полициско работење особено го апострофира заедничкото работење на различни субјекти и институции во третирањето на проблемите во заедницата што ја загрозуваат безбедноста на граѓаните. Од тие причини реформите во полицијата треба да се анализираат во еден поширок контекст, како составен дел на реформите на сите субјекти во кривичноправниот систем, но и на институциите на системот воопшто (јавното обвинителство, судовите, центрите за социјални работи, органите на локалната самоуправа, образованието, инспекциските органи);
- Граѓаните сè уште не се подготвени да го прифатат податокот дека се одговорни за својата безбедност.

Наведеното упатува дека имплементацијата на овој процес нема да биде лесна и дека треба да се сфати како процес, како визија кон која треба да се тежнее. Имајќи ја предвид теоријата за системот на контрола, кој се заснова на теоријата за полициска култура, општ заклучок е дека полициската организација во Република Северна Македонија, пред сè, треба да изгради сопствена перцепција за нејзината улога во заедницата, за надлежностите и функциите што ќе ги извршува, како предуслов за дефинирање на моделот и приоритетите за контрола врз работата на полицијата.

Може да се истакне дека општите предуслови за имплементација на новиот концепт на полициска работа во заедницата (Communitypolicing) се: демократизација на општеството, поддршка на концептот и реформите на сите нивоа, деполитизација на полицијата, промени во организацијата, децентрализација, декриминализација на полицијата, односно нулта толеранција за секој припадник на полициската служба кој сторил кривично дело, а особено ако тоа е сторено при вршење на службата, унапредување на односот на полицијата со јавноста и контрола на полицијата.

ЖАКЛИНА ПРОСАРОСКА
Биро за јавна безбедност

**Јулија ПОПОВСКА АЛЕКСАНДРОВСКА**
**Помошник директор на Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа**
**БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ**

## ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ И АНАЛИЗА

Развојот на демократските процеси кои се темелат на фундаменталните вредности и заштитата на човековите праваи слободи, сами по себе претпочитаат унапредување и реформирање на методите и моделите на безбедносните системи чија крајна цел е одржување на безбедноста и ефикасноста во борбата за сузбивање на криминалот и другите безбедносни појави и настани. Во оваа насока, модерните полициски системи во себе сè повеќе го инкорпорираат проактивниот модел на дејствување во кој полициското работење е водено од информациите и се заснова на доказите, со тенденција за воспоставување на систем и методологија за рано предупредување, чија крајна цел е превенција, контрола и брз одговор во борбата за спречување на криминалот и надминување на сите безбедносни предизвици.

Поаѓајќи од наведената цел, во текот на 2014 година во рамките на Министерството за внатрешни работи беше извршена значајна реорганизација и промена на надлежноста на аналитичките служби во Бирото за јавна безбедност, додека реформските процеси беа насочени кон целосна имплементација на проактивниот модел на демократското полициско работење водено од информации. Во таа насока, дотогашниот Сектор за аналитика, истражување и документирање беше преименуван и преструктуиран како Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа, додека традиционалниот концепт за документирање и известување беше заменет со воспоставување на нов проактивен концепт за криминалистичко разузнавање и анализа.

Во таа насока, во рамките на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа структуирани се два сектора кои се составени од по две единици и тоа:

1. Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа, составен од Единица за криминалистичко разузнавање и анализа и Единица за прикриени човечки извори на информации; и

2. Сектор за стратешка анализа и извештаи, составен од Единица за стратешка анализа и Единица за статистичко истражување и документирање.

Во овие рамки, Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа континуирано презема мерки и активности за следење на безбедносните состојби на територијата на Република Северна Македонија, како и преземање на мерки при извршувањето на позначајните полициски работи и одржувањето на јавната безбедност.

Покрај следењето и детектирањето на безбедносните појави и настани, активностите на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа сè повеќе се насочени кон анализирање на настаните и состојбите по однос на областите на криминалот и следењето на трендовите и модусите на извршување на кривичните дела, со посебен акцент на областите на организиран и сериозен криминал, а како резултат на истите периодично и по потреба се подготвуваат аналитички продукти за анализа на ризик и процена на заканите, чија основна цел е идентификација на промените и раното детектирање на нови појавни облици на криминал.

Исто така, Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа подготвува статистички прегледи за следење на криминалитетот, протокот на патници, престојот на странци, илегалната миграција, сообраќајните незгоди и други, кои потоа се доставуваат до внатрешните корисници на Министерството за внатрешни работи, како и до надворешните корисници и институции. Официјалната статистика се користи и за научноистражувачки дејности а дел се објавува на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи.

Во зависност од видот и содржината на аналитичките продукти, при спроведувањето на фазите на разузнавачкиот циклус се применуваат различни аналитички методи и логички техники како што се компарација, индукција и дедукција. Притоа, покрај компаративната анализа, истата се врши и со спроведување на квантитативни и квалитативни истражувања, со што при обработката и анализата на податоците и информациите се вклучуваат што поголем број на параметри и фактори кои влијаат на појавата на криминалот, вклучително и состојбите од пошироката околина и опкружувањето.

Работните процеси преку кои се врши информирање на дневно, периодично и годишно ниво, вклучувајќи ги и процесите за изработка на другите аналитички и статистички продукти кои се подготвуваат во Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа, имаат основна цел да дадат придонес во благовременото детектирање и предочување на

безбедносните промени, ризици и закани од криминал, како превентивна мерка за зголемување на ефикасноста и успешното справување со предизвиците од областа на безбедноста.

Во интерес на наведеното, подготвените аналитички продукти и информации, благовремено се проследуваат до надлежните организациски единици и нивните раководители, преку воспоставените процеси за информирање, поради натамошно постапување на надлежните служби, односно концептуално планирање и насочување на активностите на полициските служби, како на стратешко, така и на оперативно и тактичко ниво.

Имено, криминалистичко-разузнавачки продукти кои се изработуваат во Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа се вградени како компонента на национален разузнавачки модел, како основен модел на дејствување во кој преку собирање и управување со информациите се овозможува донесување на одлуки за водење на полициското работење на начин со кој активностите на полицијата против криминалот, нарушувањето на безбедноста и јавниот ред и мир, ќе бидат насочени, адекватни, правовремено преземени и со соодветните мерки и активности.

Раководењето и насочувањето во националниот разузнавачки модел е стратешко и тактичко, а се остварува преку процесот на давање на задачи и координација како метод со кој одлуките за националните и регионалните приоритети во работењето влијаат на дневното насочување на работењето на полицијата на регионално и локално ниво.

Процесот на давање задачи и координација се реализира преку состаноци на групи за давање задачи и координација кои имаат за цел да донесат контролна стратегија во која ќе бидат утврдени приоритетите за разузнавање, превенција и спроведување. Во таа насока националниот разузнавачки модел се заснова на четири разузнавачки продукти и тоа: стратешка процена, тактичка процена, профил на субјект и профил на проблем.

Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа активно учествува во процесите за размена на статистички податоци и информации и дава поддршка при спроведувањето на криминалистичките обработки и истражувања, како на локално, така и на регионално и меѓународно ниво. Имено, Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа обезбедува податоци за пополнување на доставените прашалници и подготвува одговори по барањата од другите органи и институции кои се надлежни за спроведување на законските прописи, вклучувајќи ги и барањата од

други држави или меѓународни институции, како и корисниците на податоци и информации во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Особено се значајни и промените кои се направени во делот на процесите кои припаѓаат во стратешката анализа.Воведувањето на стратешкиот пристап, кој условува обработка на поголема количина на статистички податоци, информации и согледување на состојбите од поширок аспект, резултира со изработка на стратешки документи во кои се опфатени податоци од опкружувањето и пошироката околина. Вака изработените стратешки документи и други видови продукти, несомнено, претставуваат важен импут во процесите за систематско планирање и раното детектирање на ризиците и заканите, а истите се во прилог на унапредување на системот за рано предупредување и понатамошно развивање на проактивниот модел како предуслов за поголема ефикасност на безбедносниот систем.

Како позначајни, актуелни и тековни стратешки документи кои се изработуваат со учество на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа би ги издвоиле процесите за изработка на стратешките процени на Бирото за јавна безбедност, анализата на ризик во граничното работење, годишниот извештај на Министерството за внатрешни работи, изработката на извештаи за состојбите со криминалистичките истражувања и рангирањето на детектираните криминални групи, учеството во изработка на извештаите за процена на закани во рамките на Асоцијацијата на шефови на полициски служби на Југоисточна Европа (СЕПКА), активности за изработка на СОКТА, активностите за обезбедувањето на податоците за напредокот во врска со Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија, активностите за ажурирање на „Националната процена на ризиците од перење пари и финансирање тероризам“, како и активностите за воспоставување на контакт точка за оружје. Исто така, Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа учествува и во изработката на стратешките документи кои се поврзани со ажурирањето процената за стратегиското опкружување и безбедносните ризици на Министерството за одбрана, а за одбележување е и одржувањето на Првата регионална конференција на аналитичари, на која беа разменети искуства помеѓу аналитичарите во регионот.

Во рамки на капацитетите за следење на официјалната статистика, Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа остварува соработка со Државниот завод за статистика, редовно доставува статистички податоци за ЕУРОСТАТ, а, исто така, реализира

и активности во прибирање и доставување на податоци за статистички истражувања предвидени во програмите за статистички истражувања на Државниот завод за статистика.

Квантитетот и квалитетот на аналитичките и статистичките продукти, директно влијае на имплементацијата на проактивниот модел на демократското полициско работење, додека унапредувањето на аналитичките процеси и јакнењето на криминалистичко-разузнавачките капацитети претставува значаен сегмент за јакнење на системот за рано предупредување. Притоа, многу е важно да се има предвид дека квалитетот на аналитичките продукти, во голема мера зависи од изворот, количеството и начинот на доставување на податоците и информациите, поради што Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа, како централна организациска единица континуирано презема активности за унапредување на процесите за собирање, обработка и анализа на податоци на сите нивоа во Бирото за јавна безбедност, вклучувајќи ја и соработката со надворешните национални и меѓународни институции.

Почитувајќи ги стратешките документи и постојните акциски планови, Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа во рамките на своите надлежности и расположливи капацитети, континуирано презема мерки и иницира активности за унапредување на процедурите за собирање, следење и своевиден менаџмент и анализа на сите информации и статистички податоци, преку изнаоѓање на можните решенија за надминување на сите отворени прашања кои се поврзани со функционирањето на криминалистичко-разузнавачките и аналитичките служби. Во оваа смисла, Одделот презема мерки и активности за реализација на постојните акциски планови и спроведување на проектните активности, учествува во активностите на повеќе работни групи, конференции, работилници и семинари, а за наведената цел, истовремено, врши и координација на подрачните организациски единици кои се надлежни за регионално криминалистичко разузнавање и анализа, преку доставување на инструкции за постапување, одржување на работни состаноци, разменување на искуства, организација и спроведување на обуки за вработените и слично.

Меѓутоа, покрај заложбите за рационално искористување на постојните ресурси, многу е важно е да се има предвид дека функционалното зајакнување на стручните и оперативните капацитети од областа на криминалистичкото разузнавање и анализа и статистиката, претпочитаат постоење на современи и софистицирани методи и алатки за следење и соодветен менаџмент на информациите

кои се собираат од различни видови на извори, кое нешто само по себе говори и за потребата за подобрување на техничките услови за работа, особено надградбата на информациските системи и поголема IT–поддршка, вклучувајќи ја и набавката на новите софтверски решенија.

Следењето на знаењето на науката, како и наодите на високо-експертските истражувања и севкупната научна јавност, претставуваат еден вид на потхранувачки и олеснителен фактор во планирањето на процесите за понатамошно унапредување на процедурите, капацитетите, криминалистичко-разузнавачките и статистичките продукти.Во контекст на наведеното, Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа секогаш се залага за зајакнување на капацитетите преку соработка со меѓународни организации и партнерски полициски служби, како и унапредување на соработката со научната јавност.Придобивките од ова знаење, кое е доведено во корелација со практичното искуство, секогаш даваат позитивни резултати во постапувањата од оваа област.

ЈУЛИЈА ПОПОВСКА АЛЕКСАНДРОВСКА
Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа
Биро за јавна безбедност

**Габриела КОСКОСКА**
**Началник на Оддел за криминалистичко технички испитувања и вештачења**
**БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ**

# ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО ТЕХНИЧКИ ИСПИТУВАЊА И ВЕШТАЧЕЊА

Службата за криминалистичка техника, како дел од полицијата, е формирана уште од 1919-1920 година, со цел вршење истрага на место на настан, обезбедување и подигање материјални траги, нивна анализа и вештачење, како и преземање други криминалистичко-технички дејства.

Во првиот период од формирањето, постоеле само фотолабораторија и лабораторија за дактилоскопска идентификација чија надлежност, главно, била фотографирање на местото на настанот, на сторители и осомничени лица, како и земање отпечатоци од прсти на раце (дактилоскопски материјал).

Во шеесеттите години се формира графоскопска лабораторија која врши откривање на фалсификувани потписи, ракописи, печати како и идентификација на машини за пишување. Потоа почнуваат да се развиваат нови лаборатории - хемиска, физичка и биолошка, во кои, на почетокот, се изведувале само едноставни анализи од соодветната област. Со зголемување на обемот на работа, постојните лаборатории се модернизираат и опремуваат со современа инструментална техника, а воедно се формираат и други нови лаборатории.

Денеска, Службата за криминалистичка техника е организирана преку централни лаборатории кои функционираат како Оддел за криминалистичко-технички испитувања и вештачења во рамките на Бирото за јавна безбедност и подрачни организациски единици на криминалистичка техника при секторите за внатрешни работи, односно надворешните канцеларии за криминалистички работи во полициските станици.

***Мисија на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења***
е да обезбеди објективни и квалитетни резултати од испитувањата преку мултидисциплинарна примена на современи научно-технички методи кои ќе бидат прифатени од сите корисници на услуги.

***Визија на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења***
е да обезбеди акредитиранакриминалистичко-техничка служба, која ќе биде независна, неутрална, ефикасна, навремена и професионално оспособена, усогласена со барањата на истрагата и истовремено ќе ги исполнува стандардите на современа форензичка институција.

***Надлежности** на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења* -Областите на работа, кои во моментов ги покрива Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења, вклучуваат:

- биолошки испитувања и ДНК- идентификација на траги и лица;
- токсикологија и дроги;
- спорни документи;
- огнени оружја и балистика;
- микротраги;
- пожари, експлозии и експлозивни направи;
- механички траги и моторни возила;
- предизвикување траги од папиларни линии;
- криминалистичка регистрација на лица;
- криминалистичка идентификација на лица;
- дактилоскопија;
- полиграфски испитувања и фоторобот;
- фототехника, видеотехника, фотограметрија.

Во рамките на Одделот, функционираат и организациски единици одговорни за развој, криминалистичко-техничка поддршка, административни работи и логистика како и за контрола и управување со квалитет.

Основната дејност на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења е спроведување вештачења и анализи на предмети и траги обезбедени при вршење истражни дејства, во согласност со важечка законска регулатива и меѓународни стандарди и упатства, и тоа: Закон за внатрешни работи, Закон за полиција, Закон за кривична постапка, Закон за вештачења, Закон за класифицирани информации, Закон за заштита на лични податоци, Кривичен законик, Подзаконски и интерни акти на Министерството за внатрешни работи, Меѓународен стандард ISO 17025, Меѓународно упатство за работа на форензичка лабораторија ILACG19, Подзаконски акти на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

По потреба, работниците од Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења учествуваат во увиди на местото на настанот, како поддршка на подрачните организациски единици на криминалистичка техника, а исто така, може да учествуваат и во други дејства како што се документирање на настани, судски расправи, реконструкции и слично.

***Акредитација на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења*** - Одделот има воспоставено систем за управување со квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард МКС ENISO/IEC 17025:2006 со што е исполнета една од стратешките цели на Министерството и државата.

ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈ

Опсегот на акредитација вклучува методи од неколку лаборатории и тоа: ДНК-идентификација на траги, ДНК-идентификација на лица, наркотични дроги, спорни документи, огнени оружја и балистика, и предизвикување траги од папиларни линии.

Во моментов, Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења е во процес на транзиција на системот за квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард МКС ENISO/IEC 17025:2018

**Извештај на Европската комисија занапредокот на Република Македонија (објавен на 17.4.2018 година)**- Воточка 2.2.2. од Поглавје 24 (Правда, слобода и безбедност), има пасус кој сеоднесува на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења, кој во превод гласи:

„Одделот за криминалистичко-технички испитувања ивештачења се стекна со ИСО акредитација. Системот за квалитет,воспоставен во три лаборатории (за документи, за токсикологија идроги како и за биолошки испитувања и ДНК-идентификација) сегае во согласност со европските стандарди. Постои национална ДНК-база, а размената на ДНК-профили со други земји може да сеспроведува директно преку ИНТЕРПОЛ.Исто така, постои и база наподатоци за отпечатоци“.

**Членство во European Network of Forensic Science Institutes** - Во текот на 2015 година, после спроведен дводневен инспекциски надзор за проверка на критериумите за зачленување, Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења стана член на најреномираната европска асоцијација во областа на форензиката која во моментов брои вкупно 69 форензички лаборатории од 37 држави.

**Учество во меѓународни проекти** - Изминативе години Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења активно учествува во повеќе меѓународни проекти, а во моментов во фаза на имплементација се следниве:

- Твининг проект ИПА/2014/037-701 Понатамошно јакнење на капацитетите за истраги на местото на настанот“ кој има за цел стандардизација на активностите при спроведување увиди и подготовка на подрачните организациски единици на криминалистичка техника за воведување систем за квалитет во согласност со барањата на стандардот ИСО 17020;

- Проект ИПА 2012/2013 „Поддршка на секторот за правда, внатрешни работи и човекови права“, кој ќе опфати развој и примена на интероперабилни апликации за размена на информации помеѓу државните органи и институции;
- Акциско фише IPAII 2016 „Миграции и азил, гранично управување и борба против тероризам и организиран криминал“, чија цел е изградба на нов објект (форензички лаборатории) за потребите на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења;
- Проект ИПА 2014/341-116 „Борба против организиран криминал: Меѓународна соработка во кривичното право“, кој предвидува стандардизирање на лабораториските работни површини за изведување анализи во согласност со акредитирани процедури;
- Проект кој го води Комисијата за полициска соработка на Југоисточна Европа (PCCSEE) со цел поврзување на Министерството за внатрешни работи со sTesta системот преку кој ќе се овозможи автоматизирана размена на податоци на базите за ДНК, дактилоскопски податоци и податоци за идентификациски карактеристики на моторни возила.
- Учество во работата на Националното координативно тело за превенција и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни супстанции (ХБРН), кој ќе опфати воспоставување на потребни услови во форензичките лаборатории во Југоисточна Европа за одговор на инциденти од хемиско, биолошко, радиоактивно и нуклеарно потекло.

**<u>Стратешки план на Министерството за внатрешни работи 2019 -2021</u>**

Во рамките на Програмата „Развој на полицијата“, односно Потпрограмата „Јакнење на капацитетите на Бирото за јавна безбедност во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал“, предвиден е проект „Унапредување на службата за криминалистичка техника во согласност со стандардите на Европската Унија и акредитација на нови методи во Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења “

- Јакнење на форензичките капацитети - Изградба на зграда поради подобрување на капацитетите на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења;
- Акредитација - Одржување на системот на квалитет по стандард ISO/IEC 17025 и акредитирање на нови методи во Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења по стандард

ISO/IEC 17025 - Преземање мерки и активности поради исполнување на предусловите заакредитација по стандардот 17020 и 27001.

**<u>Стратегија за развој на полицијата 2016-2020</u>**

Во рамките на Стратешката цел 1. од овој документ „Зајакнување на капацитетот на полицијата за спречување и борба со криминалот преку користење на современи истражни методи“, предвидена е Конкретна цел1.1.„Зајакнување на форензичките капацитети на полицијата“, од која се очекуваат повеќе резултати за Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења и тоа:

- Зајакнување на просторните капацитети на Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења (изградба на комплетно нова зграда), со што ќе се обезбеди целосна акредитација на лабораториите според ISO/IEC17025;
- Децентрализација на основните форензички анализи или прелиминарна анализа во областа на латентни отпечатоци и механички траги;
- Реконструкција на четири регионални одделенија за криминалистичко-технички истраги на местото на настанот во Тетово, Штип, Битола и Струмица (ако е можно на сите), во согласност со ISO/IEC17020;
- Обезбедување нова опрема за Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења;
- Вработување на четири криминалисти во регионалните канцеларии;
- Набавка на софтвер за испитување и анализа и релевантниот хардвер за поддршка на постојните и новите барања за истражување.

ГАБРИЕЛА КОСКОСКА
Оддел за криминалистичко технички испитувања и вештачења
Биро за јавна безбедност

**Виолета ВЛАХОВИЌ**
**Помошник директор на Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси**
**БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ**

## ОДДЕЛ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во рамките на Бирото за јавна безбедност, како организациска единица на стратешко ниво, организациски е поставен и Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси кој врши стручни работи за потребите на Бирото за јавна безбедност во областа на Управување со човечките ресурси, правните и финансиските работи, заштитата на личните податоци и развојот на персоналот и застапеност на заедниците кој се грижи за еднаквост на половите.

Во делокругот на надлежности на овој Оддел е да ги врши работите што се однесуваат на:

- давање стручно мислење по однос на правни прашања во врска со работата на организациските единици на Бирото за јавна безбедност, секторите за внатрешни работи и регионалните центри за гранични работи;
- водење постапки за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на вработени во организациските единици на Бирото за јавна безбедност;
- иницирање измени во конкретни закони и подзаконски акти на Министерството;
- утврдување на потреба за вработување и распоредување на работници во Бирото за јавна безбедност;
- водење систем на персонална евиденција за работниците во Бирото за јавна безбедност;
- изготвување решенија за остварување на правата од работниот однос за вработените во Бирото за јавна безбедност;
- изготвување полициски легитимации и пропусници за работниците во Бирото за јавна безбедност;
- водење постапка за остварување на правата врз основа на пензиско, инвалидско и здравствено осигурување за вработените во Бирото за јавна безбедност;
- развивање на стратегија на обуки за стручно усовршување за работниците во Бирото за јавна безбедност;
- изготвување годишен план за обука на Бирото за јавна безбедност;

- вршење анализа и регрутирање на работниот потенцијал;
- грижа за застапеност на заедниците;
- планирање на кариерата на работниците во Бирото за јавна безбедност;
- изготвување профил на работните места за работниците во Бирото за јавна безбедност;
- изработување дизајн на WEB-портал и истиот континуирано го дополнува;
- учествување во донесување на одлуки поврзани со обработката на лични податоци, како и со остварувањето на правата на субјектите на личните податоци;
- следење на усогласеноста со законот и со прописите донесени врз основа на закон што се однесуваат на обработката на личните податоци, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- вршење надзор и контрола на заштитата и давањето на лични податоци од страна на организациските единици во Бирото за јавна безбедност;
- изготвување подбуџети за организациските единици во Бирото за јавна безбедност;
- вршење контрола на документацијата за исплата, обезбедување на соодветни евиденции;
- вршење подготовка на платата за вработените и
- вршење попис на средствата, обврските и побарувањата.

## ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

Во Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси се систематизирани два сектора и тоа: Сектор за правни работи и заштита на лични податоци и Сектор за управување со човечки ресурси и обуки.

Секторот за правни работи и заштита на лични податоци, организациски е поделен на: Одделение за правни работи и Одделение за заштита на лични податоци.

Секторот за управување со човечки ресурси и обуки организациски е поделен на: Одделение за управување со човечки ресурси, Одделение за обука и развој на персоналот и застапеност на заедниците и еднаквост на половите и Одделение за финансиски работи.




## СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Работниците од Секторот за правни работи и заштита на личните податоци, во согласност со утврдениот делокруг на надлежности, при извршувањето на работните задачи, секојдневно се исправени пред предизвикот да бидат запознаени со законските и подзаконските прописи од областа на внатрешните работи, кривичното законодавство, заштитата на личните податоци и друго.

Во таа смисла, работниците од овој Сектор редовно разменуваат мислења во врска со позитивното законодавство, се разгледуваат измените во истото, а во зависност од проблемите на кои се наидува во практиката, се предлагаат соодветни измени во правната регулатива.Развивањето на позитивна дискусија со цел надминување на одредени проблеми или неправилности е основна премиса од која тргнуваат работниците на овој Сектор, секогаш подготвени за изразување на своите ставови и мислења, но и почитување на туѓите.Резултатите во работењето неминовно се позитивни кога се работи во средина во која се чувствува позитивната енергија и желбата за постигнување на успех во работењето.

Со оглед дека во овој Сектор се изготвуваат решенијата за изрекување на соодветна дисциплинска мерка за сторено кршење на работниот ред и дисциплина за работниците од Бирото за јавна безбедност, работниците ги применуваат одредбите од Законот за внатрешни работи и Колективниот договор на Министерството за внатрешните работи за дисциплинска одговорност.Честопати, при примената на оваа правна регулатива, се воочуваат одредени недоречености, па работниците од овој Сектор иницираат измена на истата и активно се вклучуваат во подготвување на одредбите за изменување со цел подготвување на правен акт кој ќе биде применлив во практиката.

Една од главните карактеристики на работниот процес кој се одвива во овој Сектор е остварување на секојдневна успешна соработка со други организациски единици од Министерството за внатрешни работи и други органи на државната управа, судови, јавни обвинителства и други.

Работници од овој Сектор, како претставници, учествуваат во водење на кривични постапки пред надлежни судови.Вклученоста на работниците во кривичните процеси пред судовите самото по себе наметнува обврска истите да се запознаени со кривичноправното законодавство во земјата и активно се вклучуваат во процесите на негово изменување или дополнување.

Во однос на заштитата на личните податоци, можеме да се пофалиме дека активно сме вклучени во проекти, трибини, работилници кои се организирани од Дирекцијата за заштита на личните податоци.Исто така, сме вклучени во подготвување на новиот Закон за заштита на личните податоци во кој се транспонирани сите директиви и препораки од европското законодавство кое се однесува на оваа материја.

Со цел да се биде во тек со новините во домашното, но и европското законодавство, работниците во Секторот задолжително се вклучени во процесите на обука од оваа област.

Со оглед дека правото е „жива“ материја и постојано се менува, Секторот за правни работи и заштита на лични податоци и во иднина ќе ги следи сите новини во правната регулатива и ќе даде придонес во процесот на подготвување на применливи закони и подзаконски прописи преку учество на стручни расправи, трибини, работни групи и слично.

## СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ОБУКИ

Управувањето со човечки ресурси е процес на управување со луѓе во организацијата на структуриран и темелен начин.

Секторот за управување со човечки ресурси и обуки работи на областите на:

- Екипирање - објавува и спроведува постапки по интерни огласи за работни места во Бирото за јавна безбедност;
- врши распоредувања и унапредувања на работници во Бирото за јавна безбедност во согласност со Законот;
- утврдува и управува со плати и надоместоци од прекувремена работа;
- управува со ефектот на работниците;
- работи поврзани со остварување на правата врз основа на пензиско, инвалидско и здравствено осигурување на работниците во Бирото за јавна безбедност;
- стручна и административна поддршка при прием на кандидати за полицајци по објавен јавен оглас,
- врши анализи за потреби од обуки и стручно усовршување на работниците од Бирото за јавна безбедност и води евиденција за истото, и
- врши други работи од областа на управувањето со човечки ресурси.

Функцијата на управување со човечки ресурси освен активностите за планирање на човечки ресурси, исто така, вклучува и управување со пристапот кон бенефициите и надоместоците на вработените, евиденцијата на вработените и кадровските политики.Човечките ресурси се фокусираат на максимирање на продуктивноста на вработените, како и за спроведување на процесите во Министерството.

Вработените во Секторот за управување со човечки ресурси и обуки активно учествуваат во работни групи за подготвување на подзаконски акти, стратегии и стратешки планови на Министерството за внатрешни работи.

Воедно, претставнички од овој Сектор се назначени за координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за внатрешни работи, во согласност со Законот за еднакви можности. Истите се одговорни за спроведување на должностите во надлежност на Министерството за воспоставување на еднакви можности што значи промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој. Даваат мислења и предлози за промовирање и унапредување на еднаквите можности во рамките на надлежностите на Министерството за внатрешни работи и во исполнувањето на своите задачи се координираат и соработуваат со Министерството за труд и социјална политика.

ВИОЛЕТА ВЛАХОВИЌ
Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси
Биро за јавна безбедност